СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Педесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 12 април 1993 година

Скопје, април 1993 година

## СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД 59-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 12. АПРИЛ 1993 ГОДИНА


Дневен ред стр. 4, 5
Точка 1 – Доверба на Владата

1. АНДОВ СТОЈАН – стр.6
2. АРООВ ДРАГИ -16,19
3. АНАСТАСОВСКИ МИТКО – 54, 62 ,64, 66
4. АБДИ ФАИК - 91, 96, 180
5. АРСОВСКИ БРАНКО - 128
6. АЛИУ ЕШТРЕФ - 213
7. БОШКОВ J0ОРДАН - 215
8. ГОШЕВ ПЕТАР - 133, 137
9. ЃЕОРЃИЕВСКИ ЉУПЧО - 22, 37
10. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 72, 156
11. ДИМОВСКА ДОСТА - 74, 77, 84, 207, 208
12. ДММЕТРОВА РАТКА - 205, 208, 210
13. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР - 66, 68, 83
14. ГРОЗДАНОВСКИ ДРАГИ - 222, 223, 225
15. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 188
16. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ - 48
17.КРСТЕВСКИ НИКОЛА - 131, 219
18. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ - 213
19. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 178
20. НИКОЛОВСКИ ДУШАН - 105
21. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 65, 142, 147
22. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 88, 121, 127
23. ПАУНОВ ТОДОСИЈА - 129
24. СПИРОВСКК ИГОР -секретар на Собрание на РМ (прозивка) 217, 221
25. СПИРОВСКИ СПИРКО – 160, 165
26. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 107, 113, 158
27. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 59, 159, 179, 221
28. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 167, 173, 210
29. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 207, 211, 212
30. ТРАЈКОВОКИ ПЕТАР - 84, 88
31. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 181
32. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ - 2
33. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 51, 73, 74
34. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈ - 126
35. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО - 197


крај на седницата

## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од 59-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 април 1993 година

Седницата се одржа во сала 1 со почеток во 16,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам 59-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Александар Гештаковски, Ристо Стаменов, Душко Ѓорѓески и Јован Манчевски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува

За седницата поканети се претседателот на Република Македонија Киро Глигоров, претседателот, потпретседателите и членовите на Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесат законот за наследување на членството во меѓународниот монетарен фонд од страна на Република Македонија и Законот за правното наследство на Република Македонија на членството за меѓународната банка за обнова и развој меѓународната корпорација, меѓународното здружение за развој и мултератералната агенција за инвестирање и за ефектуирање на членството на Република Македонија во европската заедница за обнова и развој.

Тестовите на законите Ви се доставени.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување на овие закони.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитувани пратеници, одборот на извршните директори на меѓународниот монетарен фонд, уште на 14.12.1992 година расправајќи околу проблематиката врзана со наследувањето на бившата СФРЈ во Фондот донесе одлука бившата СФРЈ да ја избрише од членството на Фондот и да им предложи на земјите наследнички да се изјаснат дали се согласуваат со предлогот на фондот да го продолжат своето членство во Фондот од времето кога фондот е основан, значи од 1944 година Притоа Одборот на извршните директори изврши и распределба на сите права и обврски на Фондот од страна на земјите членки наследнички на бивша Југославија, при што на Македонија и припадна 5,4 од вкупните права и обврски. За оваа своја одлука Република Македонија беше на време информирана и со истиот акт фондот утврди дека земјите наследнички имаат право за својата одлука да се изјаснат најдоцна до 14.06.1993 година. Доколку тоа не го направат со свој акт, со закон престанува важењето на предлогот на Одборот и понатаму може само да дојде на ред постапка за повторно зачленување во фондот, постапка која од искуството на фондот трае подолго време и се бара повеќе услови за исполнување.

Предлогот, овие закони да се донесат по итна постапка до Собранието е испратено уште на почетокот февруари до Собранието на Македонија. Бидејќи од тогаш до денес овие закони не се поставени на дневен ред, Владата моли тоа на денешна седница да биде направено да се прифати предлогот по итна постапка да се донесат двата закона, со цел да остане време до 14.06.1993 година да се извршат и сите други

подготвителни и други административни работи, Македонија да почне да комуницира, редовно, легално со меѓународни финансиски организации.

Сакам да подвлечам дека зачленувањето во меѓународниот монетарен фонд е услов и формален, и во практиката е така за зачленување во сите други финансиски организации, иако обврските за уплата на квотите предвидени за земјите членки наследнички на бивша Југославија не се големи, зачленувањето во фондот е од огромно значење за воспоставување контакти и комуницирање со сите други меѓународни финансиски организации.

Во вториот закон кој ви е на дневен ред за зачленување во светската банка и нејзините афилијации три и Европската банка, прифатени се исто така оние решенија кои се предложени од Фондот. Практика досегашна е се што прифаќа фондот, се што одлучува Фондот за односот со земјите членки го прифаќаат автоматски и другите финансиски организации, во конкретниот случај светската банка и европската банка

Притоа, можам да информирам дека и Одборот на гувернерите на светската банка би прифатил исто така истите критериуми и истиот клуч за распределба на правата и обврските, како и меѓународниот монетарен фонд. Сакам исто така да ве информирам дека другите земји членки кои претендираат да го прифатат наследувањето во членството, како што е Словенија и Хрватска веќе ги има донесено наведените закони. Законите се кратки по текст, едноставни, договорени со експерти од наведените институции и мислиме дека нема пречки во интерес на држава Македонија што побрзо Собранието на Македонија и Фондот да бидат информира дека е донесен закон. Исто така, сакам, кога веќе сум тука, да подвлечам дека е неопходно да се донесе закон затоа што, доколку би оделе, според одредбата од Уставот кога така би се толкувала дека со одлука се врши зачленување во фондот, би биле единствена земја членка на

меѓународниот монетарен фонд која со закон не се изјаснила за својата одлука да биде наследник во членството во меѓународниот монетарен фонд. Имајќи ги предвид овие околности, молам овие точки да имаат предност и да бидат прва и втора за да може понатаму да тече комуникацијата со овие многу важни финансиски организации.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за предлогот на Владата овие закони да се донесат по итна постапка, молам да крене рака. (71)

Дали е некој против? (1).

Дали некој се воздржува од гласање? (5).

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Владата.

Со оглед на карактерот на прашањата што се предлагаат да се разгледуваат на оваа седница предлагам дневниот ред да не се дополнува со други точки.

Кој е за предлогот молам да крене рака. (70).

Дали е некој против? (2).

Дали некој се воздржува од гласање? (6).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1. Прашања за доверба на Владата на Република Македонија.

2. Интерпелација за работата на членот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи д-р Љубомир Фрчковски.

3. Интерпелација за работата на членот на Владата на Република Македонија и министер за градежништво, сообраќај и екологија Антони Пешев.

4. Предлог на закон за наследување во членството во меѓународниот монетарен фонд од страна на Република Македонија.

5. Предлог на закон за правното наследство на Република Македонија на членството во меѓународната банка за обнова и развој, меѓународната финансиска корпорација, меѓународното здружение за развој и мултилатералната агенција за гарантирање на инвестициите и за ефектуирање на членството на Република Македонија во европската банка за обнова и развој.

6. Именување на заменици министри.

7. Предлог на одлука за именување директор на Царинската инклава.

Кој е за предложениот дневен ред молам да крене рака.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, познато е дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ поднесе барање за поставување на дневен ред точка под наслов за доверба на Владата. Нормално е дека кога се поставува такво сериозно прашање, тоа прашање треба да биде единствена точка на дневниот ред на 59-та седница. Од тие соображенија поднесувам конкретен предлог како единствена точка на 59-та седница да биде прашањето што е поставено од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, а тоа е прашањето за доверба на Владата. Како што нам ни е познато во ниеден Парламент кога се поставува прашање за доверба на Владата нема друга точка на дневниот ред, освен тоа единствено прашање. Сакам да укажам и на една друга околност, зошто не почна седницата во закажаниот време во 10,00 часот, од едноставна причина дека тоа е по барање на пратеничката група на ПДП и НДП, за што има и писмен доказ што го имаат пратениците и поради работата на комисиите. Тука сакам да нагласам кога се поставува така сериозно прашање разводнување настанува во оној момент кога комисиите заседаваат и расправаат по други прашања кои што

немаат врска токму со прашањето кое што требаше да биде основна точка на дневниот ред, а тоа е прашањето за доверба на Владата. Посебно сакам да нагласам дека прашањето за доверба на Владата се поставува во онаа конотација спротивна што ја имавме кога овој ист парламент расправаше за прашање за доверба на Владата на господинот Никола Кљусев. Тоа беше единствена точка на дневен ред, се знаеше дека Владата ќе се сруши и немаше потреба од никакви дополнителни точки. Денеска има една сигурност кај предлагачите на дневниот ред дека чисто формално се поставува ова прашање, па ќе преминеме и на други точки, што сметам дека е несериозен пристап. Кога реков дека е несериозен пристап поаѓам од фактот, бидејќи прашањето на доверба на Владата е прашање на гласање да или не. И ако таа влада, мислам предлагачот на дневниот ред смета дека Владата може да се поистовети, односно за мене се девалвира, бидејќи на истата оваа 59-та седница исто така имаме избор на одредени функции во Собранието. Значи Владата за мене се сведува токму на тоа ниво, значи една безначајност е што ќе расправа Парламентот за доверба на Владата и кога имаме точка токму за избор токму под едни точки. Оттука барам како пратеничка група, подносител на предлогот точката за доверба на Владата да биде единствена на 59-та седница на Собраните а другите точки да бидат како точки на дневен ред за некоја друга седница. Барам да се гласа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам за едно појаснување. Може да се договориме и така да расправаме само за прашањето за доверба на Владата, а денес ние да закажеме седница 60-та седница за утре во 10,00 часот со сите аргументи кои господинот Хајредини ги изнесе. Така да не правиме сега расправа по тие прашања и предлагам предлогот на господинот Стефковски да го усвоиме.

Кој е за предлогот на дневниот ред да ја имаме сега само точката за прашањето за доверба на Владата?

(Пратениците бараат еднаминутна консултација) .

Молам, кој е за предлогот на оваа седница да имаме само едно прашање за расправа и тоа прашање за доверба на Владата на Република Македонија нека крене рака. (81).

Дали е некој против? (3).

Дали некој се воздржува од гласање? (8).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Минуваме на **точката 1** - Прашање за доверба на Владата на Република Македонија.

Согласно член 92 став 3 од Уставот на Република Македонија прашање за доверба на Владата поставија 25 пратеници од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ која ви е доставена. Одлуката за изгласување на доверба на Владата се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, според член 34 од привремениот деловник на Собранието Гласањето за избор на Владата е јавно, па според тоа гласањето за недоверба на Владата исто така е јавно. Согласно член 92 став 4 од Уставот на Република Македонија гласањето за доверба на Владата се врши по истото на 3 дена од поставувањето на поставувањето на прашање за доверба. Поради ова, со оглед на тоа што вчерашниот ден недела, е неработен ден, Собранието ќе го изврши гласањето за недоверба на Владата по истекот на денешниот ден, односно веднаш по 24 часот. Ви укажувам ако нема доволно пријавени учесници за расправа сите пратеници ги молам да бидат сепак тука во зградата за да можеме точно ко ќе се гласа да бидеме тука. Пред гласањето, по излагањето на ставовите и мислењата на пратениците што го поставија прашањето за доверба другите пратеници и претставниците на пратеничките групи во 23,45 часот на Собранието ќе му се обрати претседателот на Владата за да го изнесе

својот став по прашањето за доверба. Од овие причини ве молам да бидете пократки во своите излагања. Го молам еден од пратениците што го поставија прашањето за доверба да го изнесе ставот.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, користејќи ја уставната можност од членот 92 од Уставот на Република Македонија пратеничката група, односно нејзини 25 пратеници поднесоа барање за поставување на прашањето за доверба на Владата на Република Македонија. Користејќи ја таа можност ќе дадам поопширно образложение на поднесеното барање, не само она што е содржано во предлогот, туку и со нови сознанија. Според оценките на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ во текот на досегашната работа на Владата на Република Македонија не само што не ги извршила потребните мерки и активности со кои се дефинира нејзината уставна функција на извршен орган на Собранието на Република Македонија, туку во голем дел ги пречекорува своите права спротивно на Уставот и на законите на Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ**: (продолжение)

Покрај тоа, Владата на Република Македонија не понуди ефикасни решенија за излез од економската и политичката криза, не понуди законски решенија за трансформација и реструктуирање на економско- политичкиот систем, туку понуди решенија што значат конзервирање на договорната економија.

Јас би го замолил претседателот да го користи ѕвончето за тишина за да се сослушаме.

Наспроти најавената демократизација во мандатниот период на Владата се поприсутно е кршењето на човековите права на граѓаните и употреба на најразлични репресивни мерки што претставуваат најгруба блокада на демократските процеси во Македонија.

1. Во поглед на надворешната политика Владата на Република Македонија не понуди решенија што ќе доведат до пошироко меѓународно признавање на Република Македонија, а до друга страна наспроти уставните овластувања на Собранието на Република Македонија кое е единствено овластено да донесува одлуки за прием на Република Македонија во меѓународни организации, прифати решенија што се во спротивност со Уставот.

Владата, без согласност на Собранието го прифати приемот на Република Македонија во членството на ОН со името бивша југословенска Република Македонија и даде согласност за неистакнување на државното знаме на Република Македонија во ОН, државното знаме што исто така е изгласано од Собранието на Република Македонија.

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ оценува дека ваквите самоволни одлуки на Владата доведоа до катастрофални последици врз честа и достоинството на македонскиот народ и неговите национални државни интереси до бришење на националниот идентитет и самобитноста на македонскиот народ и негирање на неговото право на национално

самоопределување и создавање на суверена и независна држава.

2. Неефикасноста на Владата на Република Македонија во досегашниот мандатен период, меѓу другото, се огледува во следното: извршување на историска кражба на девизните влогови на граѓаните; ерозија и кражба на општествениот капитал и неговото незаконско прелевање во приватни раце; грабеж на општествениот капитал со неплаќање на даноци и придонеси или со издавање на интерни акции и учество; кражба на општествениот капитал и на девизните влогови на граѓаните токму е засновано врз законите кои се во сила, односно се последица на системските закони и законите што ги предлага Владата односно истите тие на таков начин се со закон промовирани и дозволени; висок пад на животниот стандард на граѓаните и нараснати социјални тензии, штрајкови и протести и демонстрации; неадекватна и неселективна буџетска потрошувачка; неадекватна кредитно- монетарна политика која е во функција на зголемување на инфлацијата.

Јас уште еднаш ќе замолам да се опоменат пратениците од левото крило во првите клупи за тишина.

Неадекватна кредитно- монетарна политика која е во функција на зголемување на инфлацијата; непостоење на тековна и развојна економска политика; непостоење на соодветна политика за регулирање на економските односи со странство; недонесување на системски закони за дооформување односно формирање на правниот и економскиот систем на Република Македонија; донесување на мерки и предлагање на козметички промени на старите закони од непостојната Југославија кои водат кон натамошно централизирање на управувањето, не одделување на политиката од економијата.

3. Владата на Република Македонија социјалните немири и другите незадоволства на работниците и граѓаните ги решава со непочитување и кршење на законот или нивната суспензија; со одземање на уставните права на работниците на протест, штрајк и личен доход; со репресија и

употреба на сила; неможност за редовна исплата на пензиите на 180 иљади пензионери во Република Македонија; како резултат на неефикасната, бавна и несоодветна економска политика личните доходи се намалени за една третина во однос на мината година 20 иљади стечајни работници и принудни годишнодморци добиваат социјален надоместок; секој петти вработен прима минимален загарантиран личен доход; 40 иљади работници примаат плата со задоцнување од еден и повеќе месеци; нема никаква надеж за вработување на армијата од 180 иљади невработени граѓани чиј број постојано се зголемува и сл.

4. Во изминатиов период на работење на Владата карактеристични беа случаите со пречекорувањето на законските овластувања на Министерството за внатрешни работи и интервенцијата на полицијата во селата Куклиш, Радовиш, Радолиште, Бит Пазар, Горче Петров и од друга страна придонесоа за дестабилизација на политичката ситуација во државата, за суспендирање на демократијата со утврдените законски постапки на Владата во случаите на прислушкување на политичките партии, посебно на партијата на ВМРО-ДПМНЕ и формирањето на паравоени формации.

Исто така, МВР и Министерството за урбанизам,сообраќај, екологија на драстичен начин го кршат Уставот и законите во Република Македонија во спроведувањето на репресивните мерки на граѓаните во населбата Горче Петров врз основа на незаконски одлуки на Владата, а од друга страна предложените и донесени закони во Собранието на Македонија се повеќе се оценуваат како спротивни на Уставот од страна на Уставниот суд на Република Македонија.

Поради горните причини, Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ смета дека Владата на Република Македонија станува генератор на политичката и економска дестабилизација на Република Македонија и основ: пречка за воведување на пазарните законитости, за развој на демократските процеси

и натамошно наголемување на појавите на грабеж на општествениот капитал, на пораст на државниот криминал, мито и корупција во Република Македонија.

А сега, посебно за местото и улогата на Владата во откривањето, спречувањето и сузбивањето на ерозијата и кражбата на општествениот и државниот капитал.

Кај нас постојат повеќе видови на кражби. Но, јас ќе се задржам само на кражбата на општествениот и државниот капитал.

Познато е дека во нашава Република е доминантен општествениот и државниот капитал, па и акционерскиот капитал по законите на Анте Марковиќ.

За заштита на тој капитал се формирани институции како што се:

1. СОК.
2. Министерство за внатрешни работи.
3. Органи на управата.
4. Банки.
5. Средства за информирање.

Тие институции, преку контролата и информациите треба да обезбедат заштита на тој капитал, односно да ја спречат неговата ерозија и кражба.

Владата врши контрола и увид во работењето на овие институции. Според тоа, ги имаме сите институционални претпоставки за контрола и заштита на општествениот и државниот капитал.

Од друга страна не достасуваат ни законите за заштита на тој капитал. Значи, имаме се, и Влада и институции и закон, но полека, но сигурно немаме општествен и државен капитал.

Зошто?

Затоа што тој е украден.

Понатаму, за да има кражба, мора да има и крадец.

Дали имаме крадец? Го поставувам ова прашање на себе, вам пратеници, на народот кој е крадецот?

И, замислете ја нашата стварност, имаме чувари на имотот а имотот е украден, а крадецот го нема! Старите велат "ако баничката ја нема, тепсијата стои".

Значи, Владата, заедно со институциите на извршната влас треба да одговори на следните прашања: дали има кражба и ерозија на општествениот и приватниот капитал? Таа, преку своите информации одговори дека има. Тогаш останува Владата да даде одговор кој е крадецот? На ова суштинско прашање Владата и институциите немаат одговор. А, зошто немаат одговор? Затоа што таа и институциите дирек или индиректно учествуваат во таа невидена ерозија и кражба на општествениот и државниот капитал.

Сигурно, господа пратеници, ќе барате тоа да го аргументирам.

1. Легална кражба!

Со законот за општествениот капитал, читај -Марковиќ, преку потценување на капиталот преку флизирање на годишните сметки огромен општествен капитал отиде во рацете на луѓе кои до тогаш и сега се на власт во претпријатијата и установите.

Оваа кражба, понатаму, продолжи преку разни ревалоризации на тој акционерски капитал, преку дивиденди итн.

Контролата на таквите активности требаше да ја изврши Владата и СОК. Меѓутоа, со овие контроли, што се случи? Извештаите покажаа дека капиталот го нема, но нема ни крадец. Карактеристични се во тој поглед случаите во"Силекс"/ во "Макпетрол", "Македонијатабак", "Југотутун" , "ОХИС", "Отекс" итн. За овие грабежи најрепрезентативен е примерот на "Силекс".

Според нашите согледувања, "Силекс" како природно богатство на Македонија е купен за 500 илјади германски марки, а вреди сигурно повеќе од 50 милиони германски марки. Таму се отидени многу девизни штедни

влогови на граѓаните. Но, сега директорот не знае што да прави со тоа огромно богатство, купува хотели, формира банки и ноќни клубови на синот и друго.

И, се би било во ред ако ова не го знае Владата и конкретните институции. Но, за жал, во ова претпријатие е извршена контрола од СОК, исто и од другите контролни органи и не се констатирани никакви неправилности.

Пак за жал, Владата и СОК извршија контрола скоро кај сите претпријатија. Тоа може да се види од извештаите на Владата и СОК, но не се констатирани никакви неправилности, односно се констатирани формално и незначителни неправилности.

2. Грабеж преку прикривање на негативни финансиски резултати.

Многу претпријатија во Македонија, посебно во овие услови реално работат со загуби и на тој начин вршат ерозија на општествениот имот. Но, за жал, директорите на овие фирми, за да се покажат успешни а сите се членови на СДС, Социјалистичката партија и Реформските сили може ова да го потврдат и овде во Парламентот, ги прикриваат овие резултати и со благослов на СОК и другите контролни органи на системот

Ние како партија предлагаме измени на законот за сметководство. Сакавме тоа да го спречиме, но тој закон не беше прифатен од Владата.

3. Грабеж на општествениот имот преку формирање на приватни претпријатија на функционери и директори на општествени фирми.

Најголем број директори на општествени фирми и функционери имаат не директно, туку преку роднини или учество во приватни фирми преку кои се врши директна кражба на општествениот имот. Вие денес не можете ништо да купите ако како посредник помеѓу општествени фирми и потрошувачот не се јави приватна фирма. Такви примери ќе сретнете кај

сите претпријатија. Покарактеристични се "Македонија-табак", "Силекс", "Годел", "Макпетрол" ,"Профако" и сл. Во^овој случај Владата и контролните институции не сторија ништо.

4. Грабеж преку неплаќање на даноци и придонеси на државата.

Проблемот на неплаќање на даноци и придонеси на државата е централен проблем, бидејќи тоа е масовна појава и кај општествените и кај приватните претпријатија што директно доведе до раслојување на општеството на богати и соромашни, преку грабеж и осиромашување на државата. За тој невиден грабеж постојат законски предуслови на кок нашата партија реагираше преку барање за измена на Законот за сметководство и огромна неефикасност на Владата и нејзините институции. Според нашите податоци за минатата година преку неплаќање на даноци и придонеси од државата се украдени пари во износ од 500 милиони германски марки , што претставува еден републички буџет. Тие пари се отидени во приватни раце и потрошувачка.

Дали за овие неправилности е крив народот и Парламентот, господа пратеници?

Не! Владата и нејзините институции. Како аргументи за ова ќе ги наведам следните претпријатија: "Унипроком", "Профако"., "Бујото", "Дал Фуфо", "Ултра". Замислете еден "УНипроком", фирма зад која стојат функционери а и Владата преку неплаќање на даноци и придонеси како и узурпација на општествениот капитал, има капитал преку 30 милиони германски марки и се покажа како паша во Македонија

5. Давањето на општествениот имот под закуп.

Сведоци сме на давање на огромен општествен простор под закуп . Преку оваа форма се врши голема ерозија на тој имот преку давање на ниски закупнини и примање на мито. Чест е случајот просторот да се дава на огласи и да се дава на закупец со далеку пониски цени од другите

закупувачи. Разликата помеѓу реалната и ниската закупнина влегува во џебот на давателот на просторот. Во Скопје такви случаи има: "Просветно - дело" "Комуналец", "Славија", "Центро" , "Македонска книга" и други претпријатија.

6. Мито за обични услуги.

Денес, граѓанинот во Македонија мора да плати мито за секоја услуга во државните и судски органи. Според тоа, господа пратеници, ако во овие судбоносни моменти за опстанок и преживување на нашата држава имаме Влада која е директен или индиректен учесник во сите овие неправилности што го загрозуваат опстанокот на истата, дали треба да имаме доверба во истата.

Ако остане оваа Влада и ако изгласаме доверба, во тој случај сите кои ќе гласаат за нејзината доверба се директни учесници во тој невиден грабеж во нашата татковина.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господин Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Дозволете ми да укажам на некои причини што групата пратеници од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ја наведе да го постави прашањето на доверба на Владата на Република Македонија и притоа да истакнам дека постои општо незадоволство што подолго време постои спрема актуелната извршна власт и нејзината неуспешана политика која ги изневери досегашните очекувања, резултати што се од општ интерес на нашата држава.

Овде, во ова Собрание не еднаш укажувавме дека Владата на Република Македонија не ги оправда своите цели што самата ги постави, ниту пак успешно ги постави и ги изврши со Уставот и со законот утврдените права и обврски.

Напротив, бројни се примерите за пречекорување на овластувањата и правата што ги има како извршен орган на власта, со што предизвика општ револт и незадоволство во Република Македонија.

Не би сакал да ве потсетувам дека секоја оставка, па и оваа, претставува длабок морален чин за кој треба да одлучи самата Влада. Меѓутоа, ако оваа Влада не е во состојба тоа самата да го стори во овој момент, тогаш нам ни останува тоа да го сториме, бидејќи и поинаку не може да се постапи, да побараме оваа Влада конечно да замине од македонската политичка сцена, со цел да се запре влошувањето на и онака влошената состојба во Републиката, како на внатрешен така : на надворешен план.

Очигледно е дека оваа Влада до сега не успеа да изнајде поефикасни решенија за надминување на постојната криза. А, катастрофалните последици од ден на ден се посилно ја потресуваат Македонија. Голема е нејзината одговорност во однос на сето она што се случува на меѓународен план. За некои прашања од оваа сфера би сакал нешто повеќе да кажам и на тие моменти подолго ќе се задржам.

Имено, сметаме дека оваа Влада ја сноси вината за до сега необезбеденото пошироко меѓународно признавање на Македонија, како и за концесиите што ги прави, кои можат да предизвикаат големи и непредвидливи штети наспроти општите интереси на Македонија.

Точно е тоа дека во севкупната историја на развојот и меѓународната положба на еден народ не може да биде поважен еден настан од признавањето на неговата самостојност и сувереност, како и неговиот прием во светската организација на народите и независните држави, каква што е ООН. Таквиот момент деновиве го доживеа и Македонија.

За вредноста на постигнатото не би сакал сега да давам оценка бидејќи најдобра оценка ќе даде времето. Меѓутоа, крајно би било неискрено ако во ова време и на ова место не проговориме и за поинаквите реакции кај граѓаните и јавноста во Македонија и притоа не ги регистрираме и оние оценки според кои се укажува дека не постојат причини за некој посебен триумфализам, бидејќи Македонија дури допрва треба да ја очекува битката за решавање на прашањата сврзани со нејзиното вистинско име, со нејзиниот вистински суверените и прашањето на нејзината самостојност.

Според тоа, сеуште е замрачена токму таа највисока цел што ја посакува секое народно битие од моментот кога во својот развој ќе го постигне степенот на посебна национална политичка и културна самосвест.

Не треба да бидеме слепи дека зачленувањето на Македонија истовремено предизвикува и тага, бидејќи највозвишените цели на македонскиот народ и граѓаните на Македонија се остваруваат под друго име бивша југословенска Република Македонија. Ако ова име кое за нас не претставува радост, не само таму, во ОН, туку и овде во срцата на луѓето во Македонија, тогаш постојат сериозни причини да се запрашаме за нашата стварност какви се резултатите од таа стварност и од таквата наша надворешна политика?

**ДРАГИ АРСОВ**: (Продолжение)

Лично сметам дека ниту една држава не е доведена во една таква состојба, како што е доведена Македонија до тој степен за да го промени своето сопствено име, односно да биде тоа што одамна престанала да биде бибша југословенска Република Македонија.

Очигледно е дека од сон се буди бившото угословенство,, бившата југословенска Република Македонија стана реалност во светскиот поредок. Нема смртна пресуда на она што значи исчезнување на некогашното југословенство. Според тоа, не се исклучуваат ни можностите за исчезнување на старите опции ако наспроти нив се признаваат нови држави како што се Словенија, Хрватска и Босна и Херцеговина кои се converted бореа да се погреба се она што потсетуваше на бившото што не сврзуваше со Југославија. Очигледно е дека не се оспорува таквото мислење и од неколку членки на земјите од Ист Ривер, бидејќи и тие не го одобруваат признавањето на тоа име што ние не го прифативме, меѓутоа што стана стварност како остатоци од некогашната југословенска заедница.

Тоа се резултатите од долгиот стремеж на актуелната државна структура на Македонија која практично никогаш не се откажа од позицијата на бившата југословенска опција. Тоа практично значи дека се дава легитимитет за нови спогодби и преговори за конечното име на Македонија, за прашањето на знамето, за промените на Уставот итн.

Во тој контекст зачленувањето во Обединетите нации отвора нови непредвидливи можности за отстапки за губење на она што досега го добила Македонија. Ниту една држава не е доведена во таква полон во каква што е доведена Македонија од страна на оваа Влада да прифати

зачленување во ОН со голем простор за нови отстапки за штета на сопствениот народ. Членството и местото на Македонија нема да се цени според вербалните настапи преку кои се образлагаат барањата, тешкотиите и проблемите, туку според придонесот на македонската државна политика и нејзината подготвеност за развој на демократијата и демократските процеси, како и според нејзиниот севкупен придонес за унапредување на политичко економските односи ва полза на сите земји во светот.

Според тоа, членството во ОН е голема чест и голема обврска Меѓутоа, според она што го прифати македонското државно раководство со ставот да се здобие со легитимитет позицијата која стои над бившата југословенска опција не дава надеж дипломатската иднина на БЈРМ во ОН да се оцени како поволна. Напротив, нејзините позиции можат уште повеќе да ја загрозат во преговорите што треба да уследат во наредните два месеци. Мајсторството на тајната македонска дипломатија очигледно е нејзиниот ќорсокак. Нашата оценка е дека БЈРМ не е синонимот во кој се втемелени животите, мислите и делата на најдобрите македонски синови и патриоти. Тој синоним е она што досега го имавме Република Македонија. Затоа никој нема право да даде било каква согласност ниту пак за тоа е овластена актуелната македонска влада да дозволи некој друг од страна да ни пропишува каква треба да биде Македонија.

Нашите национални интереси мораме да ги усогласиме со политиката на меѓународната заедница, се разбира, наспроти оние што до вчера не убедуваа за зачувувањето на Југославија. Токму тие сили не можат да бидат ослободени од вината за промена на името ниту за докрај неостварените цели за самостојна и независна Македонија.

Во тој контекст сметам дека, ако со приемот во ООН се остварат нови можности за нови отстапки, тогаш сме на прагот за нови историски пропусти за кои можеби никогаш повеќе нема да се создадат други шанси за нивното повторно решавање.

Нашата опција е мир,што не е спорно. Но, под какви услови? Дали цената на мирот ќе оди подалеку од промената на името, знамето, Уставот итн. Тој мир секако треба да има граници. Дали мирот не значи и крајна уцена која преку промената на името во БЈРМ во ООН ќе не води кон конечното делегитимизирање на Бивша Југославија до редефинирање на плановите на наметната творба на таканаречената југодржава.

Многу прашања останувааt без одговор. Останува нашата голем. надеж дека македонскиот народ нема да го стори тоа што го стори оваа Влада со единствена цел само да ја задржи власта и позицијата што сега ја има. Македонија е зачленета, меѓутоа не е меѓународно призната република. Не се изградува на начелата на отворено, демократско и слободно општество. Постојната извршна власт не претставува гаранција дека Македонија ќе успее да го фати чекорот со ОН, со законите на ЕЗ и принципите на Маастрихт и дека наскоро ќе ја обезбеди стратегијата на македонската позиција во новиот европски и светски поредок во политички, стопански и воен поглед.

Од тие причини актуелната Влада на Република Македонија не ја ужива нашата доверба.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За збор се јави господинот Љупчо Георгиевски.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Дами и господа пратеници, и самиот чин што денеска на оваа седница македонската Влада на самиот почеток настапи, навистина, на еден неодговорен начин и сметам дури и помалку циничен со тоа што на истата седница кога треба да се гласа доверба за македонската влах ја стави точката на дневен ред за избор на нивните заменици.

Сигурно на самиот почеток ни дава за право ~да percеме дека повторно и овој пат пратениците на коалиционите партнери ќе си изгласат доверба на својата влада, меѓутоа независно од таа свест која ја имам дека ништо нема да се случи освен говорите и зборовите искажани на овој Парламент. Сепак се чувствувам одговорен зошто сметам дека оваа Влада треба да падне денеска во Република Македонија, зошто се покренува прашањето на нејзината доверба и кои се моите аргументи.

Најпрвин на самиот почеток сакам да кажам дека она што ќе го зборувам директно ќе биде обраќање до македонската влада, исто така се однесува и на политичките партии, како партии кои стојат зад таа Влада односно тоа се коалиционите партнери значи Социјалдемократскиот сојуз, потоа Реформските сили, ПДП-НДП, Социјалистичката партија и ПЦЕР, а исто така можам да кажам дека сето она што ќе го кажам се однесува и на претседателот на Република Македонија господинот Киро Глигоров, затоа што тој е главниот мандатор на оваа Влада, како и на првата што беше создадена во РМ и цело време стоеше зад една ваква политика и ја поддржуваше таа политика.

Зошто сметам дека македонската Влада треба да замине од политичката сцена во овој момент во Република Македонија? Сигурно најјак аргумент и она од што треба да се почне е она на што бевме сведоци во наредните десетина дена јавно, а тајно сигурно неколку месеци station наназад

затоа што она што се случи пред сите нас како чин сигурно не можеме да веруваме дека било направено само за десет дене тоа е нештото што не му се случило до сега на ниту еден народ во светот, на ниту една нација, на ниту една држава, а тоа е на еден мирен и легален начин да се промени името на нашата Република, име за кое сме се бореле со векови, име за кое паднаа илјадници, илјадници жртви во сите востанија и револуции кои До сега биле изведени вклучително и последната агресија на ЈНА, нешто што навистина може да се запрашаме и секој оној кој има одговорност навистина да не се засрами, да не жали, да не тажи, а не само што треба, како што гледаме вештачки, вештачки да се радува.

Значи, имаме еден чин каде што македонската Влада дала согласност за промена на уставното име на Република Македонија, тоа е РМ во БЈРМ, тоа е првата работа и втората работа давање согласност за неистакнување на македонскиот симбол на македонското знаме пред зградата на 00Н повторно нешто што не се случило на ниту една нација до сега, на ниту една држава во историјата на ОН.

Во таа смисла не сакам да ги повторувам работите кои до сега овде беа кажани од поголем број пратеници на ВМРО-ДПМНЕ во последните неколку седници на македонскиот Парламент, седницата кога се расправаше за првиот предлог промената на името Република Македонија (Скопје) или последната седница каде што директно се расправаше за името БЈРМ, а за што пратениците на нашата пратеничка група беа одбиени.

Во ова смисла само ќе го потенцирам уште еднаш фактот дека сме сведоци на една тотална неспособност која може слободно така да се нарече, на водењето на надворешната политика на РМ повеќе од година и

половина, политика која денеска го круниса својот резултат со она што ние сите го гледаме, а тоа е промената на уставното име во името БЈРМ.

Во таа смисла само уште еднаш ќе потенцирам, ќе го потенцирам моментот дека ваквиот чин и ваквата одлука е крунисана по една политика која се водеше година и половина, политика која долго време не можеше да сфати дека Југославија е распадната држава, една политика која направи се да ја спаси Југославија како дражва, една поли тика која измислуваше секакви платформи за да ја спаси таа Југославија, една политика која долго време додека другите зборуваа за сопствените признавања одеше по светот и зборуваше дека Југославија мора да се спаси и ни на крај памет не го спомнуваше името Република Македонија. Резултатот го имаме денеска. Секој оној кој малку од малку ја следеше таа политика во последните месеци не треба да му с повторуваат аргументите.

Вториот момент тоа е моментот на една нечесност на оваа македонска Влада по сопствениот народ, по сопствените граѓани, една ретко невидена нечесност за која неколку пати до сега се зборуваше за една тајна дипломатија која се водеше надвор од било какви конта ти со македонскиот народ со политичките субјекти во РМ, една политика која постојано не доведуваше во заблуда, ни ширеше лаги, ни кажуваше дезинформации, секојдневно слушавме преку средствата за државно информирање дека сме најценети и најмудри во целиот свет и дека сите не сакаат и сите не поддржуваат. Една политика која до последен миг се потпираше само на лаги, лаги и ништо друго освен лаги господа за да свршениот чин со името БЈРМ денеска ни го постави пред сите нас и ни рече бирале војна или ова име.

Нормално, сите други лаги од еднаш се заборавија. Педесетина изјави на Претседателот на министрите дека Македонија нема да го промени името, педесетина изјави дека сме прифатени од сите и дека се бориме само за една идеа и на крајот резултатот го видовме сите.

За жал, една ваква политика која не изненади сите нас и не стави пред свршен чин очигледно до ден денеска не престанува и токму во интерес на она што следува ја бараме оваа доверба на македонската влада и нејзиното заминување од политичката сцена.

Која е таа игра? Повторно ни се подготвува нова игра и повторно лагите продолжуваат од ден на ден. Тоа е нормално кога една политика е градена на лаги, таа не може да заврши на друг начин освен на лаги. Кои се тие лаги?

Веднаш првиот ден слушнавме дека еве има информации дека и Велика Британија ја призна Македонија. Господа ќе ви кажам најотворено нема ништо од тоа, немоле да го лажете народот и кога ќе му дадете една информација бидете достојни барем демантирале ја таа информација. Повторно слушаме од најголеми владини кругови дека меѓународниот прием на Македонија во ООН значи исто и меѓународно признавање на РМ и дека се употребува терминот дека сме меѓународно признаени од сите оние кои гласале за нас во ООН. Господа министри престанете со лагите, Македонија е само примена во ОН и до ден денеска уште не е признаена од ниту една од тие држави. Меѓународно признавање е чин кој треба допрва да го остварите и наместо да не лажете нас повторно и повторно да не третирате како, мали деца, растрчале се додека железото се кова сеуште да го обезбедите тоа меѓународно признавање.

Најодговорно ви велам дека незнам дали тоа го кажувате затоа што не лажете или затоа што навистина така сметате некој вас ве излажал дека членството на РМ во ОН и меѓународно признаена Македонија. Тоа се работи кои сметам дека и понатаму ќе продолжат.

За жал овој чин продолжува и понатаму со лаги дека еве сега е се веќе во ред, дека Македонија ќе победи за два месеци, меѓутоа јас ве предупредувам дека овие два месеци за многу кратко време ќе истечат, за многу кратко време ќе дојде 8 јуни и само ќе ве потсетам дека ова најверојатно ќе ви биде последната лага што ќе можете да ни ја направите на македонскиот народ затоа што ќе го чекаме и тој осми јуни, ако не паднете вечерва, и секој ден ќе ве потсетуваме до каде се вашите преговори, до каде се вашите договори, а јас ќе ви кажам до каде ќе стигнат вашите договори. Циркусот што го правевте со некои прослави овде во РМ допрва и претстои на РМ. Таков циркус на кој сите навистина на крајот ќе се смееме, а тој циркус ќе го видиме во текот на овие два месеци кои вие ги зборувате.

На крајот на тие два месеци господа ќе добиете, ако сакате да го решите проблемот за два месеци ќе добиете варијанта во која Македонија мора да го смени знамето, мора да го смени Уставот и ќе добие најверојатно уште една трета варијанта на своето име после Република Македонија (Скопје), БЈРМ, најверојатно некоја трета варијанта ако не и оваа истата. Тоа е првата варијанта што ќе ја добиете после два месеци или ќе добиете втора варијанта во која Грците ќе кажат премногу сте тврди и ние понатаму прекинуваме со разговорите или ги продолжуваме за пет месеци и вие пак ќе излезете и ќе му кажете на овој народ денеска завршија два месеци но за другите три месеци ќе победиме и ќе ви ги донесеме резултатите.

Тоа е таа политика, господа која до сега ја гледавме од вас а во иднина, ако останете оваа вечер на своите функции понатаму допрва ќе се смееме и допрва ќе го гледаме циркусот која му го приредувате не само на самите себе, туку му го приредувате на целиот македонски народ, на целата македонска држава, на достоинството, историјата, традициите на се она што се случувало овде со векови во РМ. Тоа е она што можев да ви го кажам за меѓународното признавање она што досега го направивте и она што допрво можеме да го очекуваме од вас една тотална промашена надворешна политика, без никакви идеи, без никакви визии, политика која ќе ја закопа Македонија во потполна изолација уште повеќе отколку што сме сега. Тоа е првата работа.

Меѓутоа, за надворешната политика сме зборувале до сега неколку пати, па сега ќе го искористам моментот да ги кажам другите аргументи и другите елементи зошто оваа коалиција на Социјалдемократите, Реформистите, ПДП и Социјалистичката партија треба да заминат од политичката сцена на РМ.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ**: (Продолжение)

Ќе преминам сега на внатрешната политика затоа што хипнотизирајќи го целото македонско граѓанство со проблемот на меѓународното признавање на Република Македонија како да сакате да ги заборавите сите внатрешни проблеми за кои, господа, исто така, ваша е одговорност.

Која е првата работа во внатрешната политика, во функционирањето на оваа коалициона Влада.

Прво, самиот факт дека оваа Влада за овие месеци додека постои во РМ не успеа да направи сопствена филозофија на работење, не успеа да направи никаква заедничка програма, не само на политички план туку и на економски план, на безбедносен план на национален план или на било која друга основа, што значи сегмент на еден живот во една држава. Зошто го зборувам тоа? Тоа го зборувам и тоа може сигурно најдобро да се илустрира на самиот факт на работењето на ова коалициона Влада. Ние досега гледаме дека поминаа можеби повеќе од пет месеци на функционирањето на оваа Влада, гледаме дека основното правило кога се формира една коалициона Влада до ден денес не е задоволено, а тоа е таа Влада да функционира.

Ние денес гледаме неколку партии во македонскиот парламент учествуваат во таа Влада, меѓутоа, освен задоволувањето на своите интереси да ја сочуваат таа Влада и понатаму да остане во РМ, да не падне, ниту еден друг сегмент во животот не успеа да го координира. Само ќе наведам неколку елементи на таа тотална не координираност по суштинските прашања во РМ. Реков успешно координирате и успешно работите само во својата функција да опстоите како Влада и министерствата односно министрите да останат на своите фотелји. Кои се тие примери?.

Прво до ден денес ние во македонската Влада се уште немаме јасна дефиниција на Влада како Влада на основното уставно прашање, интегритетот и суверенитетот на РМ. Имаме пет министри во таа Влада кои секојдневно зборуваат дека РМ од унитарна држава треба да се претвори во федерална држава, незнам какви политички афтономии, културни автономии и незнам се што друго. Значи ние зборуваме за национални консензуси, зборуваме за државни консензуси. Па за каков државен консензус во РМ може да се зборува кога самата влада како Влада внатре во своите функционирања се уште нема расчистено штос ака со РМ, дали ќе го почитува Уставот на РМ како унитарна држава, или ќе прави федерација, или незнам какви покраини во Република Македонија. Тоа е господа парадокс кои ни во еден друг случај во светот не можете да го најдете.

Јас верувам дека после моето излагање ќе излезат неколку пратеници од ПДП и ќе кажат точно е ,ние сме за политичка автономија, федерација, мултиетнички и незнам што се какви што се фрази измисливте. Тоа е вашата реалност и вие со тоа нема мене да ме нападнете. Со тоа само ќе го потврдите тоа што го кажувам дека до ден денес не успеавте како Влада основното прашање на една држава да застанете со државен консензус за тоа прашање, суверенитетот и интегритетот на македонската држава.

Втората работа ја кажавме минатиот пат. Второто крупно прашање денес и последните месеци кои беше најголем проблем за РМ, тоа е проблемот на името односно на меѓународното признавање на РМ. Имавме еден дел од македонската Влада која формално се залагаше за меѓународно признавање и имавме втор дел од македонската Влада која постојано даваше изјави дека ние сме против меѓународното признавање се додека тие и тие услови не ги исполните во РМ. Конечно ќе ви спомнам и

еден пример чисто, можам да кажам секојдневен и ако беше трагичен. Тоа е примерот на Бит Пазар, случајот со четирите жртви кои паднаа. Само да ви покажам колкава е вашата не координираност и недефинираност на работа голема, а дека единствено ве држи во оваа Влада е останувањето и понатаму во своите функции. Од пет министри односно од еден дел од коалиционата Влада после тој настан секојдневиено слушавме налешки и најжестоки изјави против власта во РМ, против системот на РМ, против оние кои пукале во тие жртви. Меѓутоа, само формално, пред јавноста и за сопствениот народ. Меѓутоа, дел од коалицијата на ПДП и НДП ако беше толку загрижен за случајот за Бит Пазар зошто до ден денес не побара истиот тој случај да се расправа на седница на самата Влада и ако не друго да истапи од таа коалициона Влада која ги убива нивните луѓе, или ако не друго да побараше реконструкција на таа Влада, на најодговорните луѓе кои функционираа во таа Влада, конкретно министерот за внатрешни работи, Фрчковски. Сето тоа говори дека и понатаму единствениот услов за функционирање на оваа Влада е условот за останување во сопствените фотелји и задржување на власта како власт без никаква политика, политичка програма, без никаква економска програма, без никаква национална програма или било каква програма која денес му е потребна на било кој сегмент од животот на РМ.

Кога зборуваме за тоа внатрешно однесување и ваквата тотална не координација и тотално не разбирање внатре во самата Влада како Влада, ние не можеме да не ги кажеме и резултатите на една ваква тотално некоординирана Влада во РМ. Кој се резултатите:

Секојдневно слушаме преку македонските средства за јавно информирање дека Парламентот е виновникот, тој е оној кој не чини во РМ, за да го заштитат, нели, оној кој меѓувреме управува со државата, а тоа е

извршната власт и претседателот на Република Македонија. Јас ќе го поставам прашањето. За секој Парламент се знае дека постои опозиција, постои и власт. Што беше вашата функција ако за овие месеци додека постоите како коалиција не успеавте да најдете разбирање на коалиционите пратенички групи , тие да најдат сопствена координација. Ние сме сведоци досега на десетици десетици примери каде самата Влада, самата ѕоалиција внатре меѓу себе има недоразбирања, гласање со овој, гласање со оној и на крајот една тотално не успешна работа на македонскиот парламент. Кога се формираше македонската влада една од работите што ги чекавме беше, ако не друго македонскиот парламент односно координацијата на пратеничките групи во тој македонски парламент да почне без прекорно да работи. Ние до ден денес гледаме дека не постои една обична координација меѓу пратеничките групи, пак повторно ќе речам за исклучителни закони како што ќе биде денес, каде ќе гласате сите оваа Влада да остане и понатаму на власт во РМ. Меѓутоа оваа тотална не координација и разбиеност на македонската Влада има и некој сериозни последици во целокупното заокружување на државата односно на РМ како држава. Пред се тука може сигурно да се спомнат прво блокадата и не донесувањето на стотици закони кои оваа Влада и преку неа парламентот беа задолжени од Уставот на РМ. До ден денес сите предлози што ни ги предлага македонската влада се предлози во кои 90% ги покачувале казните од половина плата на една плата или на 15 плати. 90% од законите што беа доставени овде беше само тоа, само зголемуваме казни кои македонските граѓани треба да ги плаќаат понатаму. Тоа е првата работа.

Втората работа, кога Словенците ја прогласија својата независна држава се затворија една недела во нивниот парламент и за една недела

донесоа двеста закони, двеста закони кои ги променија од бившите југословенски во нивни словеначки сопствени закони. Ние и до ден денес кога менуваме ги менуваме само казните. Каде е Владата, каде се законите кои треба да ги предложи пред македонскиот парламент. Зошто коалиционите партнери не функционираат во донесувањето на тие закони. Тоа е сигурно еден од проблемите кој треба Вие самите да си го разгледате ако сакате оваа држава да функционира.

Исто така тука не може а да не се спомнат јасните прекршувања на Уставот на РМ. Кој се тие јасни прекршувања?

Од самиот чин на влегување во овој парламент ние го прекршуваме Уставот па до ден денес со најновата одлука на приемот на РМ со некакво привремено име, од првиот чин кога претседателот на РМ го узурпира правото на формирање на Влада и формирање на така наречена експертска Влада, па преку безбројните чинови од тогаш до денес како што на пример беше донесувањето на Уставот на РМ за 15 или 20 дена со постојана пресија од страна на средствата за јавно информирање, а тоа е дека или ќе го донесете овој Устав, или ќе имате војна, преку уставното менување за само една недела на тој Устав покренато исто од највисоко ниво па до најновите иницијативи на кој сме сведоци, од типот на повикување на една странска војска тоа се силите на УНПРОФОР бидејќи се навистина странска војска. И покрај тоа што бараше парламентот да донесе одлука за тоа парламентот беше игнориран и воопшто не беше повикан, па до овој нај нов чин, а тоа е давањето на согласност на некакво привремено име Бивша Југословенска Република Македонија како привремено име во ОН. Зошто го велам повторно не уставно. Затоа што ние бевме сведоци' каде што грчката Влада во грчкиот парламент го постави прашањето на своите мерки да им се даде согласност во нивниот парламент, додека македонската Влада, доколку не беше пратеничката

група на ВМРО-ДПМНЕ и доколку немаше најава на штрајк со глад немаше намера да го постави прашањето за расправа по прашањето аз привремено име Бивша Југословенска Република Македонија. Незнам зошто реагирате, меѓутоа такви беа објаснувањата кои доаѓаа од страна на македонскиот парламент кој ми објаснуваше, кога расправавме за оваа точка дека оваа точка ја расправаме заради иницијативата на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа беше одговорот господа министри. Јас не видов ниту еден ваш предлог каде вие проблемот со тоа привремено име го ставате на македонскиот парламент. Конечно на крајот тоа се виде со заклучоците кога Вие не баравте никакво барање за потврда на таквата Одлука, на таквата политика или на таквите заклучоци. За жал Уставот на РМ досега е прекршен неколку пати, и понатаму ќе продолжите да го прекршувате тој Устав и најверојатно тоа за вас ништо нема да значи затоа што имате поголем број на пратеници, некаде 75 гласа кои можат да го надгласуваат тоа. Меѓутоа господа сакам само да Ве потсетам дека понатамошното прекршување на Уставот на РМ ќе Ве доведе самите Вас во една неповолна ситуација, меѓутоа и целата македонска држава, нормално и оние кои се одговорни на други нивоа во РМ да реагираат, кога се случуваат вакви несуставни одлуки или преголемо преземање на ингеренциите.

Кога веќе зборуваме за внатрешната политика на Владата на РМ не можеме да не го спомнеме она што е суштествен елемент на секоја држава која денес сака да биде во заедничкиот европскидом, а тоа е политиката односно демократијата и развојот на демократијата во РМ.

Зошто го спомнувам тој елемент. Го спомнувам затоа што, за жал 2,5 години после првите повеќе партиски избори во РМ ние се уште не можеме да зборуваме дека живееме во демократска држава, се уште не можеме да зборуваме дека живееме во еден систем кој го напушта стариот

комунистички начин на однесување и дека живееме и дејствуваме во една држава која ја краси основниот квалитет на една европска држава, а тоа е демократијата.

Зошто го спомнувам примерот на демократијата? Затоа што за жал, она што ни се случува во овие две ипол години во РМ не само што не може да се спореди со живот во една демократска држава, туку може да се спореди и најслободно да се употреби терминот дека она што ни се случува во РМ е на јавна подготовка на сите нас за една тивка диктатура која треба да биде воведена во Република Македонија. Кој се примерите за воведувањето и ова претсобје на та тивка диктатура која ни се воведува во РМ. Многубројни. Прво од она што е нај- видливо и од она што е најмасовно, а тоа се масовните тепачки на граѓаните во РМ, без разлика дали се работи тоа за Куклиш, Радовиш, со што требаше директно да се развијат сите идеи за воспоставување на независни земјоделски синдикати, дали се работи за случаевите од политички карактер како што беше случајот со Горче Петров. Во која тоа држава, господа министри кога група на граѓани демонстрира за некоја политичка одлука, го тепаат. Во Вашингтон пред Белата куќа секој ден има демонстрации од оваа или онаа политичка природа, во секоја нормална држава, а ние добиваме тука објаснувања дека еве и во Франција ги тепале, па во Америка ги тепале, како објаснување дека и тие може да тепаат. Во ниту една од тие држави за мирни политички мирни демонстрации не е тепан народот. Само во Република Македонија тоа се случува.

Примерите на вакви брутални однесувања, или да речеме за вчерашната седница овде кога при работата и дискусијата за името Бивша Југословенска Република Македонија македонскиот парламент беше опколен со неколку стотици полицајци, борни коли, пожарникарни коли со

шлемови. Зошто ни е потребно, при една дискусија при македонскиот парламент надвор да бидеме опкружени со полиција. Од кој тоа се штитиме јас незнам. Тоа е првиот елемент на таа брутална репресија.

Кој е вториот елемент на исто така можам да го кажам зборот брутална репресија. Тоа е бес сомнение чинот со кој, ние знаеме веќе излегоа повеќе афери во кои припадници на одредени политички партии се следат, се врбуваат се прислушуваат партиските телефони. Јас се надевам дека и за таа точка ќе се дискутира за кратко време во македонскиот парламент после 8 , 9 месеци. Меѓутоа , фактот дека собраниската комисија ги донесе заклучоците, дека Министерството за внатрешни работи односно Потсекретарјатот за државна безбедност се има занимавано со формирање на паравоени формации во РМ со врбуваше на членови на одредена политичка партија што донесе заклучоци дека техниката и средствата за прислушување на истото Министерство се употребени во неуставна намена,најдобро зборува дека имаме некаков резултат и на тоа откривање на еден политички скандал. Јас само ќе ве потсетам господа кога во Америка открија дека власта на Никсон ја прислушува демократската позиција веднаш другиот ден Никсон си даде оставка. Меѓутоа , за вас тоа ништо не е. За вас е нормално Вие некого да прислушувате. За Вас не е нормално да не прислушуваат некого. Или мако што објаснуваат ќотекот да го употребувате во било какви средства и во било какви мерки.

Кога зборуваме за бруталните репресии само ќе ве потсетам дека една Влада која ја нарекувавме комунистичка пред вашата чисто комунистичка падна на случајот на Вевчани каде беше тепан македонскиот народ, македонските граѓани. На оваа Влада и се случуваат 4, 5 такви репресии досега и до ден денес Владата најмирно спие без никакво покренување или барем некаква изјава во чин на извинување на народот.

Кога зборуваме за таа репресија која се случува во РМ не можеме да не го кажеме и оној пример на кој секојдневно сме сведоци денес и кога се случуваа стотици примери, а тоа е преку сопствените директори кои во овој момент директорите на оваа коалиција го држат македонското стопанство до 80 до 90 случаи, секојдневно имаме тортура од типот на заплашување дека в" бидат прогласени за технолошки вишок, дека ќе бидат исфрлени од работа или ќе добијат некакво ново преместување на работно место на сите оние кои ни малку политички, не велам на груп начин, политички не одговараат на директорот кој управува со тоа претпријатие, а многу често ваквата тортура се применува затоа што некој лично се има замерено со директорот или со шефот од истата политичка гарнитура. Вакви случаеви секојдневно слушаме.

Кој се тие репресии господо? Тоа се тие репресии кој ги слушаме во најново време од типот дека Ректорот на Универзитетот на РМ ги свикал деканите кај себе и им наредил немоле случајно да дозволувате студентите да ви прават митинзи и собири по факултетите за да се повикуваат на уставното име на Република Македонија. Кој се тие репресии? Тоа се истите тие репресии што високи студентски функционери кои неколку пати досега се викаат во Владата за да им се наредува велејќи чекале, немоле да правите митинзи, немоле да правите штрајкови, немоле да се буните против уставното име. Тоа е таа тивка репресија која секојдневно се прави во сите министерства над чиновниците, работниците во истите тие министерства за да мислат и да се однесуваат како Владата. Сигурно најкарактеристичен е случајот со Државната безбедност на РМ како еден од секторите на Владата на РМ кој директно е ставен ви функција на прислушување, следење, врбување и разбивање на една партија во Република Македонија

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ**: (Продолжение)

Во таа смисла кога зборуваме за таа тивка диктатура во РМ, само ќе го спомнам примерот, нанесувањето на режимските средства за јавно информирање, кои се под директна контрола на претседателот на РМ, на Владата на РМ, на што беше пример и последното убедување на тие средства за јавно информирање кои што повеќе од 2 и пол години не можат да се ослободат од стегите на овој режим. Кој. повеќе од 2 и пол години смета дека колку поповеќе се полтрони на Владата на РМ толку повеќе ќе унапредуваат во својата кариера и целокупниот оној систем на она што се нарекува диригирана пропаганда се со цел за разбирање на свеста, пред се демократска а потоа и национална свест на народот во оваа држава. Ако ги собереме сите тие сегменти од бруталната репресија, од тивката репресија, од репресијата на средствата за јавно информирање многу за кратко време ќе ја добиеме таа слика на претсобјето на диктатурата во која влегуваме денеска во РМ. Во таа смисла има ли демократија или не, само ќе го поставиме прашањето на сите граѓани на РМ колку од нив денеска се чувствуваат како слободни граѓани на една европска држава кога сакаат да го критикуваат некои од Владата, од власта и локалниот градоначалник, смеат и дури директорот во фабриката тоа слободно и јавно да го прават без да шепотат во круговите на своите фамилии, без да шепотат во крчмите, туку слободно како граѓани да го кажат тоа. Господа министри, во Македонија се уште се шепоти. Во Македонија луѓето се уште шепотат и тоа е најдобар пример дека во РМ не постои демократија и дека во Македонија системот на репресија, системот на комунистичкиот режим и понатаму продолжува да живее бомбардиран од сите страни преку бруталната репресија, преку средствата за јавно информирање, преку

подготовката што ја правите со луѓето во вашето стопанство. Токму од тие причини заради отворање на демократијата во РМ, заради навлегување на европските процеси во РМ сметам дека исто така е еден огромен аргумент со кој Владата на РМ треба да си замине од политичката сцена на РМ.

Третиот елемент на кој морам да се задржам е економската политика. Сметам дека шефот на нашата пратеничката група г-динот Томислав Стефковски со многу добри примери се задржа на некои елемент! од таа политика на Владата на РМ од стопанството, не би сакал да повторувам многу од тие примери, ќе се задржам само на неколку крупни елементи.

Зошто сметам дека оваа Влада на РМ треба да замине од политичката сцена од економски причини. Господа ако се сеќавате кога ја дадов мојата оставка од местото потпретседател на Претседателот на РМ во овој Парламент ви реков дека не можам да се согласам со водењето на оваа политика од причини што за неколку месеци во РМ ќе имате економска катастрофа. Денеска она што се случува и она што се живее, она што го живее Македонецот во РМ во поглед на економијата и на сопствениот стандард не може да се крсти со ниту еден друг збор освен со зборот економска катастрофа, економски пустош на кои економски пустош и на која економска катастрофа уште не му го гледаме крајот до каде ќе оди, а единствена гаранција дека ќе оди надолу е останувањето на оваа Влада на РМ. Зошто го спомнувам тој пример? Го спомнувам тој пример затоа што токму политичките партии кои денес ја чинат коалиционата влада во РМ во времето на предизборната кампања додека не убедуваа нас дека прашањето на федерација, конфедерација или самостојна држава е теоретско прашање ги убедуваа своите гласачи дека тие имаат економски

програми, дека имаат економска сила, економски иницијатива и незнам што. Можам само директно да кажам дека во таа смисла една од тие партии, како што беше ден дел од колацијата, тоа се Реформските сили директно го постигна она што го постигна на своите избори затоа што беше сврзан со политиката на Анте Марковиќ, а вториот човек кој стана претседател на РМ, инаку кој е најголемата инвестиција на Социјалдемократскиот сојуз беше долго прв советник на Анте Марковиќ, тоа е претседателот на Републиката. Прв советник на Анте Марковиќ и јас колку што се сеќавам кога членовите на таа коалиција застанаа на власт на РМ не дојдоа на власт затоа што на Македонците им ветуваа самостојна Македонија, меѓународно признавање, македонска војска туку затоа што ја фалеа политиката на Анте Марковиќ. Им кажуваа да ги оставаат своите пари во банките, им кажуваа да прават такви инвестиции, онакви инвестиции. Денеска ги гледаме резултатите на таа политика, која беше цело време поддржувана токму од оние партии кои денеска се во коалицијата, која беше фалена и овде многу пати поддржувана, односно потврдувана. Тоа е една политика која денеска на Македонските граѓани, можеме да кажеме слободно, им ограби 1 милијарда долари штедни влогови. Тоа е истата таа, господо, политика. Вие не можете да бегате од таа одговорност, затоа што ја фалевте. Потсетете се само колку само преку средствата за јавно информирање им кажувавте секоја вечер на македонските штедачи, гласачи од оваа политика нема попаметна, нема помудра. Анте Марковиќ е најдобриот политичар. Денеска, ако се возевте на таа политика морате конечно да ја сносите таа политика. Таа политика денеска се гледа токму во она што се нарекува посебна пљачка на македонското стопанство една милијарда долари штедни влогови. Тоа господа не е економски чин. Грабежот на една милијарда штедни влогови доларски девизни резерви не е економски чин. Тоа е чисто политички чин и

да немаме тука илузии, затоа што некој некогаш ја поддржуваше таа политика и дозволи тоа да се случи во РМ. Денеска е цинично, премногу цинично оние луѓе, во истата таа власт, или институциите на истата таа Влада кои сето време кумуваа на однесувањето на тие штедни влогови од РМ денеска ни нудат програми за спасување, ни нудат програми за враќање на долговите или незнам се какви програми. Тоа е премногу цинично и одговорноста конечно еднаш засекогаш мора да се плаќа во Република Македонија.

Вториот момент е тоа што го поставуваме многу пати прашањето на инфлацијата. Моментот на истата таа политика која дозволи РМ осум месеци после отцепувањето на Словенија и Хрватска од монетарниот југословенски систем и од југословенскиот динар да продолжи да постои во тој заеднички монетарен југословенски заеднички систем и осум месеци да ги користи српските динари кои се печатеа во Белград а се транспортираа во цела РМ. Тоа господа повторно не е економија. Еден наш селанец може да се утепа на полето еден наша работник може цел ден да работи во фабриката ако некој од Владата само со една одлука, само со еден потпис целиот тој труд го однесе некаде на друго место. Тоа се крупни две работи во тој економски дел каде што кумуваат токму овие партии на таа политика на чист грабеж. Една милијарда долари изнесени од македонските банки и осум месеци на финансирање на српската војна во Хрватска и Босна преку користењето на печатницата во Белград. Тоа е она што се нарекува чист грабеж и што ниту една држава не го попречува со ништо. Да не го спомнувам цело време проблемот на таа сива економија, на таа трговија која се прави меѓу РМ до ден денеска и Република Србија во која постојано излегува на наша штета.

Кога зборуваме за економската политика на оваа Влада и на партиите и луѓето кои стојат зад оваа Влада, конечно не можеме а да не го спомнеме примерот дека оваа Влада веќе втора година, минатата година кога беше избрана и оваа сега која сега навлегува во четврт месец нема обична економска програма. Обична економска програма да видиме кои се економските позиции на оваа Влада. Нема никаква дефинираност во тој поглед. Никаква декларација никаква листа за да знаеме на што стоиме. Едноставно се добива впечаток дека целата економска програма е ден за ден. Ден за ден, ден за ден, без никаква краткорочна стратегија, без никаква долгорочна стратегија. Тоа е политиката што ја добиваме денеска во РМ.

Во таа смисла да не зборуваме дека оваа Влада до ден денеска не успеа да го изгради националниот интерес и националната стратегија во економијата на РМ. Повторно ќе ме обвини некој за националист, меѓутоа господа, јас ќе ви речам дека денеска во Европа економскиот национализам е многу поголем од политичкиот национализам, затоа што некој да тре граба, да му дозволиш на отворени граници да те краде тоа е економско предаваство и национално предавство. Во таа смисла само ќе го спомнеме примерот од пред неколку месеци кога францускатa влада заради интересот на винарите во Франција ги доведе во прашање сите договори во ГАТ, ги доведе во прашање односите меѓу Америка и ЕЗ го доведе во прашање целото опстојување на ЕЗ. Само заради интересот на винарите во Франција. Ние и до ден денеска не сме чуле македонската влада да има застанато за некој производ во РМ кој е од стратешки интерес, од национален интерес. До ден денеска. До ден денеска немаме ниту еден момент дефиниран од она што се нарекува национална економска стратегија на РМ. И понатаму продолжуваме. И конечно, она што го рече г-динот Стефковски само ќе се осврнам накратко

Тој кажа неколку конкретни примери, јас само ќе кажам неколку реченици.

Наспроти на една организирана економија, наспроти на една вистинска програма, макро и микроекономска програма, наместо на се она што значи повикување и поддржување на се она што значи национален интерес во економијата која може во овој момент да го извлече македонското стопанство од друга страна имаме една реалност која може да се спореди само со некои од земјите од Латинска Америка затоа што токму тие земји се едни од најпознатите држави по начинот на кои хара корупцијата во тие држави, по кои хара криминалот по тие држави, во кои хара правната несигурност во тие држави и во кои хара навистина се она што може да се нарече со зборот хаос во економијата. Денеска во РМ врвни економски методи на работа, начини на работа се митото, криминалот односно можеме да кажеме и третиот елемент: тоа е политичката подобност, затоа што ако сакаш да бидеш добар економист, треба да бидеше подобен политичар кој ќе и припаднеш на владејачката коалиција, која сето тоа ќе го стимулира, која сето тоа ќе го поддржува и сето тоа ќе го форсира, а кога ќе се открие случајот ќе замижи пред македонската јавност.

Грабежот на општественото богатство на РМ, правната несигурност навистина денеска ја донесе Македонија на рангот на она што се нарекува една класична латинско- американска бандитска држава во која човекот не може да биде сигурен во ништо освен ако застане на страната на силата. За тоа сигурно не треба многу аргументи, прошетале се малку меѓу народот тоа ќе ви го каже денеска секој обичен човек во РМ. За жал очигледно само македонската влада не го гледа тоа и нормално како што гледаме нема ни намера да застане на патот затоа што токму ова сега, меѓу просторот на кои, токму она за што зборувавме треба да ја заврши сопствената мисија.

И конечно, господа, доаѓаме до она што се нарекува елемент на национална политика во една држава, а за што одговорен креатор во секоја држава е Владата и претседателот на Републиката. Политика, национална политика, штитење на националните интереси и нормално штитење на националното достоинство. Кога зборувам за штитењето на националното достоинство сигурно не сакам да го спомнам само примерот на она што денеска сме сведоци, полека го навикувате народот во РМ, а тоа е па што ако се викаме по привремено име Бивша југословенска Република Македонија. Ние ќе си се викаме македонци а надвор како сакаат нека не викаат. Тоа е највисоката нова филозофија која ни се нуди во РМ. Кога зборуваме аз тоа национално единство господа односно за тоа национално достоинство и кога зборуваме за партиите кои денеска ја сочинуваат оваа коалиција во РМ не можеме и овој пат да се потсетиме на една политика која во поглед на тие национални интереси се водеше во последните две и пол години. Која е таа политика господа? Тоа е таа политика од бегство од националната држава, политики од бегство од националните интереси и за цело време поддржување на реакционерните сили. Ќе ве потсетам господа на неколку елементи.

Велиме Македонија е оаза на мирот се со цел да ја докажеме политиката на владејачката структура во РМ. Јас само во овој момент го спомнувам моментот на националното достоинство ќе спомнам еден единствен елемент кој веќе не е својствен ниту на африканските племиња затоа што имаат повеќе достоинство за своите жртви и за своите мртви. Што е тоа господа? До ден денеска македонската Влада нема излезено со информација пред македонската јавност и пред македонските граѓани која е официјалната бројка на македонците загинати во ЈНА, неофицијално некаде околу 45, до ден денеска македонската Влада нема излезено со

официјална информација кој е бројот на инвладите кои се вратија без рака, без нога во РМ, неофицијалната бројка која сум ја чул некаде околу 100, која е официјалната бројка на македонци кои се вратија од таа војна сеуште духовно растроени и по болниците во РМ и која е официјалната бројка на оружјето, техниката, кое беше изнесено од РМ. Зошто велам национално достоинство господа. Затоа што господа националното достоинство е кога на еднас државна манифестација еден државен претставник ќе рече минута молчење за нашите жртви во оваа војна. До ден денес во РМ господа една државна манифестација нема почнато со минута молчење за македонските жртви во оваа војна во која ние учествувавме од страна на агресорот. Смеле се господа, и треба да се смеете. Тоа вам ви е смешно, затоа што цело време ја поддржувавте политиката на агресија на таа југословенска армија. Тоа е прашањето на националното достоинство, а политичките партии кои ја поддржуваат таа агресија денеска стојат во Владата на РМ и го плашат македонскиот народ ако не стоите зад нас ќе имате уште поголема војна. националното достоинство господа вие го погазивте само за да докажете вашата држава односно нашата држава вашата власт прави од Македонија оаза на мирот. Тоа е националното достоинство на една република. Зошто велам го уништивте националното достоинство на РМ? Излезете вие малку денеска по градот и во Скопје, и по било кој друг град во РМ да видите колку луѓе има со насмеани лица. Го уништивте духот" на македонецот господа министри и господа коалициони партнери. Погледнете го духот, атмосферата ќе видите колку е македонскиот човек понижен со вашата филозофија две години која му ја сервирате преку некои државни изјави и преку секојдневните пумпања од страна на ТВ-дневник број 2 на македонската телевизија, достоинството кое денеска Македонецот две години го тренирате или Уставот или војна. Или овој претседател ќе ви

биде или војна. Достоинството со кое денеска македонскиот човек зборува дека е многу добро затоа што зема 50 марки плата, затоа што има некои што не зема ни 50 марки и вие го убедувате дека е тоа највисокиот дострел што во овој момент има 50 марки а на дај боже да има 100 марки во некоја државна институција. Тоа е тоа достоинство господа кое го смачкавте и успеавте да го уништите за 2 и пол години. Достоинство кое денеска од македонецот прави несреќен човек, човек кој нема верба дека може да промени нешто дека може да ја смени состојбата во оваа држава или дека РМ може да тргне на подобро. И уште понатаму ќе го плашите затоа што вие немате никаков друг аргумент како Влада. Зошто има криминал во РМ, мора така да~ биде, зашто ќе има војна. Зошто мораме да се викаме бивша југословенска Република Македонија, мора да биде така зашто ќе има војна во РМ. Зошто општественото богатство се краде, мора да биде така, молчете зашто ќе има војна во РМ.! Тоа е таа политика која се спроведува како национална стратегија, како национална политика од страна на македонската Влада, а чиј врв е оној фетиш кој веќе неколку месеци ни се форсира за некакво граѓанство. Фетишизирајќи го граѓанскиот устав на РМ и вулгаризирајќи го граѓанскиот устав на РМ заборавајќи господа дека за нормалните држави кога ќе му кажете на некој дека има граѓанска држава не значи ништо друго освен само дека нема повеќе феудализам или во оние држави каде што падна комунизмот дека повеќе нема комунизам туку има демократски систем.

**ЉУПЧО ЃОРЃИЕВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

И денеска можам слободно да кажам дека оваа Влада во поглед на националната политика внатре во Република Македонија ја води истата тортура на националната традиција, националните интереси и на целата македонска нација како онаа што ја водеше довчерашниот југословенски режим во СФРЈ, или во Република Македонија секој пат поставуваните србомански структури. Која е таа политика? Фетишизмот на југословенството го заменивте со фетишот на граѓанство. Сите оние кои што до вчера беа големи југословени, денеска се најголеми граѓани на Република Македонија, секој оној кој ќе ја постави сликата на Гоце Делчев во некое министерство ќе биде обвинет како националист и фашист, меѓутоа сликата на Тито е симбол на граѓанството. Тоа е тоа граѓанство кое денеска вие по пат на истиот тој телевизиски дневник во 19,30 часот преку сите ваши изјави секојдневно го форсирате и го уништувате македонецот до тој степен ако рече дека е Македонец да се плаши дека некој веднаш од левиот блок ќе му префрли дека е фашист, терорист, авантурист, или во најблага варијанта ВМРО-ец. Тоа е таа политика и тоа е денеска стратегијата на успехот во кариерата во македонската Влада. Тоа е таа политика која денеска ја доведе во Република Македонија ние да доживуваме ситуација каде што една партија е регистрирана во друга држава, тоа е партијата СДА која бега од БиХ да исфрла парламентарци за избори на Парламент во Република Македонија, или да ви дава соопштение дека е лошо и ги навредува нивните чувства ако македонците стават крст на Саат кулата. Тоа е таа политика која денеска албанците во Република Македонија бараат федерација од Република Македонија, тоа е истата таа политика која денеска србите кои живеат во Република Македонија бараат автономни покраини и тоа е истата таа политика која одредени ромски партии бараат формирање на некаков романистан во Република

Македонија. Тоа е таа политика господа, која вие за жал или не сакате да ја видите, или пак намерно ја правите. Јасно и темелно разбивање на националното ткиво на македонската нација, а со тоа и на македонската држава. Репресија на се она што значи македонска национална историја, македонски историски традиции или македонски идентитет. Тоа е политика која систематски веќе со месеци преку средствата за јавно. информирање, преку политиката на политичарите денеска се форсира, или се случува на сите нам до моментот кога сите нас повторно ќе не доведете со една политика на свршен чин во која само ќе потврдиме дека Македонија до крај е национално разбиена. Тоа е таа политика господа, која во поглед на националните интереси оваа Влада ја води и ја застапува цело време. Тоа се елементите за кои сметам од меѓународната политика, економската политика, демократскиот дел и националниот интерес на македонската држава, тоа се аргументите заради кои сметам дека оваа Влада на Република Македонија треба да си замине од политичката сцена на Македонија. Зошто го велам тоа господа дека морате да си заминете од политичката сцена на Република Македонија и од неколку морални побуди. Кои се прво, тие морални побуди? Без сомнение со заминувањето и паѓањето на оваа Влада ќе се стави точка на еден историски развој од 48 години во Република Македонија, од 48 годишен континуитет на комунистичкиот систем и комунистичкиот режим во Република Македонија. Денеска во целиот источен свет падна тој комунистички систем. Срамота е денеска во Република Македонија да зборуваме дека е една од ретките држави во Европа и пошироко во светот која може да се пофали со 48 годишен комунистички континуитет на власт. Сигурно најдобар пример за тоа е претседателот на Републиката и функционерите кои го опкружуваат околу него. Тоа е првиот морален елемент.

Вториот морален елемент кој денеска еве да речеме може достигнува некоја своја завршна фаза е фактот дека денеска коалиционата Влада на Република Македонија ја прават политички партии кои за време на предизборната кампања и долго време потоа целата своја политика ја засноваа на еден концепт на спасуван>е на Југославија. Денеска е повеќе од парадоксално партиите кои за цело време на предизборната кампања правеа вицеви на сметка на тоа како Македонија може да биде самостојна, кои се смееја на идејата како Македонија може да биде меѓународно признаена, кои не обвинуваа како тоа македонците можат југословенската армија да ја третираат како окупаторска армија. Значи една парадоксална политика која цело време стоеше зад политика на спасуваше на Југославија, денеска кога заокружувањето на самостојноста на Република Македонија се наоѓа во завршна фаза сметаме дека повеќе од чесно е и повеќе од морално достоинство е таа Влада да си даде; оставка и да замине од политичката сцена на Република Македонија.

И конечно има уште еден елемент, зошто морална одговорност? Господа, сметам дека заминувањето од политичката сцена во овој момент на оваа Влада во Република Македонија е од најголема корист заради самата неа. Јас ви ветувам господа дека ако продолжите и понатаму со ваквата политика и на меѓународен план и на национален план, посебно на економски план и на она што се нарекува грабење, пљачка, поддржување на криминалот ќе дочекате народот сам да ве исфрли од овој Парламент и од Владата. И затоа почесно е за вас и мислам дека поинтересно ќе биде да не чекате народот да ве исфрла на улица, туку сами да си заминете вечерва.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, Владата спротивно на своите уставни овластувања на Република пропишани во Уставот на Република Македонија

даде писмена согласност Република Македонија во Обединетите Нации да биде примена под неуставно име "поранешна југословенска Република Македонија", под кое име нашата Влада ја круниса својата надворешна политика на 8.04.199 3 година кога нашата држава во Обединетите Нации беше примена под ова неуставно име. Постапувајќи така, Владата на нај-груб можен начин ги пречекори своите уставни овластувања бидејќи според цитираниот член од Уставот на Република Македонија таа нема такви овластувања и со овие дејствија Владата го прекрши Уставот на Република Македонија. Влада која го крши Уставот и не го почитува правниот поредок на својата држава нема правен легитимитет и понатаму да остане на власт. Уставот на Република Македонија во ниту една одредба не пропишува и не дозволува уставното име на државата да биде именувано под друго при-времено, провизорно, поранешно, или бившо нејзино име, а уште помалку пропишува и дозволува Република Македонија да биде именувана како југословенска Република Македонија. Според член 121 од Уставот на Ре-публика Македонија одлука за стапување во членство, или за истапување од членство во меѓународни организации донесува Собранието со мнозинс-тво гласови од вкупниот број пратеници по предлог на претседателот на Републиката, на Владата на Република Македонија, или од најмалку 40 пра-теници. Собранието на Република Македонија на една од своите седници донесе одлука Република Македонија да поднесе барање до Обединетите Нации за прием во оваа организација под нејзиното уставно име "Република Македонија". Такво барање беше и поднесено. Меѓутоа, од поднесувањето на ова барање па до закажување на 5 8-та седница на Собранието на Република Македонија, Владата без согласност на Собранието на Република Македонија самоиницијативно ја измени првобитната одлука и даде писмена согласност Републиката да биде примена под неуставно име како поранешна југословенска Република Македонија.

Исто така Владата без согласност на Собранието на Република Македонија даде согласност да не се истакне на јарболот пред Обединетите Нации знамето на Република Македонија. Ваквото неуставно постапување на Владата е еден основ на истата од страна на пратениците во ова Собрание да и се изгласа недоверба заради кршењето на Уставот, а со тоа и губењето на кредибилитетот и легитимитетот кај нас пратениците и кај сите граѓани на Република Македонија. Владата е одговорна и за незаокружувањето на државноста на Републиката и тоа судската власт како трета власт во системот сеуште не е конституирана иако поминаа сите рокови предвидени во Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија. Понатаму, Законот за трансформација на општествениот имот сеуште не е донесен бидејќи Владата го нема изготвено овој закон. Законот за локалната самоуправа како еден од системските закони исто така не е доставен на Собранието. Законот за територијална поделба на Републиката не е изготвен од Владата и не е доставен до Собранието за негово донесување. Владата сеуште го нема доставено во последна фаза до Собранието Законот за јавно правобранителство. Понатаму, заради неодговорниот однос на Владата со предлози кои немаат уставни основи Собранието не може да го донесе законот за лична карта. Покрај наведеното, Владата сноси одговорност и во врска со неуставното прислушување на телефонот во седиштето на партијата на ВМРО-ДПМНЕ кое нешто е констатирано од надлежната комисија при ова Собрание. Потоа започнување со градежните работи на објектот во населбата Горче Петров без градежна дозвола и без прибавување на друга нужна документација заради што и градбата беше стопирана од страна на Уставниот суд на Република Македонија. Одговорноста на Владата не може да се избегне и за други нејзини незаконити постапувања во село Куклиш, Радовиш, немилите настани на

Бит Пазар во кои по вина на ресорното министерство на Владата беа лишени од живот четири лица. Од напред наведените причини почитувани пратеници како и од опозицијата така и од позицијата ве повикувам да гласате за недоверба на Владата, бидејќи Влада која го крши уставот и законите не му носи просперитет и благосостојба на народот. Јас лично ќе гласам за недоверба на Владата.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас моето мислење како ќе гласам за Владата ќе го истакнам кога ќе дојде времето на гласањето. Сега би сакал да истакнам некои мои забелешки и несогласувања во однос на работата на Владата на Република Македонија.

Прво, она што би сакал да го констатирам е фактот дека таканаречената партиска Влада ги применува истите методи на бившата експертска Влада со тоа што сега може слободно да се вика партиска, а тогаш се викаше експертска и одговорноста беше ничија. Моето незадоволство е од фактот што Владата на Република Македонија досега на еден, или друг начин избегнуваше да ги донесе двата клучни закони, тоа е законот за трансформација на општествениот капитал и законот за денационализација. Каде беа причините за такво оспорување на нештата, јас тоа не знам, меѓутоа убеден сум дека причините не се државни, туку можеби се лични причини гледани од личен агол. Јас имам некои сознанија дека ако е партиска Влада, коалициона Влада, или ако е Влада на владино мнозинство тогаш постапката на усогласување на мислењата на партиите кои се во коалиција е позната. Партиите пред да излезат со Предлог на закон или со Предлог за измена на закон треба да ги усогласат мислењата со коалиционите партнери, или партнерите кои го сочинуваат владиното мнозинство. Јас незнам дека на ниво на партиите досега такви консултации

се правени, или ако се правени тогаш се правени помеѓу СДС и либералите, сигурно тука не ги исклучувам и социјалистите. Една таква драстична појава за такво неконсултирање на другите партии е давањето согласност за прием на Република Македонија во Обединетите Нации под името бивша југословенска Република Македонија кога за тој чин на Владата дознавме после четири дена. Тоа значи дека постапката била сосема некоректна и пратениците на ПДП се најдоа во една мат позиција, или свршен чин. Мене колку што ми е познато била една вербална спогодба дека коалиционите партнери за секое прашање што треба да се поставува на дневен ред во Собранието на Република Македонија треба пред тоа да се консултираат и кога ќе дојде времето тие прашања да се стават на дневен ред тогаш позицијата на партиите кои се во коалиција да биде чиста. Додека тоа до денеска тоа со нашата пратеничка група не е сторено. Слободно можам да констатирам дека пратениците на ПДП најповеќе служеле како декор да гласат, да изгласаат нечии иницијативи, додека нашите мислења по соодветен закон, или соодветна иницијатива сме правеле обиди да ги презентираме преку амандмани кои сигурно тука во Собранието беа отфрлени со мнозинство на гласови.

МУХАМЕД ХАЛИЛИ: (Продолжение).

И после сето ова и ова време поминато кое се карактеризира со работата на Владата на Република Македонија постои констатацијата дека сеуште сме на ниво на правата кој што сме ги избориле на експертската Влада која тогаш толку многу ја критикувавме, а сепак беше иста како што е ова. Еве да ве потсетам. Почна господин Лепавцев со градење на цркви низ врвовите на планините, а заврши министерот за финансии со печатење на банкноти со цркви, под мотивација дека се историски монументи, а истото тоа не најде за сходно да го стори и со некоја џамија. Тоа што во образованието го имавме за време на господин Димитар Димитров кој воопшто не сакаше да отвори дијалог со албанските пратеници во врска со образованието во една поблага форма сега го имаме и со министерот Балаџиев, затоа што и ветувањата на ГОСПОДИЈ Киро Глигоров дека проблемите ќе ги решиме чекор по чекор и после 2 ипол години дејствување на овој Парламент се таму каде што се обидовме да го правиме првиот чекор, а сеуште не сме го направиле. Тоа значи дека на индиректен начин и претседателот Глигоров е актер на овие недобри збивања на штета на албанците во Македонија. Само би сакал да ве потсетам приближно во Македонија има околу 78.000 ученици во средното образование, додека во Министерството за образование сеуште нема ниеден вработен албанец, а именувањата што ги вршеше до сега министерот се сите кадри кои ние сме ги прифатиле за време на комунизмот, докажани кадри на господин Саво Климовски. И секако не може да се оди напред ако цело Министерство работи со кадри на минатото, или со^кадри кои сестрано го дадоа ЈВДВНИОТ придонес за затворање на албанските школи во Република Македонија.

Во областа на судството тоа што го предлагаше бившиот министер Наумов, а кој јавно се декларираше дека е министер на ВМРО сега истото го стори и господин Гошев. Имено, секој ден тука пред Собранието на Република Македонија. Доаѓаат маса албанци кои се жалат дека имаат решенија за уривање на нивните куќи. Тоа истото го направи и славниот Лепавцев. Сега тоа што имав намера да го кажам за судството никаква промена немаме ни во областа на судството. Дури и за. тоа што се залагавме тука да има виши суд во Гостивар или Тетово и тоа беше одбиено со комунистичка мотивација дека ете таму не треба виш суд, затоа што има близу во Битола или Прилеп или работите ќе одат по друг тек и дека тоа бара големи финансиски средства. И на крајот да го заокружам ова. За мене не е битно дали оваа Влада ќе функционира или нема да функционира, затоа што ние ништо не сме добиле од онаа Влада. Ако ова Влада не е спремна да го прифати тоа ние што бараме и што предлагаме подобро да си оди. Ако прифати дека може да најде начин да ги решава работите, тогаш да ги цитирам зборовите на опозицијата па господине што бараат албанците, тие се во коалиција со СДС, тие се мнозинство во Парламентот, нека подготват закон нека го изгласат и работата е завршена. Ако сте спремни вака да работиме.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дами и господа, јас ќе ве прашам дали некој од вас сака да носи змија во пазува. Веројатно никој не сака. Јас верувам дека никој не сака да носи змија во пазува и сега во овој период, затоа што после 2 месеци таа змија ќе биде многу отровна и тешко нам. Знаете зошто ви го зборувам ова. Ова ви го кажувам затоа што со примањето во ОН на нашата држава под тоа туѓо име нас Владата, не можам да зборувам за претседателот на Републиката бидејќи е отсутен и ни вети дека после 2 месеци ние ќе бидеме меѓународно признати под тоа име кос ние го имаме, Република Македонија.

Што направи Владата и факторите кои требаше да го решат проблемот за меѓународно признавање на Македонија и второ на внатрешен план. Јас ве убедувам и ве уверувам дека до ден денес Владата на Република Македонија за нашата држава не направи ништо. На внатрешен и надворешен план. На внатрешен план игравме криенка, а на надворешен план се лажевме. На некои им е смешно, на некои им е чудно, на некој му е така на некои не е така."Баба лаже трап не лаже". На внатрешен план откога ние влеговме во овој Парламент и претходната Влада и Владата која ќе не следи, која ја наследи која е пред нас сега, не сакам да ги напаѓам сите министри, јас се оградувам од некои, дојде во ситуација и самата да падне во една стапица,да биде соучесник со арамиите. Зошто? Многу пати од оваа говорница, јас и моите други соговорници од мојата партија, па и од другите партии зборуваме дека Е оваа држава наша владееше митото, корупцијата итн. итн. И едната Влада и другата Влада ништо не направи да се спречи митото и корупцијата. Ни полицијата на господин Фрчковски не презеде ништо, затоа што таа под покровителство на претседателот на Републиката и под резиденцијата на оваа Влада која е пред нас, не направи ништо да фати еден арамија. Стопанството се крадеше, тотално се крадеше. Покретна имовина, Непокретна имовина, пари од штедачите, пари од народот, полицијата стоеше неутрална. За сметка на тоа некои господа од тука од внатре се многу богати. Се многу богати и се моќни. Меѓутоа, има еден филозоф кој рекол: "ништо не се знае од твојот крај", затоа што господ знае да суди, но не е судија кој ја носи пресудата. Безброј претпријатија ликвидирани, илјадници луѓе без работа на улица. Плачат луѓето кои штеделе некој динар надвор. Ни со око да трепнеме и да им помогнеме. Односно Владата да помогне. Сето тоа се правеше во името на некој закон кој не постои. Зошто

не постои? Јас ќе ви кажам. Затоа што сите закони што ги донесовме не се на државата која мислиме дека ќе ја правиме и која требаше да ја градиме и да ја направиме. Тие беа од некаква СФРЈ. Еднаш јас тука ви прочитав, ние носиме, креваме рака за закони, а таму стоеше СФРЈ, арамиски закон, а тоа е на бело видело сега. На внатрешен план Владата падна, не го положи испитот, доби петка. На надворешен план реков се лажеме. И тоа се лажеме страшно. Не само самите ние, веруваме дека ако лажеме 100 пати ќе поверуваме и самите. Но за жал, и ние не поверувавме, и Владата не поверува ништо не направила. Од ова име што го земавме, што ни се даде можеше убаво да стане господин Бранко и да каже ова име ќе го предложиме, ќе го прифатеа и досега ќе бевме расчистени, ќе беа поминати и 2, и 3 и 4 и 5 и 6 месеци. Значи ние се лажеме. На некој начин ние тоа име и го дадовме, односно властите кои владееле, Владата и органите кои се грижеа за тоа министерствата, тоа име веќе го имаа дадено. Државата беше крстена. Едноставно таа се прими во ОН како таква. Тоа е понижување. И на нацијата и на народите кои живеат, воопшто на луѓето кои живеат во оваа држава и на македонската нација и на државата. Сега зошто е тоа така? Еве зошто е тоа така. Не можеме ние сега да се биеме во гради дека го сакаме тоа. Никој не го сака, јас сум меѓу народот. Мене ме напаѓа еден човек и тоа од информативните средства, преку некои таму демагози, лажовци, бандити, луѓе, а знаете грчки, на кој му плаќате вие. Владата на Македонија, претседателот на Републиката, министерот за внатрешните работи, нека не се смее Фрчко, затоа што народот ќе плаче. Еден претходник, мој соговорник рече дека, а јас сум рекол порано дека незнам зошто чекаат, па не ги земат железните вили да не избркаат. Тоа сум го рекол. И дека утре народот ќе рече доста со лагите, доста со тепачките. Ќе дојде денот кога ќе зборуваме за тепачките и за компетенциите на господинот министер, ќе му бараме слична одговорност

кој него го овласти да ги тепа. Владата!, Црвенковски, претседателот на Републиката самоволието, ако е самоволие тоа е диктатура. Пасивна, но фактички утрешна диктатура. Диктатурата, а велиме дека сме народна држава, дека водиме демократија. На секој ќе му одговорам кој ќе стане кој ќе ми бара реплика и ќе му кажам кој е, овде го имам тефтерчето, а за мене нека каже Фрчко кој сум. Не сум бил ни арамија, не сум бил неморален и не сум бил тоа што сакат да кажат тие од информативните средства. Јас му реков на Коле да ја праша мајка му каков сум јас и какво е моето семејство. Да господа. Сакам да ја кажам вистината која треба секој да ја прими како вистина. Јас ви реков на еден друг состанок овде, ако се мразите меѓу себе и ак не дојде до една ситуација да се смирите, тогаш оваа држава нема да ја направиме. А на тоа ние да ставаме бензин, Владата наша и претседателот на Републиката да не лаже, значи тураме бензин на овој систем што го имаме ние, на ова Собрание како фактички ние да не сакаме држава. Во поглед на економијата реков еднаш дека економија, политика, социјала се три работи кои ја прават државата. Мене ми се мешаат многу работи, меѓутоа, и Владата тука не направи ништо. Во поглед на економијата произведуваше арамии, во поглед на социјалата имаа еден стап им даде два стапа да просат, во поглед на политиката реков паднаа, добија единица а во поглед на другите структури,на просветата, на здравството итн. паднаа со единица. Ништо не направиле, апсолутно ништо. И ќе ви откријам една друга тајна која мис е врти во мислата. Знам исто што сакат да направат тие партии. Мислат дека ќе влезат во некои фондови, имаа сокриено пари, дури и грците можат тука да им помогнат. И ќе излеземе на изборите, ќе го излажеме народот со тоа што ќе земат и другиот ден ќе го осудат повторно на улица и ќе го згазат, а тука се пендреците, тука се и затворите, тука е се.

И кога ќе се броиме од 100 ќе останеме двајца. Таа политика господо од Владата и вие од партијата СДС да ги оставите на страна. Со такви манипулации внатре во државните каси и да правите избори, да го лажите народот не. Прво, бидејќи бевте на власт да му платите сето тоа што го зедовте од земјоделците, да им ги вратите парите на тие што им ги зедовте, на штедачите да му ја вратите насмевката на оној работник кој што шета по улица, затоа што и фабриките ги дадовте и сакате да ги усвоите без пари, ако чинат ако чини 500000 долари, ќе ги земете за 20.000 и со туѓи перја пак сакате да се китите, со туѓи перја нема китење.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ**: (Продолжение)

Бидејќи се однесува за Владата, дали да опстане или да, или да остане, ми се чини дека, а во културните земји, во демокрациите на запад, сега и во исток веќе го зедоа тоа, го презедоа, за една грешка на претседателот на Владата, било да е тоа од економски или од политички план, сам си дава оставка. Џентлеменски излегува и го враќа на претседателот на Републиката мандатот и му вика господин претседателе јас не сум тој. Од колку треба да одговара , ќе одговара. Ние не сакаме, фала на господ ниту да бесиме, ниту да тепаме.

Е сега, ако целата Влада е виновна затоа што го доведува претседателот на Републиката во таква положба, тогаш се бара оставка. И, го има право претседателот на Владата со овој Парламент и со претседателот на Републиката да бара оставка од поодделни министри кои ја доведоа државата во таква ситуација. Таму се одговара и за политика, се одговара и за економика. Ние сега скоро ја имаме на видок ситуацијата во Италија. Си паѓаат како крушки. Понапред ги имавме во Јапонија итн. Нема милост ако некој украде, ако некој згреши на државата, ако некој зеде од касата на државата. Там си дава оставка и одговара према Законот. А, тие имаат закон, имаат и Устав.

Сами помагаме на инфлацијата. Самите ние си помагаме на инфлацијата. Зашто? Затоа што дозволивме, првин, ако тргнеме од економски аспект, дозволивме, да го оставиме нашето производство тотално, тотално незаштитено. Зашто го направивме тоа ние, господа? За да се, не сакам да кажам Владата,но ќеречам и луѓе од Владата и директори и моќници да можат да тргнуваат за сметка на нвините претпријатија, не за сметка на луѓето кои работат во тие претпријатија. И, автоматски тука сега со туѓи стоки, со туѓи роби.

Што сакаш Владо (се обраќа кон пратеникот), јас реков да не ми бараш збор. Добро.

Овде, овде, овде, е инфлацијата, овде е и таа пара што некој зборуваше пред мене, што не вреди веќе ништо а така ќе биде и со другата пара ако по тој пат одиме.

Не може да биде призната држава, пак ќе се вратам малку назад, ама не сме донеле ни еден системски закон. Едно знаме и тоа Грците ќе ни го земат! А имаме 2 0 министри, сме 120 пратеници, имаме претседател на Република и сите институции. И, да дозволиме да остави само еден колец без знаме.

Умни сме или не сме умни?! Не сме донеле грб! Сите бегав од тоа. Само сполале му на господ, јас сум христијанин, ќе се прекрстам (се крсти), одвај ве натерав, пак ќе го спомнам тоа, доживотно ќе го споменувам, да ја испеете и македонската химна. И тоа го не сакавте. Како, абе кој ќе ве признае такви, бе? (сема во салата и поединечни аплаузи). Знаме не сакате, грб не сакате, химна не сакате, крадете (општа смеа) и сега, која е таа држава меѓународно вас што ќе ве признае? Ако има некој како нас надвор, исти, тогаш ќе не признаат. Ама, фала на господа, нема такви (жагор во салата и поединечни аплаузи).

Уште малку ќе завршам, уште малку ќе завршам, уште малку ќе завршам.

Господа од Владата, кажете ја вистината, помогнете му на тој, немоќниот, помогнете му. Прекратете ги информативните средства да служат на ваши и недржавни цели. Да му служат на народот. Вратете ги луѓето на работа! Обезбедете социјалата, пензионерите, помогнете му на здравството зашто колку ми е познато тука имаме доктори, јаки доктори, хирурзи, ова, она,земаа колку што зема една чистачка незнам на кое претпријатие. Нели тоа е срамота. Помогнете му на даскалот, помогнете му на професорот, помогнете му на учителот помогнете му на селанецот! Тоа

не е пропаганда. Јас најискрено, јас сум 68 години, јас апсолутно нема што кариера да барам тука (удира дланка во дланка во смисла на расчистување, што предизвика смеење во салата). Вие треба да ме слушате мене, вие треба да ме слушате мене како постар човек и така да настапувате (претседателот ги опоменува присутните со ѕвончето).

Е сега, ако мислите друго, ако мислите на друго, сега малку ќе влезам бидејќи во оставката на Владата, во јачањето на државата ако мислите дека ќе го уништиме ВМРО, тогаш се уништивте самите (удира со раката по говорницата) така? Не смееме да го уништиме ВМРО. А, не смееме да мислиме и за другите партии лошо. Треба да бидеме умни и паметни. Меѓутоа, пошто Владата до сега покажа, не да кажам неумност, покажа такви слабости, ми се чини подобро ќе биде да си дадат оставка пред ова Собрание, па да видиме понатаму што треба да работиме. А, да си дадат и сметка за тоа што се деси во таа анархија од владеење на оваа Влада. Дале бе, вратете му на луѓето што му зедовте бе! Греота е, бе! (смеење) Како ве фаќа сон, мајката, некој да нема да јаде а некој цела ноќ да игра карти? Или да шета! Тоа е срамота. Тоа е ненормална работа. А, јас прошетав вчера до Струга, бев там, бев на една наша лична работа, на една панихида, толку сме така броени, сите, и Албанци и Македонци, што сега, на број да ги видиш, тие сме.

Е сега, пазете една работа. Сите страдаат од таа болест. Сите викаат некој ни зеде! А, вие тврдите дека никој не зел. Пак ќе ве предупредам, вратете му ја насмевката вистинската насмевка вратете му тоа што му зедовте. Тоа се однесува на сите што беа на власт и директори и разни институции.. Заборавете ова дека може Македонија да се признае како таква што сакате да ја признаете, така и министерството, министерот за внатрешни работи, господин Фрчковски да му ги скрати пендреците на тие што му ги дал (смеење) затоа што последната информација ја добив сега,

вчера некое дете, завчера беше тоа кога беше, е во болница, пак од полицаец.

Господин Фрчковски, вие сте доста културен човек. Вие сте учено дете. Вие сте проповедале...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, од говорницата не можете да разговарате со поединци. Се обраќате на Парламентот.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Јас му се обраќам лично на министерот за внатрешни работи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде, не може да разговарате...

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Јас лично му се обраќам на министерот на внатрешни работи.

Секој, еве на министерот на внатрешни работи, не на господин Фрчковски, ако е друг Фрчковски па друг министер на внатрешни работи, тогаш зборувам за две лица (смеење во салата).

Децата што ви ги даваме се "табула раса" и се чисти во полицијата. А сега, там, ги правиме садисти, убијци, тепачи. Пазите, полицијата треба да биде меѓу луѓето и народот, како што е во Англија, како што е. Не може да се рамните господа министри со Англија, со Франција, со Америка, со Русија. Бројте се, ќе видите колку сте и ќе излезете помалку отколку јас ве бројам. И сега, на секој чоек да имате по три полицајци, под секој прозор да имате по три што, (прави гест со раката во смисла на прислушување) што треба да дадат извештај во секое министерство да имате по 6 управи што ќе куцаат цел ден, во кое второ министерство ќе имате телефоните, јас ви викам дека и мојот се слуша и Фрчковски ако е искрен може да го признае,

таму цела ноќ и сабајле ќе се соберат како сатаните, ме разбра, и ќе куцаат, ќе бараат кој е и ти се слушаше. И, ако не го бендисува утре и ти ќе јадеш ќотек. Слушај, и, дури такви механизми работат во една држава и му се дозволува од Владата и од претседателот на Републиката, таа не е држава. Е тука е веќе, тоа преминува што рековме до една тиха до една стварна диктатура. Па, никој нема дете,бе, да го тепаш. Ќе го земеш сега тоа дете, ќе го маваш. Чекај бе, човече Тој излегува на стадиони одат,. викаат, прават, па заедно ќе излегуваат децата.

у_у_у_у_у полиција! Мајкатааа! Хитлер не го правеше тоа. Завчера (општо смеење во салата) најискрено викам јас, завчера кога излегов ми телефонира од дома Тате, прејди по таа врата затоа што таа врата може ќе те фатат. Мајката, кој ќе ме фати сега? Кога излегува од таа врата, добро, полицајците не познаваат, можеби имаше таму две-три комбиња, по комбињата, по ќошовите, по дрвата -полиција. Тоа ја обвинувам цела Влада. Тоа не смее да се дешава така. А, тука врват разни луѓе, надворешни, ова- она, Парламентот заседава, а полицијата ги чува. Само треба да се даде наредба од министерот и да се уапсат, да се исколат. Тоа го прават само во јужна Африка, во Чиле и во други тоталитарни држави. А, ако не истепаат сите тука, нема кој да не замени, толку сме (смеење во салата).

Затоа, малку, јас ќе подзастанам, само ќе му се обратам на информативните средства да престанат со интригите, со лагите, со дезинформациите, со една минута, а чекај, со една минута давање на некој андарт грчки, андарти грчки знаете кои беа? тие беа против комитите, а тука ги имате вие во Македонија. Тие го избија цел народ наш во Егејскиот дел на Македонија. Тие ми *5а затворија мајка ми, тие ме уништија мене, тие ги уништија браќа ми, тие, видете сега тука господа (вади плико со писмо од џебот и го покажува на пратениците) едно писмо што добивам јас,

тоа е од Гевгелија, од Гевгелија пишува, а го праќа од Велес. Ако го читам тоа писмо уште...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие зборувале ваше, што сега писма туѓи...

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Да, да, да, на тоа Владата ја обвинува затоа што, затоа што ми се чини дека на таквите~луѓе им овозможува Владата или некое министерство, тие се соработници на такво министерство кое ги има пендреците, министерството на внатрешни работи.

Да живее другарот Тито. Што му барате вие слика тука да има? Тие дома си ја имаат...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не можеме да следиме ние вие што зборувате.

(Смеење во салата)

Не, навистина.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

А, во една друга прилика господине претседателе на Собранието ќе ја имам таа чест и за вас нешто да кажам во овој парламент, лично! И, тужи ме! Затоа што се оградувам. Јас реков јас зборувам за политика, зборувам за Влада, а не зборувам за личност Јас зборувам за дезинформациите што се вршат према ВМРО.

Ние не дозволивме уште некој од ВМРО да ви пише некое писмо.

(од редовите на СДС се дофрлува дека се јавуваат по телефон)

Телефоните мои цел ден ѕвонат. Нека ми покаже еден едно писмо а да не го направи полицијата, да го донесе како јас што го носам,па ќе ви

донесам јас еден куп и тогаш јас ќе кажам дека стварно и вие имате од нас. А вие не можете да ми кажете ниту едно писмо така. Јас сум убеден во тоа. Надвор на улица можат да викаат, можат да прават, ама такви работи - не.

Овие работи треба да се тераат. Тука се сее отровот. Отровот се сее тука. Значи, нашето министерство за внатрешни работи е паднато под ниво на министерство на демократија, под ниво кое гледа единство кај сите луѓе, под нивната вага, на министерството за внатрешни работи вагата веќе нави, веќе нави кон една ќе правда. Затоа, затоа, ќе ве молам најостро јас од тоа место, секој напад врз човек врз дете специјално, го осудувам како акт на насилство, како акт кој ќе не доведе до страшни, страшни последици.

Направивме една армада од полиција. Убави се децата. Ама, денес го натера да тепа, утре го натера да тепа, друг ден ќе му каже отепај го Митко од назад, друг ден ќе рече обеси го Бранко там на бандера, е-е-е-е, тоа веќе нема. Тоа нема крај. А, и на тоа одиме. На тоа одиме.

Јас ве поздравувам уште еден пат и на Владата лично јас не му давам доверба од тие причини.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Георгиев.

Господинот Поповски бара реплика бидејќи беше спомнат. (реакции од редовите на ВМРО-ДПМНЕ дека нема реплики)

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас од оваа говорница секој пат сум реплицирал со политички ставови или со пратеници во Парламентот.

Од еден пратеник се случува по трет или четврти пат да реплицира со мојата фамилија од оваа говорница. И јас, најискрено го замолувам господинот Анастасовски во иднина да не ја спомнува мојата фамилија од

говорницата, без разлика дали е родител, дедо, вујковци итн. И, во таа функција ќе го кажам следново:

Мојата фамилија, во сите периоди кога Македонија била поробена (пратеникот Митко Анастасовски дофрлува дека позитивно ја спомнал).... Да, да, позитивно., давала луѓе кои се бореле и гинеле за Македонија. Тоа е прво.

И второ, искрено ве замолувам господине Анастасовски веќе да не ја спомнувате мојата фамилија од овде. А, доколку и по вторпат ја спомнете од ова мое предупредување, јас ќге ви одговорам на тоа што ме прашавте Прашај ја мајкати? Меѓутоа, се плашам дека вистината ќе ве боли.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реплика бара господинот Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Одма ќе ја прашаш мајка ти сега и ќе му кажеш по телефон да му јави на претседателот: Кој го уби татко ми? Кој ја прати баба ти со мајка ми во затворите? (претседателот предупредува на ред со ѕвончето) Кој ти ги уби вујковци ти? Ти немаш ништо од нив! (ја напушта говорницата и напуштајќи извикува) Ти немаш ништо од нив! Кој го прати дедо ти во Бугарија...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Седнете сега, се говори само на говорница. Само на говорница.

Збор има господин Георгиев.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,

Најверојатно мене ми падна таа должност на некој начин нашата расправа по однос на поставувањето на доверба на Владата на Република

Македонија да ја сведеме во рамките на она што ни е обврска како членови на Републичкиот парламент.

Поставувајќи го прашањето за доверба на Владата, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ во своето кратко образложение како основни причини наведува четири, а сега веќе во расправата се проширија тие причини и најверојатно до крајот на расправата тие причини уште повеќе ќе бидат или проширувани или на одреден начин и образлагани. А, можеби и по повеќе пати повторувани.

Во основа, јас ќе се задржам на причините што беа изнесени во образложението и во тој дел посебно би се задржал во делот на водењето на надворешната политика каде што посебен акцент беше даден во делот на признавањето на Република Македонија и приемот на Република Македонија во рамките на ОН.

Ова прашаше на 58-та седница во Парламентот беше расправано скоро 5 дена. А, самото прашање беше отворено од страна на, исто така пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Беа понудени заклучоци, што имаат за цел да се спречи приемот на Република Македонија во рамките на ОН. Ние бевме сведоци дека таквите заклучоци што ги нудеше ВМРО-ДПМНЕ беа баш така насочени да се на одреден начин спречи приемот на Република Македонија во ОН. Тие заклучоци од Собранието не беа прифатени и тоа со мнозинство на гласови.

И покрај јасната позиција што ја има, пак се поставува прашање, што сега најверојатно има друга цел. Пред се, слабеење на позицијата на нашите преговарачи во рамките на преговорите што треба да почнат и што треба да се остварат во делот на преговорите што се водат во рамките на ОН.

**ПЕТАР ЃОРЃИЕВ**: (Продолжение)

А се заборава и не се регистрира фактот што со приемот на Република Македонија во ООН за прв пат седнува македонска делегација рамноправна со делегацијата на Република Грција и да разговара за многу важни и отворени прашања. Се до овој момент сите наши прашања беа непостоечки или не можеа да се постават во сите поранешни разговори што на одреден начин се водеа во поранешна Југославија. Од тие причини пратеничката група на Реформските сили Либерална партија смета дека во овој период на заокружување на процесот на меѓународното признавање на РМ не е воопшто упатно барањето за дава! доверба на недоверба на Владата со што, во основа, ќе се ослаби наш, та позиција што денеска ја имаме или на одреден начин ќе се придонесе  нашите прашања што ги имаме отворени со Република Грција на одреден начин да не ги оствариме односно во преговорите не ги оствариме нашите придобивки.

Втората забелешка за улогата на Владата е само едно од прашањата кои се импутираат на оваа Влада и сметам дека тие прашања повеќе пати се повторуваат во рамките на Парламентот и скоро по сите прашања што се поставуваат, а во секој случај не се однесуваат на оваа Влада бидејќи прашањата што се изнесени по втората точка во забелешките се однесуваат на проблеми што се наследени од претходните систем односно проблеми кои долги низа години се присутни, а сега со преодот од еден во друг систем сигурно има обврска и овој Парламент да изнаоѓа решенија за нив. Тука е сигурно прашањето на девизните штедни влогови, а уште повеќе поголеми подметнувања во делот на одредени девијантни појави што денеска се прават во рамките на таканаречената трансформација на општествениот капитал или во рамките на самонаречената, од некои

стопански субјекти, трансформација. Ние не можеме во овој момент никого да обвинуваме затоа што и не е точно тоа што сега се рече дека законот за трансформација не е даден на донесување од Парламентот, кога знаеме дека по тој закон веќе расправавме тој е во трета фаза односно во последна фаза и веќе го имаме добиено и токму во делот на регулативата е предвиде ревизија за се она што е направено во делот на трансформацијата односно во делот на моментот од почнувањето на првата трансформација, до завршувањето на процесот на трансформацијата во претпријатијата со општествена сопственост. Сите злоупотреби што се направени ќе бидат подвргнати на ревизија и доколку има одредени недостатоци на штета на општествениот капитал, ќе бидат санкционирани и тука сигурно никој не може да биде иземен. По тоа прашање не треба да се прават никакви политички или незнам какви подметнувања.

Сметам дека треба да се сконцентрираме на донесувањето на законите што се влезени во процедура, а на одреден начин со нашиот однос, па еве и денеска го докажуваме тоа со сегашната расправа, ни оневозможуваме да влеземе во една таква процедура за донесуваше на законските прописи. Зошто? Затоа што се бавиме сами со себе. Со денови расправаме по одредени прашања што сами ги измислуваме, заради најверојатно, постигнување на одредени цели, а во основа ни ја исполнува нашата најосновна обврска како парламентарци, а тоа е во делот да служиме на законодавната власт односно да ја конституираме власта

Поставувам прашање како што до сега многу други поставуваа прашање зошто не е донесен Законот за судовите, кога не ни е конституирана една од трите рамноправни власти, а обично се поставува прашање на другите. Одговорот лежи сигурно во сегашниот начин и

пристап на нашето работење. Затоа што не сме во можност или не сме во ситуација на одреден начин да го исполниме уставниот основ т.е. 81 пратеник треба да биде на одреден начин во функција на остварување на таа наша обврска за донесување на тој закон. Што значи дека веќе имаме опструкција, а не опозиција. Доколку се работи за опструкција или на одреден начин да ја блокираме работата на Парламентот, сигурно резултатите во тој дел ќе бидат изостанати и не можеме вината да ја префрламе на други а обично така се прави.

Пратеничката група на Реформските сили Либерална партија укажува од забрзување на процесите на реформата во некои од области те на политичкиот и стопанскиот систем, а таа наша обврска произлегува и од платформата што ја имаме усвоено од нашата партија во делот на промените што поскоро да настанат.

Укажуваме и сигурно не сме задоволни со тоа што многу споро течат промените во делот на реформирањето на Министерството за внатрешни работи. Добро е што овие денови се огласи и министерот за внатрешни работи и сигурно веќе ќе бидат насочени обврски во делот дна таа реформа за која сигурно многу се зборуваше претходно,а јас сигурно ќе укажам на тоа дека и ние се залагаме за таа реформа, но не треба да му пречиме на Министерството во делот на она што е нивно да го предложат, а ние да бидеме активни во делот завршната фаза односно во делот на оформувањето на таквите предлози што ќе бидат дадени од страна на Владата.

Укажавме и сега укажуваме на потребата од укинување на Службата на општеното книговодство. За таква институција во нашиот устав не постои и нема место, но еве до ден денеска СОК опстојува, не се покренуваат иницијативи за нејзино укинување и сигурно постојат одредени

девијантни појави посебно во делот на следење на контролата на ревизијата и одредени девијантни појави за одредени состојби што ги имаме денеска во стопанството, затоа што тој процес е отпочнат, но не е завршен во една таква фаза сигурно не можат да се преземат соодветни мерки.

Ваквите наши укажувања произлегуваат од нашата позиција што ја имаме во делот на учеството во коалиционата влада. Опозицијата има право на забелешки и сигурно може одредени прашања негира, тоа се сигурно нејзини делови од позицијата што ја има, но во секој случај опозицијата не треба да се служи со подметнувања, со одреден лаги и со одредени невистини со кои и јавноста ја доведува во една друга ситуација.

Сметам дека е злоупотребена говорницата со изнесување на бројни невистини и подметнувања. Наместо да се укаже на недостатоците и да се нудат излезни решенија, цело време пред Парламентот се поставуваат одредени прашања за кои прашања секако некој друг е виновен. Сметам дека треба опозицијата да го промени својот стил на однесување и веќе да почне да нуди одредени решенија, а доколку таквите решенија навистина се прифатливи сигурно позицијата и некои од нив ќе ги поздрави.

Од овие причини сметам, а и во името на Пратеничката група на Реформските сили Либерална партија да укажам дека нашата пратеничка група не го прифаќа предлогот за изгласување недоверба на Владата и ќе гласа против таквиот предлог.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Голубовски.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Од оваа говорница на денешната расправа од еден пратеник беше искажано дека тој однапред знае и верува дека нема ништо да се случи по оваа расправа и дека се ќе остане на зборувањето.

Ако е така, тогаш тоа е малку чуден начин за изразување на политички протест, за едно такво важно прашање кога се работи за доверба на една влада.

Луксузот тоа да се направи и на идеолошкиот противник да му се обезбедат 90 дена неприкосновен мандат во ситуација која е позната, не може да биде оценет како сериозно политичко дејствување. И покрај тоа што се согласувам со одделни констатации и оценки искажани од дел на опозицијата во гласањето ќе бидат воздржан затоа што не сум сигурен дека Партијата која ја поднесе оваа Иницијатива е подготвена да се соочи со одговорноста да владее со Република Македонија и да направи сериозни напори да создаде влада.

Претпоставувајќи една таква ситуација се плашам да не се повтори нешто што во конституирањето на власта по изборите до денеска го имавме како ситуација и тоа ситуација при што на политичкиот пазар околу барањето коалиционен партнер Македонија на тој пазар изгуби многу национални интереси. Едно е да се констатираат слабостите, а друго е да се отстранат.

Сметам дека доколку ВМРО-ДПМНЕ навистина поддржува радикални: промени треба да ја поднесе Иницијативата за предвремени избори, бидејќи веќе слушнавме дека СДС веднаш ќе ја поддржи. Тоа е излезот од кризата во РМ само предвремени парламентарни и претседателски избори инаку, се е игра само цел за себе, а не барање на излезно решение.

Инаку, доколку не се случи тоа што мислам дека е најлогично тогаш исто така како алтернатива предлагам најбројната пратеничка група која е дел од опозицијата да инсистира на свикување седница на која ќе се утврдат рамките на водењето на надворешната политика или како ќе се дефинираат рамките на разговорите околу градењето на мерките за доверба за да со тоа се овозможи на граѓаните и на македонскиот народ да се растоварат од психолошкото оптоварување околу процесот на поширокото меѓународно признавање и дефинитивниот прием во ОН затоа што ова не го сметам како дефинитивна и задоволувачка опција за РМ, а институциите да си го земат во своја надлежност тоа како активност и притоа да не се доведува во ниеден момент во прашање Уставот на РМ.

На крај да заклучам уште еднаш дека во меѓувреме во РМ се случи крупни настани не само во надворешната политика, туку и на внатрешен план, очигледно дека македонскиот Парламент како партнер на другите институции на парламентарната демократија зад која се определивме не дораснат на новонастанатата ситуација и затоа би сакал да се респектира и сериозно прифати предлогот на кој што укажав што побрзо во РМ да се распишат предвремени претседателски и парламентарни избори.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Голубовски беше последен пријавен учесник во расправата.

Господинот Халили има процедурално прашање.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Со оглед на фактот дека во 19,30 часот имаме средба со белгиските сенатори, предлагам од 19,30 до 20,30 пауза или вие да продолжите без нашата пратеничка група.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само еден момент да се разбереме. Никогаш цела парламентарна група не оди на вакви разговори. Нашите гости се 6-тмина.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Да, меѓутоа, ние така сме се договориле.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам добро сте се договориле, само сакам да ви кажам дека ние расправате во 23,45 часот ќе ја прекинеме иако после има учесници затоа што тогаш мора да се обезбеди претседателот на Владата да земе збор, да го изрази својот однос спрема прашањето за доверба и по 24,00 часот и 1 минута треба да гласаме.

Ве молам кога ќе немаме доволен број пратеници, тогаш ќе востановиме дека нема доволен број.

За збор се јави госпоѓица Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Јас му благодарам на претседателот Андов, јас имав намера да се јавам.

Почитувани пратеници, на почетокот би сакала да укажам на неколку моменти кои ги истакна пратеникот на Реформските сили господинот Петар Горгиев. Имено искажана е една ноторна невистина дека ВМРО-ДПМНЕ ги понудила на 58-та седница заклучоците во кои децидно беше кажано дека не е прифатливо за ВМРО-ДПМНЕ менување на уставното име Република Македонија во бивша југословенска Република Македонија. Во истите тие заклучоци доколку сакаме добронамерно да ги читаме така како што е напишано, а не поинаку, да бараме задни намери јасно стои дека ВМРО-ДПМНЕ предлага Република Македонија да биде примена во ООН под нејзиното уставно име не пишува поинаку.

Исто така е факт дека ВМРО-ДПМНЕ и малку ако сакаме да имаме една интелектуална чесност, беше првата партија во РМ која се залагаше за самостојна и независна македонска држава. Исто така, прва зборуваше и за раздружување од СФРЈ, прва се заложи за прием во ООН и поширокото меѓународно признавање.

Исто така, во Платформата за надворешна политика на ВМРОДПМНЕ е доставена до сите средства за јавно информирање, на бројни трибини низ РМ таа е обелоденета и во овој Парламент нашите предлози на сите седници на кои што се расправало за надворешната политика се обелоденети и тие стојат во сите стенограми, исто така во гласилото на ВМРО-ДПМНЕ "Глас", можете да ги прочитате, така што не е точна тезата дека ВМРО-ДПМНЕ не понудило свои предлози, не настапило конструктивно. Јас не би сакала сега во овој момент да ги повторувам ако има потреба после седницата може лично да ги врачам.

Што се однесува до забелешката дека ВМРО-ДПМНЕ забележува дека не се донесени некои закони, конкретно Законот за судовите дек токму ВМРО-ДПМНЕ го кочи донесувањето, бидејќи е потребен 81 глас, јас морам да ви кажам дека ние не сме тие што ќе вршиме поддршка на позицијата, туку наша цел е како политичка партија исто така да ја освоиме власта и како идна позиција да даваме свои предлози, да даваме свои решенија, но тука би го поставила прашањето зошто не е донесен Законот за грбот, дали самата позиција не врши опструкција на законите кои самата ги предлага.

Што се однесува до работата на Владата би укажала на изминатиот седуммесечен период од изборот на Владата на премиерот Бранко Црвенковски која беше резултат на формирањето на коалицијата на СДС, Реформските сили, Социјалистичката партија, ПЦЕР и ПДП-НДП. Но,

доминантна според бројот на местата и премиерското место е партијата на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија. Сите вообичаени рокови кои беа потребни на Владата да се снајде и да ја реализира својата најавена програма изминаа. Денеска Република Македонија се наоѓа во една друга стварност сосема изместена како резултат на решенијата што ги понуди Владата нормално решенијата во наводници како клучен носител на надворешната политика имено тие решенија се беспримерни. РМ е примена како членка на ООН но без своето име под привремено име БЈРМ, без истакнување на јарболот на државното знаме усвоено од ова Собрание. Од денес започнуваат преговори за условите што ги поставува Грција во кои покрај барањето за измена на државните симболи се наоѓа барањето за измена на Уставот.

Иако упорно деновиве претставниците на државното раководство и Владата преку контролата што ја имаат врз: средствата за информирање настојуваат поразот да го прикажат како победа, на сите македонци да ни нацртаат насмевка иако ретко кој може да чувствува радост од приемот во ООН кога името ни е сменето, не може никој колкава моќ да има да не убеди дека загубата на името е наша победа и успех.

Не сакам да повторувам некои работи кои ги искажав пред неколку дена од оваа говорница во врска со Информацијата за прием на Македонија во ООН. Но, тука би сакала да потенцирам дека Владата наспроти своите уставни овластувања прифати Македонија да биде примени во ООН под името БЈРМ иако согласно членот 121 од Уставот Собранието донесе одлука за прием на Македонија под уставното име во ООН.

**ДОСТА ДИМОВСКА:** (Продолжение)

Што значи Владата самоволно без дозвола на Собранието ја измени Одлуката на Собранието.

Од оваа говорница пред малку го слушнавме ставот на координаторот на пратеничката група на ПДП господинот Халили, кој кажа и ако ПДП има учество во Владата и е коалиционен партнер во Владата и таа била заобиколена во донесувањето на оваа одлука на Владата. Дури и 4 дена после давањето на согласност ПДП разбрало дека Владата дала согласност за прифаќањето на ова променето име.

За последиците со кои му е нанесено непоправлива штета по националното достоинство на македонскиот народ во разнебитувањето на македонците и бришењето на македонците во соседните земји допрва ќе се поставуваат овие последици во најжестока форма. Во ваква ситуација Владата би требало барем од морални причини да си поднесе оставка.

Историски долг е на секој македонец да не дозволи понатамошно опстојување на ваква влада која си дозволи да ги погази државните симболи и името. Исто така наша обврска е да создадеме широк национален фронт за возобновување на името, за демократизација на Македонија и економски просперитет.

Исто така во изминатиот период Владата многу слабо ја остварува уставната функција во предлагањето на законите на Собранито Парадоксално е Владата да тврди дека е за независна држава, а да ни предлага измени на Сојузни закони во кој се вршат само делумни измени во два три члена, на пример Законот за претпријатијата, или пак ни предложи големи измени на закони со кои се врши усогласување, но само на висината

на паричните казни, иако со една поголема ангажираност можеше да се изврши целосно усогласување на споменатите одредби на споменатиот и политичкиот систем кај нас. Целта на овие закони е по секоја цена да се наполни испразнетата државна каса и по цена на невообичаено високи казни за сообраќајни прекршоци кој се поголеми од платите на граѓаните, што ќе ги натера од автомобили да преминат на велосипеди.

Претседателот на Владата Бранко Црвенковски во беседата при изборот на Владата вети дека ќе се заложи за надминување на остатоците од така нареченото идеолошко законодавство. Но освен козметички промени на мноштвото закони многу малку досега ни се понуди.

Претседателот на Владата во своето излагање при изборот на Владата изјави дека Владата ниту еден момент нема да се јави како кочница за одржување на новите предвремени избори туку веднаш во најкус временски период ќе понуди пакет на закони потребни за одржувањето на новите избори. Но, барањето на ВМРО-ДПМНЕ од 2 9 јануари 1993 година до Владата за доставување на пакетот законот за изборите од оваа говорница премиерот Бранко Црвенковски одговори дека закони за избори има. Тоа се старите закони. Ако сака некој нови избори нека повели да се распишат избори по старите закони. Дали некој не знае или му одговара да се прави дека не знае дека дел од тие закони не се прилагодени на новиот устав и дека е потребно да се донесат нови закони кои ќе одговараат на новите членови во Уставот.

Истовремено ако се побледен програмата на Владата за 1993 година уште во стартот ќе види, дека нејзините рокови се пречекорени тоа токму по

клучните закони. И тоа: Законот за обезбедување средства од Република Македонија за исплата на депонираните девизни влогови на граѓаните, Законот за банките и штедилниците, Законот за трансформација на претпријатијата за општествен капитал и исто така и Законот за денационализација.

За одбележување е и крајното неоправдано доцнење со законот за локалната самоуправа чие одлагање ги помина сите рокови и поддржува хаос, недефинирана состојба во надлежностите, со тоа и ја блокира директно работата на општинските собранија.

Не е предложен ниту законот за територијална подделна ба РМ. Законот за лична карта кои што од страна на Владата доживеа неколку промени кој што се уште не е донесен.

Од предложените закони на Владата кои беа усвоени од коалицијата во Парламентот истите се успорувани до страна на Уставниот суд. Најголем револт предизвика Законот за општествени станови и 0длу1 та на Владата за изготвуање на Камп на бегалци во Горче Петров и ако со урбанистичкиот план на тоа место било предвидено објекти од поинаков вид. За спроведување на оваа Одлука Владата дозволи асистенција на милицијата, за објект за чија изградба изведувачот немал градежна дозвола, но никој досега не сносел последици за вакви не законски дејства, се се крши од грбот на обичниот човек.

Владата не донесе досега никакви решенија за укинување на монополите од времето на договорната економија, во сите сфери, би заживеала конкуренцијата и пазарното стопанство. Напротив со недонесувањето на законите се овозможува нивно зацврстување.

Индикативен е примерот на монополите во информирањето. Се уште нема закони за информирање со што се кочи трансформацијата на МРТ и нејзиниот монопол над системот на предаватели и врски, а не да се донесе

закон со кој тие би се изделиле во посебно јавно претпријатие или би функционирале според пазарните механизми.

Монополот на Нова Македонија над Печатницата. Зградата на печатот и натаму си останува и ако претставниците на СДС, се со полна уста за демократија за промени и слично.

Исто така доволна причина за одговорност на Владата е недонесувањето на буџетот за 1993 година. Не ефикасноста на Владата се огледа и во нарешувањето на прашањето на девизните штедни влогови на граѓаните во одржувањето со непреземањето на мерки за кражба на општествениот капитал и негово преминување, по пат на разбојништво во раце на поединци.

Деновиве се почесто се огласува и така наречениот независен печат за приватниот бизнис на некои бивши и сегашни министри кои ја користат министерската функција за добивка на своите приватни фирми, за што во демократските земји веднаш се доби функцијата, а тука по пат на сврзани садови министрите си ги зацврстуваат позициите. Познат се фирмите на министерот Антонијо Пешев "Ултра", на потпретседателот на Владата Бекир Жута "Жута-Комерц". Тоа е можност да се употреби позицијата за успешно работење и добивка на тие претпријатија.

Во "Нова Македонија" од 27 февруари 1993 година, е наведено дека преку фирмата на Антонијо Пешев "Ултра" се врши снабдување со компјутери на одделни министерства во Владата: Министерство за внатрешни работи и министерството за односи со странство.

Владата исто така си дозволи наместо да предложи програми за зауздување на инфлацијата, тековната и развојната економска политика таа се вклучи во преговори со штрајкувачки одбори. Одделни министри

активно се вклучија во гушење на штрајковите во одредени претпријатија чија цел беше кадровска смена во корист на коалицијата. Значи во изминатиот период не само што немаме клучни законски проекти или економски програми туку се случува конзервирање на стариот систем и уште повеќе правен вакум во кој се дозволува непочитување на Уставот законите, а тоа и се случува пред се на самата Влада.

Во изминатиот период присутно е и кршење -на човековите права, како што е правото на слобода на мислење, правото на политичко дејствување, на слобода и тајноста на писмата и на сите други облици на општење, слободата на мирно собирање и изразување на јавен протест кој се загарантирани со Уставот.

Во пречекорувањето на законските овластувања предначи Министерството за внатрешни работи, а како најодговорен министерот Љубомир Фрчковски. Во неговите два мандата се случија познатите случаи Куклиш, Радовиш, Горче Петров во кој со примерна репресија им е оспорено правото а граѓаните со мирен протест, со што е подгреа на дестабилизацијата на политичката ситуација во Македонија.

Со случаите на прислушување на политичките партии, а посебно на ВМРО-ДПМНЕ е извршено суспензија на демократијата, на правото на политичко дејствување и е прекршен член 17 од Уставот со кој се гарантира слобода и тајност на сите облици на општење.

Ако се земе предвид дека министерот е од СДС, прислушувањето на опозицијата се знае дека е во полза на оваа партија и дека министерот на полицијата настојува да ја дискредитира по секоја цена опозицијата, пред се ВМРО-ДПМНЕ.

Исто така присутна е појавата на монтирани политички процеси, на пример судењето во Велес. Физичко и психичко малтретирање од страна на полицијата на членови на ВМРО-ДПМНЕ, и ако со Уставот по член 11, физичкиот и моралниот интегритет на човекот се неприкосновени и е забранет секој облик на мачење нечовечко или понижувачко однесување и казнување.

Почитувани пратеници заради ваквите примери и во Извештајот на Американскиот Стејдепартен за 1992 година е наведено дека Министерството на полицијата ги крши човековите права во Македонија. Наспроти ваквите примери на кршење правата на човекот што се срам за Македонија не се оглушува само овој парламент и Владата, туку и така наречените граѓански здруженија кои со своите статути се полни со прокламации за рпавата на човекот.

Почитувани пратеници, работата на оваа Влада не доведе до економски колапс, до правен вакум и непостоење на законска регулатва целосно заокружување на државноста и функционирање на економскиот и политичкиот систем и спречување на негова трансформација. Исто така до бришење, со прифаќањето на името Бивша Југословенска Република Македонија, на вековното име на македонскиот народ, до бришење на националниот идентитет и достоинство. Од таму од сите наведени причини оваа Влада треба да си замине, а да дојдат нови луѓе кои ќе понудат нови програми кои ќе понудат поефикасни решенија за излез од ќорсокакот. Всушност менливоста е основен белег на демократијата и не треба да се застапува тезата ако нормалните механизми , вообичаените механизми на парламентарната демократија функционираат и дојде до паѓање на Владата и избор на нова Влада дека тоа ќе ја дестабилизира републиката и дека ќе создаде хаос или дека ќе ја разниша позицијата на Македонија во преговорите. Напротив нов преговарачки тим, а видовме досега што

направи преговарачкиот тим и носителите на надворешната политика. Нов преговарачки тим може да понуди само нови позиции на Македонија, по прифатливи решенија и загубата Македонија да не оди до крај до промена на Уставот, до загуба на државните симболи, а исто така и до останување на ова име Бивша Југословенска Република Македонија туку да се создаде еден широк национален фронт со овие нови луѓе за враќање на уставното име Република Македонија. Оттаму сметам дека Владата треба да си поднесе оставка и ќе гласам за недоверба на Владата.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За реплика се јавува господинот Петар Горгиев.

**ПЕТАРЃОРГИЕВ:**

Јас нема да ја злоупотребам говорницата но бев спомнат во претходната дискусија, па оттука уште еднаш да укажам на она што претходно го кажав дека заклучоците што беа понудени на Педесет и осмата седница одеше во прилог на тоа да не се прими РМ во ОН. Самите заклучоци беа така и конструирани. Оттука и можеби веднаш реакцијата на ВМРО-ДПМНЕ , штом се виде дека Македонија ќе биде примена во ОН веднаш поднесе нов предлог, а тоа е предлогот денес што расправаме за доверба на Владата, а најверојатно следната работа ќе биде некоја друга најверојатно пак ќе ја расправаме во парламентот. Иста беше ситуацијата придонесувањето на одлуката за референдум, иста беше ситуацијата и при донесувањето на Уставот, иста беше ситуацијата и кај сите други акти што ги донесуваме. Тука сметам дека и ова ќе го пребродиме и најверојатно ќе одиме само во правец на тоа на овој начин како ние се одлучивме како коалициона Влада да ги водиме работите и така ќе ги водиме односно Владата ќе ги води, а за тоа носиме политичка одговорност, а политичката

одговорност се проверува сигурно на изборите. Сигурно доколку ние згрешиме ќе бидеме казнети на следните избори, а доколку не згрешиме и натаму треба да очекуваме поддршка од граѓаните.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Бидејќи претходниот . дискутант мене ми одговори јас имам право да дадам некои појаснувња според Деловникот.

Претходниот пратеник не наведе ниту еден аргумент дека заклучоците биле насочени против приемот туку само искажа една констатација, мислам тоа е позната демагогија. Исто така не е чесно да се тврди дека националната партија ВМРО-ДПМНЕ која прва во својата политичка програма се заложи аз самостојна и независна држава дека била против приемот на РМ во ОН. Факт е дека во Македонија во изминатиот период се постигна еден консензус помеѓу сите поважни политички субјекти за прием на Македонија во ОН. Но проблемот е што ние не се согласуваме на Македонија да и биде сменето уставното име во Бивша Југословенска Република Македонија, а за последиците ние зборувавме на минатата седница и не би сакала сега повторно да ги повторувам и да го замарам аудиториумот.

**ПЕТАР ТРАЈКОВСКИ:**

Јас морам да реагирам и по втор пат на излагањето на господинот Перо Георгиевски од Кавадарци во врска со заклучоците од претходната седница на пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ. Јас кога ќе завршам со моето излагање, еве ги заклучоците, ќе му ги дадам на господинот да ги прочита за што барам да се извини на пратеничката група за ширење на невистини.

Во тие заклучоци во точка 1 ВМРО-ДПМНЕ бара Собранието на Република Македонија категорички бара Советот за безбедност на Он во согласност со утврдените принципи и меѓународните акти да донесе резолуција за безусловен прием на Република Македонија со нејзиното историско уставно и легитимно име Република Македонија, а за ова вие гослодине гласавте против. Јас ќе ви ги дадам заклучоците да ги прочитате и ве молам да се извините за тоа.

Дали треба да се гласа за доверба на оваа Влада составена од коалиционите партнери на ПДП НДП, СДС, Реформски сили Либерална партија, Социјалистичка партија. Мислам дека не треба да се гласа и мислам за својата досегашна работа оваа Влада требаше да си поднесе оставка ако кај членовите на оваа Влада постои барем малку свест за одговорност. Но така би се растурила братската коалиција па на ред би дошле вонредни избори по паѓањето на оваа Влада што на некои тоа никако не им одговара, бидејќи со паѓањето ан оваа Влада на ред доаѓаат вонредни избори нема што Влади повторно да правиме од овој состав.

Со ваквата влас некои многу чесно профитираат , дали како посредници или како со тие дозволи од тие министерства со дебели провизии не водејќи ни малку сметка за настанатата анархија во државата и бедата на народот што рапидно се зголемува. На сите ни е јасно дека оваа Влада не е по волја на поголемиот дел од македонскиот народ , а исто така и работата на оваа Влада во изминатиот период. Многу е јасно дека одржувањето е на вештачки начин и најмногу со помош на информативните средства. ТВ, "Нова Македонија" кои се строго контолирани до истата Влада. резултатот на таквата информираност е и броло на претплатниците во последно време во поготово за ТВ.

Само да се потсетиме со каква невидена и режирана хајка истите информативни средства се нафрлија пред неколку месеци, пред паѓањето на претходната Влада и за што беа тие напади, а треба да видиме сега што тие информативни средства го информираат народот за работата на сегашната Влада. Народот не е информиран ни навреме ни трочно. Голем и тешки работи се кријат поврзани со тежок криминал, од народот, а се прашувам до кога.

Надворешната политика на оваа Влада видовме како заврши со својата немоќ, неспособност и потчинетост. Името на Република Македонија е променето. Новото ми е срам и понижност да го изговорам. Затоа синоќа скоро сите светски агенции јавија дека грчкиот министер за надворешни работи пред поаѓањето за Њујорк изјави за големиот успех на грчката Влада што се здоби со еден таков успех за тоа цело време , за една година наназад.

**ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ**: (продолжение)

И што успеа со тоа да ни го промени името и без знаме да бидеме зачленети во ООН, за кое некој со парите од работниците делеше бесплатно сендвичи за да се прослави неуспехот и посрамотувањето на македонскиот народ. За ова нема оправдување никакво, но тоа може само моментално да се филува со помош на контролираните режимски средства за информираше, со кое се ствара забуна кај целиот народ.

Внатрешната политика што ја води оваа Влада досега е исто така промашена, како и многу големи инвестиции, исто така и надворешната политика. Економската состојба неоправдано е сведена на најниско ниво. Особено состојбата во земјоделството е катастрофална. Пример моментално со откупот на јагнињата нула. Откупот со јаболката нула, пролетната сеидба неизвесна, раноградинарството како никогаш досега ќе биде десеткувано. Ни се закажува хаос во тутунопроизводството. И сето ова набројано досега сето на штета на народот, а не на посредниците и имателите на приватните фирми, блиски пријатели на моменталната власт.

Исто така и тука владините средства за информирање шират само дезинформации и невистини во одбрана на Владата, а уште се молчи, за пример, загадувањето на Скопје што се случи зимоска. Од што се загади, од кој мазут, кој го увезе тој мазут и што има некои член од Владата врска со тој мазут. Не може во исти услови, во иста магла, во намалена работа на фабриките и на возење на моторни возила воздухот во Скопје да биде 14 пати зголемен сулфур диоксидот во споредба со минатата година. А тоа се молчи, затоа што големиот увозник на 600-700 цистерни мазут е јак член во Владата.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Кој? Кое?

**ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ:**

Па, преку внуците. Ќе си го каже Владата.

Уште повеќе што ме погоди мене и моите избирачи е тоа што оваа Влада од кога е на власт во Македонија многу лесно и брзо почна да се шири исламизацијата на територијата на Македонија. Од вчера само да ви кажам еден пример. Имам еден долгогодишен пријател од село Дебриште Прилепско, тоа е муслиманско село, човекот го прашав како сега преку ноќ тој истиот ме убедуваше години station наназад муслиман македонец, каква е културата, каква традиција, какви обичаи, а сега ми вели Турчин. Како тоа? Ако може, вели вие преку ноќ да станете Југословени зошто не ние. Немав одговор што да му дадам. Да се запрашаме зошто така реагираат граѓаните во Прилеп, Ѓорче Петров и во Струмица. Најсвеж доказ за тоа е последниот инцидент што го направи коалиционата Влада со давањето дозвола и финансиски средства колку за неколку драми за прикажување на антихристијанската претстава "Евенгелие по јуда". Иако моето излагаше од претходната седница се изманипулира и се сакаше да се насочи во погрешен правец, пак ќе повторам дека за тој срамен настан сите странски информативни агенции критички ја проследија таа вест низ светот, а посебно Ватикан каде и ден денеска се изговара Нова Година на македонски, честитката за Нова Година, за кое реков дека тоа на Р.М многу и штети во меѓународното признавање. А што се случи, се викна министерот па се почна истории некои, дека јас имам лично нешто против министерот. Целта беше колкава е од тоа штетата на оваа држава во меѓународното признавање. Но, добро. И додавам тоа дека тоа признавање

треба да го очекуваме најмногу од европските земји кои се христијански. Ние им продадовме одовде еден срамен чин на антихристијанството Со посредство на Владата, финансирана од Владата. Заради тоа пред да и оди оваа Влада од политичката сцена министерот задолжен за култура, Гунер Исмаил и премиерот Бранко Црвенковски потребно е и пожело да им се извинат на македонскиот народ и Македонската православна црква зашто истите дозволија да се искаже една валкана антихристијанска претстава со која е понижен целиот македонски народ и целото христијанство во Европа, за кое, повторувам пак реагираа сите странски информативни агенции и цркви. Повелете пак со истите манипулации, тоа ќе се стори и средствата и Владата тоа не е проблем. Но, јас пак ќе го повторам истото. Некои ќе треба да ми одговори за работата на Владата, за градењето на кампот во Горче Петров, кој е инвеститор знаеме, Владата на Рајна Веспанија. Дали меѓу инвеститорот на Германија и македонската Влада и изведувалот, ова само го прашувам, дали е посредник приватна фирма како предприемач и во што се потрошија 2 милиони германски "марки за припремни работи. Таа цифра вртеше кога се тепаше народот во Ѓорче Петров. За неколку ископани бразди мислам дека не би требало 2 милиони германски марки, или си велам биле потребни за подмачкување на некои функционери. За кои отпор што го даде народот се употребија пендреци. Мора да се наведе еден пример. Беше тепан и човек инвалид со дрвена нога. Одговорот ми се чини дека нема ни да го чујам ни да го видам, како тоа што го прави Владата, пример со пратенички прашања поставени пред 4 месеци, кои се однесуваат на криминал на поедини функционери, несе одговор, со месеци или тоа се прави со лажни одговори. Но, тој оригиналот што јас го поставив го имам јас. Некои што не мисли со своја глава, си мисли дека јас пак сум го слушнал. Го имам пресликано и точно кое е. Јас ќе го поставам тоа уште еднаш тоа прашање до Владата, ќе

почекам уште 6 месеци или 1 месец, но мора да се одговори. Мора да излезе тоа име кој е и што е. Сега, дали се крие за ручек, или на некоја вила на Плетвар и имало карта нешто, тоа е друга работа. Владата се прави дека не знае за невидената пљачка што се врши во државата, а за тоа не може да дознае и информативните средства кои поважно им е да се занимаваат со лажирани и .лажни анкети или со јавување на фалсификати петиции со тешки лаги. Се прашувам дали е тоа некаква моралност. 9а некој производ пред некој ден го употреби многу на низок и мизерен начин. Јас би се запрашал кога се лаже целиот народ дали е моралност да се гради пат до приватна вила со републички средства и пред една година да се убедуваат истите тие работници што го граделе тој пат дека ако Македонија не го промени името Македонија ќе пропадне. Па еве момент, после таа година некому изгледа му олесна доста, името власта го промени и ни останува, не нас, туку на тие што го изговориле тоа да уживаат во благодетот од тој срамен чин. И дали е моралност, се прашувам кога функционер со еден таков полтронски морал при посета на висок државник во нашата држава во еден момент си ја менува верата и презимето само заради сликање и ракување и на крајот се прашувам зашто на вакви неморални политичари кои не мислат со своја глава не им смета кршењето на достоинството на македонскиот народ кое сега ни се случува.

Ќе кажам за дежурните платеници за растурање на ВМРО да знаат дека ние сме со народот, со избирачите, не бегаме од народот, а точно знаеме, ќе наведам со еден примерок дека ако една овца се изгуби од стадото секој ќе ја стриже, секој ќе ја молзе и на крајот ќе заврши на територија на комуналец.

**ФАИК АБДИ:**

Очигледно дека времето чини свое и лека полека се празни салата, но нека, не е тоа многу битно. Сакам да кажам нешто, не сакам да критикувам никого, ниту партија, ниту човек поединец, кој што овде од оваа говорница како се искажува и како зборувал. Јас имам свое мислење за целата оваа работа и тоа мислење ќе си го кажам.

По се мислев, а јас сеуште тоа го мислам дека она што го направи претседателот на РМ во Њујорк, во таа асамблеа на ООН, оној чин што влезе внатре и што зборуваше за својата Република, за својот народ на македонски јазик кажувајќи го името на РМ тоа е голема работа. Прв пат низ историјата ваша, што сте вие Македонци по род тоа треба да го цените вие, не да плукате на тоа. Интересно е што денеска веднаш се поставува на дневен ред доверба на Владата. На сите нас ни е тешко, на целото граѓанство на РМ за името Република Македонија. Дали не требаше да се почека ова уште едно 2 месеци па да видиме што ќе стане. А ние веднаш денеска расправаме. Денеска отиде г-динот Грк во Њујорк, и ние веднаш денеска му одиме под рака и овде пропричаваме сешто и ќе се критикуваме како да немаме, незнам колку отворени очи, не сакам да вреѓам. Па, зарем не го знаеме основното правило зошто во РМ викаме општо земено народот пропаѓа. Јас викам дека не е точно тоа. Имаме празници, имаме државни празници, друг верски празник, пред тоа имаше верски празник Бајрам и незнам уште што , народ купува, народ троши, и заклучок мора да биде дека парата е кај некого. Има и доста од народите што нема, нема пари, нема што да јаде. Нека повели или нека се пријави во заводот за вработување или во Центарот за социјални работи ќе добијат нешто. Тоа е тоа во моментот. Меѓутоа, потребна е една вистина. Ако овде ние

пратениците сме некои експерти, опростете ми на зборот па знаеме зошто пропаѓа државава, заради тоа што оваа Влада е на власт, повелете сигурно и друга некоја партија имала прилика да ја зема власта во свои раце двапати и да внесе еден перфектен ред во државава. Сигурно тогаш границите ќе беа отворени, веројатно немаше да има војна во Србија односно Босна и т.н., сигурно пазарите немаше да бидат затворени, веројатно таму ќе имаше доволно пласман на наши средства, на наши стоки, готови производи и на други места, транспортот немаше да биде закочен, сигурно Грција немаше да ни го направи она што ни го направи, блокада и т.н. и веројатно ќе беше нешто убаво. А што направивме сега? Секој еден просечен Македонец, секој еден просечен граѓанин на РМ тоа го знае. Знае дека сме сеуште под блокада, знае дека сме толку приклештени и притеснети дека ние не можеме да створаме нова вредност. Ние сме народ, ние сме граѓани на РМ и ние одвај се издржуваме. Колкава е пратеничката плата погледале. Измерете се со некоја друга земја, надвор од овие македонски простори. Па, секој ќе мора да констатира на што е тоа резултат. На Владата или на нешто друго. Ние не створаме нова вредност. Ние зборуваме овде дека пензионерите, социјалните, добиваат, не добиваат и т.н. Знаете како пензиите можат да бидат поголеми? ако има производство, ако има пласман тоа производство, ако сите се вратат на работа и секој од својот личен доход издвојува придонеси, има доход поголем отколку овој што го имаме, многупати поголем и така се створаат средства за алиментација на општите општествени потреби, помеѓу кои и здравството и социјалата и образованието и воспитувањето и културата и се она што не е внатре во производно материјалната сфера. Или услужни дејности. Ако тоа го знаеме и го респектираме тоа зошто тогаш фрлате со камења по оваа Влада? Како да некој друг тоа со чаробно стапче ќе го

реши. Мислам дека еден просечен економист го знае ова што го кажав јас. Јас неразбирам многу од оваа проблематика, ама мислам дека тоа е во прашање.

Нашето влегување во ООН треба да го респектираме и почитуваме затоа што во овој момент на нас ни треба единство овде во РМ а не бркање вештици. Ни треба единство заради тоа што треба да примениме таква стратегија, политичка стратегија како нашиот јужен сосед да го приволиме, како ООН да ги приволиме, како нашите соседи да ги приволиме да она што треба да се загуби на некој начин да биде што помало. А флексибилност и отстапки ќе мора да има. Ќе мора да има отстапки. Е сега, дали на нас ни е мило тоа да биде. Мислам дека ни еден граѓанин на РМ тоа не го мисли, а сосема малку Владата. Повеќе од сигурно е дека има грешки во водењето да не речам во владеењето. Не би рекол дека е во владеењето. Сигурно дека и на членовите на Владата им е дојдено до преку глава. Стално викаме по нив. ако чини сите сме заслужни, ако не чини тие се виновниците. Не мора тоа да биде така. Мислам дека треба да бидеме чисти. Имаме ресорни министерства кои што не се до крај заокружени со људство, со луѓе. Тие имаат големи проблеми. Проблеми почнувајќи од образованието, опа се до крај стопанството. Односно почнувајќи од стопанството па завршувајќи до образование и воспитување. Значи, сите сегменти од нашето живеење. Наместо да им се заблагодариме ние викаме "уа" и овде пред народ кажуваме дека основниот виновник затоа што нема лепче се овие луѓе што живеат на овие столици.

(со рака покажува кон членовите на Владата)

Мислам дека не сме во право, а ова што го потегнува ВМРОДПМНЕ за оставка на Владата мислам дека е голема грешка во чекори. Како човек

зборувам, и малку како политичар. Имате грешка во чекори. Интересно, има една коинциденција.

Секогаш кога е во прашање РМ и нејзиниот прием, признавањето и т.н. овде веднаш во исти момент се поставуваа контра прашања и на дневен ред овде материјали кои што не треба во тој момент да ги разгледуваме. Тоа се случува и сега. Тоа сигурно ќе се случи и понатаму. Ние некни излеговме на плоштад, имавме прослава каква таква, се израдувавме малку, сигурно ќе беше далеку поголем ефектот е ако бевме малку поединствени за сите Македонци во РМ, за сите граѓани во РМ и мислам дека секој што би гледал од страна а не гледаат луѓе од страна тие не критикуваат. Тие ја критикуваат нашата држава, не критикуваат нас граѓаните внатре и сигурно си викаат каде им е крајот, каде им е почетокот на овие граѓани, што саката? Ние знаеме што сакаме, меѓутоа, сме ставени во таква позиција како РМ мора да биде тоа чуле, некој од надвор ако оди, тоа се ООН, тоа се 180 земји, тоа е светот, тоа е вистината денешна, никогаш таму не се говорело македонски, луѓе. Зарем не е за пофалба тоа. Наместо да го речеме со неговата екселенција, г-динот претседате ние сега викаме....... сигурно "уа" викаме по него.

(реагирање на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ)

Јас ве молам, јас ве слушав многу убаво ако сакате, ако може некој да треска 2 саати, дозволете ми и мене да трескам малку. Ние овде ја злоупотребуваме секогаш оваа говорница. Овде зборуваме за грабеж на општествениот капитал, меѓутоа изгледа како да не гледаме добро, не ги отвораме очите да видиме тоа што ни се предлага. Ако тоа што ни се предлага мислите дека не чини предложете, исправете ја грешката. Како да не дојде грабеж. Односно она што е грабеж да го вратиме назад. Меѓутоа, такви мајстори нема.

(реагирање на г-динот Митко Анастасовски)

Не, мајстори нема

Ве молам, г-дине Анастасовски јас ве слушам и кога викате и кога се дерете, ве молам, бидете љубезни.

Значи, ако има грабеж, кажете по име и по презиме. Народот нека плука по него. Не моѓе напамет.

(реагирање на г-динот Митко Анастасовски)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам тишина.

**ФАИК АБДИ:**

Ве молам, ве молам.

**ФАИК АБДИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Ние имаме многу фирми кои се ограбени. Како да Службата за општествено книговодство нема контрола таму, па не води никаква сметка и кој како ќе најде само зема, бега итн. Јас мислам дека треба многу поодговорно да се однесуваме. Ако сакаме да направиме исправка ние треба да направиме трансформација на нашиот систем. Меѓутоа таа трансформација да. дојде не вака, со вакви дискусии, туку да дојдат нашите закони на дневен ред и да зборуваме за нив, да ги усвоиме и да ги спроведеме законите. Ние од вакви работи не можеме да се одлепиме никако. Само се фаќаме за вакви работи и по два, по три, по пет, по шест дена губиме расправајќи за оваа проблематика. Заради тоа јас мислам барањето за оставка на Владата да не се прифати, туку да гледаме малку напред и да ги отвориме очите. Зошто ако ние не ги отвориме очите, некој друг ќе ни ги отвори. И овде апелирам до партиите кои што се на "власт", мислам дека не треба да дозволиме некој да не стави на лизгалка, да се лизгаме, туку треба да си ги отвориме очите затоа што сигурно низ дискусиите ќе провејува незадоволство од една, или друга страна. Заради тоа сметам дека треба да има единство, да дочекаме овие два месеца и да видиме што ќе се случи, да работиме на тоа, да ги оствариме нашите идеали на Република Македонија, на граѓаните на Република Македонија и секој својот интерес да го најде внатре во интересите на Република Македонија, а никако надвор од неа.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, иако денеска немаме посебна информација, пишана информација која требаше да биде доставена до нас пратениците од ВМРО-ДПМНЕ на кој начин би можеле да направиме една поопстојна анализа за она што се предлага како критика и како некритика во однос на

работењето и неработењето на Владата. Сепак, од усменото соопштение на претставникот на ВМРО-ДПМНЕ јас гласно во овој миг, во ова кратко време дојдов до едно сознание и гласно размислував дури и прибележив одредени работи кои сметам дека треба овде да ги објаснам. Сакам да го кажам и тоа дека и ние како пратеници често пати во средините во кои живееме, често пати не критикуваат што на правивте, како направивте, дали не не упропаствивте, дали ја нарушивте економијата итн. како да се сведе целокупната одговорност на нас пратениците и на бившата и на сегашната Влада кои сега моментално наследија одредени состојби кои претходно беа присутни. Јас ќе си го поставам прашањето лично на себе, го поставувам и на вас пратениците, на јавноста, па и на Владата. Што реално наследи оваа бивша, односно бившата, сегашната Влада и нашиот Парламент? Лично по моја оценка го наследивме следното: нарушена економија, на рушени економски односи комплетно во сите параметри, нарушена демографска политика во сите нејзини елементи, наследивме нарушена социјална политика во сите сфери, во сите сегменти на социјалната политика, а згора на тоа наследивме еден крајно нарушен економски и социјален развој во тој момент. Што значи дека една голема опасност во натамошниот развој, без разлика кој како треба понатаму да планира. Кога се однесува за нарушени економски односи, зарем не бевме сведоци дека сепак наследивме во стопанството една ниска акумулација, крајно ниска акумулација која воопшто не можеше да ги задоволи општите потреби. Наследивме амортизација сосема уништена. Неслучајно економистите зборуваат дека последните 20 години нашите стопански субјекти не вложиле ниту една банка во однос на обновување на технологијата на производството итн. Што значи дека дојдовме во момент кога организациите не се кадри преку своите средства да издвојуваат и да ја обновуваат технологијата, а на тој начин се знае што е последица. Значи,

како резултат на амортизација дојдовме во ситуација на една запоставена, една ниска технологија и згора на тоа продуктивноста и рентабилноста беше сведена на нула. Ако се земат сите овие параметри како основа за понатамошното градење на економска и социјална политика, тогаш може и оправдано и објективно да дискутираме како сега понатаму може без разлика на експертска, незнам каква Влада и стручни лица да дојдат до одредени показатели кои можат понатаму да градат една објективна економска и социјална политика.

Кога зборуваме за демографската политика во сите нејзини елементи беше нарушена со една висока фреквенција на миграцијата село- град, со нарушена целокупна структура на сите обележја на населението во сите сегменти, квалификациона структура итн., со крајно екстремно нарушен еден висок и низок наталитет со двојни последици, младо население кое треба да се издржува, старо население кое исто така треба да се издржува се на товар на државата. Сето тоа мислам дека наследивме и не усогласен сооднос помеѓу социјалниот и економскиот развој. Кога зборуваме за неусогласениот социјален и економски развој мислам дека е потребно да се спомнат неколку податоци кои се сврзани за тој социјален развој. Мислам дека беше присутна состојба, една конфликтна состојба помеѓу големиот број на вработени, односно малиот број на вработени во општествениот сектор и големиот број на невработени лица. Во таа смисла се создаде конфликт оние што треба да бидат вработени како повисоко стручно оквалификувани и оние лица кои се наоѓаа во работните организации како помалку неквалификувани. Значи на некој начин тие го кочеа производството, а она што постоеше на Заводот за вработување како квалификациона структура беше поспремна да се справи со одредени проблеми во рамките на економијата. Наследивме еден систем на пензиско

и инвалидско осигурување кој беше доведен во ситуација да не можат да се исплатат најмалку тримесечни пензии. Со вкупна бројка во тој период околу 186.000, а сега 206.000 пензионери во кој дел околу 60% преовладуваше социјалниот елемент. Имавме такви пензионери кои многу помалку учествувале во пензискиот систем преку издвојување од своите средства за да користат таква пензија која сега моментално државата успеа да обезбеди еден минимум на материјални средства, за да на некој начин и нормално егзистираат. Наследивме една категорија на деца, односно во една општествена заштита на децата со 171.000 деца кои користат детски додаток, а да не зборуваме дека наследивме едно сложено и доста обемно образование гледано од основното, па до системот на највисокото образование. Само во основното образование имаме преку 120 и неколку илјади вработени лица. Наследивме една социјална заштита која во моментот обезбедуваше материјална помош на преку 18.000 лица итн., а да не зборуваме за партиципацијата на делот од државата во здравството на одредена категорија граѓани, на делот на граѓаните кои се наоѓаат при заводите за вработување како технолошки вишок, како материјално обезбедување. И на крајот да ја спомнам сега социјалната програма гледано низ призма на социјално заштитно право во сите негови сегменти. И ако згора на тоа додадеме дека наследивме ние како Парламент и претходните две влади околу 81.000 вработени во јавната потрошувачка, тогаш сфатете дека на 45 0.000 вработени колку му доаѓа само бројот на вработените во општествениот сектор. Мислам дека било каква економија тешко може тоа да го надмине.

Второ, дали не беше тоа вистина дека наследивме плурални односи во Република Македонија со нови партии, нови идеологии, нови програми, секој на свој начин сака да се истакне, да ја промовира својата програма во рамките на Парламентот, средината итн. Сето тоа беше присутно. И

мислам дека нормално наследивме радикални промени и во политичкиот и во економскиот и во правниот систем.

Распаѓањето на бивша Југославија со сето тоа што го носеше како последица и другите промени исто така претставува сериозен проблем заради ние на некој начин да се прилагодиме на тој систем, на овој систем сега граѓанскиот, бидејќи ние декларативно кажавме и со Уставот дека сме социјална, дека сме независна држава. Сега се поставува за мене едно многу битно прашање.

Трето, дали времето кое беше потребно за одредување на една стратегија за овие промени е долго, или кратко? Човек кога размислува да речеме дека е долго време 450 дена на оваа Влада, а две ипол години заедно со претходната Влада. Се смета дека навистина имало денови кога можело да се направат разно разни трансформации и промени и да се донесат низа закони кои ја заокружуваат и државата и претходните системи и политичкиот и економскиот и правниот итн. Меѓутоа, кога ќе се надоврзе тоа дека сепак оваа Влада и претходната Влада и овој Парламент требало да донесат преку 720 закони кои се од различни сфери, тогаш се поставува прашањето дека и времето кое било од две ипол години и 450 дена сепак се малку за да може да се направи нешто.

Понатаму, би рекол нешто, јас гласно размислувам, што сметам за позитивно што го презема оваа Влада во делот што јас најдобро го разбирам, во рамките на делот на социјалната политика. Мислам дека се погрижи и бившата и сегашната Влада и овој Парламент за утврдуваше на основите на социјалната политика  пред се нејзините носители и принципи. Тоа и уставно го кажавме дека ние сме социјална држава. Атрибутот социјална веќе ги одредува правците на нашиот развој, а пред се утврдивме дека основниот носител на социјалната политика ќе биде државата. Отпадна општествено- политичката организација, отпаднаа

месните заедници, отпадна како субјект и организацијата на здружениот труд, односно претпријатија итн., а го сведовме тоа на државата и на одредени хуманитарни и друг вид организации кои треба да придонесат во креираше и создавање на социјална политика. Нормално ги усогласивме и принципите, отфрливме дел на социјалистички принципи, а утврдивме дел на граѓански принципи во рамките на социјалната политика. Мислам дека направивме, Владата направи тоа и ние како Парламент што го донесовме тоа дека даночниот систем практично покрај тоа што имаше во себе економска, меѓутоа имаше и своја социјална функција, а тоа има големо значење за креирање и остварување на социјална политика и она што следи понатаму, државата да акумулира дел на средства на кој начин би можела да ги подмири сите овие потреби. Исто така, Владата и претходната и сега донесоа низа закони, или се во фаза на донесување кои ја заокружуваат социјалната политика. Мислам сведоци бевме дека донесовме закон за пензиско инвалидско осигурување, односно Предлог за донесување на законот. Истиот овој закон нуди одредени радикални промени во системот на социјалната политика, односно во пензискиот систем што еве веќе тој закон е во нацрт. Јас како претседател на Комисијата веќе го имам како работен текст и тој има одредени радикални промени. Во фаза е донесување и на законот за социјалната заштита. Исто така, социјална заштита која е дел на социјалната политика. законот за работните односи, законот за претпријатијата, закон за општествена заштита на децата, закон за инвалидско- боречката заштита, да не зборувам за она претходно што кажав законот за даночниот систем итн. И еден за мене многу радикален и многу соодветен закон, тоа е законот за пензионерите, односно земјоделските пензионери кои за прв пат во 45 години успеавме на таа категорија граѓани да им дадеме одредена пензија од државата. Секогаш пензионерите, односно земјоделците на некој начин

биле тие кои плаќале одреден данок. Меѓутоа, сега за возврат тие истите користат земјоделска пензија, оние што користат минимална земјоделска пензија 50% од најминималната и оние што користат пензија како и сите други пензионери. Мислам дека тоа беше еден вид најголема заслуга. Мислам дека и тоа е добро во функција на социјална политика што 2,5% успеавме да ги оданочуваме земјоделските пензионери од вкупниот катастарски доход, што е тоа минимум, едно минимално давање на овие пензионери со еден вид мотивација, стимулација да тие исто на некој начин произведуваат, а за возврат оние што се комбинирани, оние што имаат и работен однос и земја ги оптоваривме со 30, односно 40% од вкупниот данок. Сега по мое гледање што од прилика може да и се забележи на Владата за нејзиното работење.

Лично сметам дека, тоа е мое гледаше, не зборувам од името на мојата социјалистичка партија иако беше спомнувана, меѓутоа наша.та Социјалистичка партија знаете дека учествуваме само со четири пратеници и не сме во можност ниту да гласаме, ниту можеме нешто да одлучиме освен да дадеме некој конструктивен предлог за да не прифатат, прифатат итн. Мислам дека Владата правеше кардинални грешки што не се придржуваше кон својата програма, донесена програма од самата Влада предложена до Парламентот, односно до Собранието. И претходната Влада и оваа Влада исто такви грешки прави. Сите закони по некоја хронологија се предложени да бидат донесени до крајот на јуни. Сите закони во рамките на социјална политика треба да бидат донесени до јуни. Меѓутоа, парадоксално е ако тврдиме дека ќе бидат донесени тие закони. Јас не зборувам за објективни потешкотии. Меѓутоа постојат одредени проблеми дека сепак таа програма во целина не се извршува онака хронолошки како е таа зацртана.

Второ што отстапи од својата макроекономска политика. Мислам дека имаме во овој период она што го донесовме во 1992 година во тој размак направивме одредени отстапувања и тие отстапувања дали беа економски оправдани јас не се мешам таму заради тоа што не сум економист. Меѓутоа, јас тврдам дека имаме такви отстапувања таму. Сега колку е на штета на инфлацијата на други параметри тука министерот за развој можеби нешто ќе каже.

Трето што доцни во предлагање на закони кои имаат пресудна улога. Мислам дека законот за јавни институции, јавните служби. Овој закон е носечки закон. Како можеме да донесеме сега закон за пензиско и инвалидско осигурување, закон за образование, закон за општествена заштита на децата и другите закони ако го немаме овој закон. И ние мораме да правиме се и сешто овој закон да дојде во собраниска процедура и да го донесеме. Законот за локална самоуправа и покрај тие објективни потешкотии не се донесе. Мислам дека и тука правиме сериозен чекор, односно грешка заради тоа што општините ги оставивме така како што ги оставивме и мислам дека таму нема кој да управува и нема со што да управува. Законот за територијална поделба исто така за мене е значаен закон и од тој територијален закон сега произлегуваат законот за избори итн. Законот за трансформација на општествениот капитал и тука некако одиме бавно заради тоа што се јавуваат одредени слабости во однос на трансформирањето на општествениот капитал без разлика дали го утврдивме статусот. Законот за денационализација тој паралелно треба да оди со овој закон и мислам дека и тука направивме еден пропуст и сеуште не го донесовме. На крајот за мене и законот за образование, па еве донесовме и еден закон за здравствена заштита, можеби на крајот на краиштата направивме грешка. Ако направам една споредба помеѓу она што претставува позитивно и што претставува како негативна, како

забелешка во работењето на бившата и сегашната Влада мое гласно размислување е дека Владата била во ситуација кога имала објективни потешкотии меѓутоа имало и субјективни моменти да одредени позитивни закони не се донесат. Меѓутоа заради икс причини мислам дека оваа Влада треба да остане да работи, да продолжи со континуитетот и мислам дека не е времето за менување на самата Влада.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, немам намера да правам аналитички приод на мислењата на предлогот за поднесената иницијатива што денеска е на дневен ред, но би се задржал само не неколку моменти, при што на почетокот сакам да потенцирам во презентирањето на материјалот еден дел да има истакнати доста полувистини, а еден дел се и невистини. Полувистините ги сфаќам како политичко средство или начин со која сакаат да се остварат политичките дели на партијата која што е во опозиција. Најјак аргумент ми е за тоа кога нема доволно аргументи, најчесто како и порано се бараше како казнена одредба да биде бараме оставка. При недоволна аргументација најчесто се користи тоа. Имено, сведоци сме сите во овој Парламент и имавме прилика да пренесеме соодветни законски проекти и акти. Во конкретниов случај ставаме голема забелешка на работничкото акционерство, а тој закон го пренесовме и го прифативме и како таков и го наследивме и го прифативме во нашиот амбиент на Република Македонија. Се потенцираше прашањето дека наводно оваа Влада извршила суспензија на правото на штрајк, а по Уставот тоа право е загарантирано и тоа право се користи и никој не го ускратува тоа право. Си зедовме слобода да кажеме дека добар дел од позначајните односно од клучните закони не се понудени или оставени од страна на Владата. Само ќе потсетам за законот за трансформација, колку што знам во неколку наврати, не само што беше доставен, туку учествувавме на многу места во многу средини и во многу прилики надвор од Парламентот, а тој закон ни е кај нас. Или, Законот за правосудство. Го донесовме законот за правосудство односно за царина, затоа што најдовме заеднички интерес да ги усогласиме интересите тој закон да се донесе. Веројатно не можевме да имаме големи стручни разлики во делот на решавањето на тој закон што го прифативме. Една работа се потенцираше овде. Одредени аргументи кога

одговараше, се користеше СОК при дефинирањето на капиталот на одреден пример од фирмите податоците да се земаат како веродостојни. Од другата страна исто така тој како еден контролен механизам го негиравме како да не е прифатлив, односно јас не сакам да кажам дали воопшто треба да ја правдам функцијата навестувањето на СОК, туку веќе ако влечеме паралела треба и во едниот и во другиот случај тие аргументи да ги користиме.. Нешто што ми падна вака на памет да забележам можеби ќе извлечам и погрешна политичка квалификација, но ми се чини дека после една акција следува реакција и така и го гледам од конкретниот случај овој дел од расправата, при што дали од целта или од намерата и понатаму да се доведуваме во состојба да ги ослабуваме преговарачките позиции или да го забавуваме процесот на заокружување на признавањето, веројатно времето ќе покаже. Но во оваа прилика сакам да потсетам дека оваа влада имаше прилика, а за тоа и сите сме сведоци овде од една страна како Парламент, а од друга страна како граѓани, практично се соочивме со едни крупни проблеми, во оваа прилика би потенцирал само 5.

Како прво, сведоци сме за монетарното осамостојување на Република Македонија, дека беа не навидум, туку се соочивме со тој проблем на социјални потреси.

Второ, со оваа Влада исто така знаеме како и на кој начин ги совладувавме проблемите во решавањето на нафтениот шок со кој се соочивме целата Република после осамостојувањето. Исто така без разлика каква квалификација ќе дадеме, дали политичка или економска присутно беше и се соочувавме и ден денеска се соочуваме со проблемот на блокадите. Оваа Влада се соочуваше со тој проблем. Проблемот на

меѓународното признавање која толку пати се потенцираше во која фаза, во кој обем и на кој начин, вклучувајќи го пред се и дипломатското претставување кое го имавме и кое во многу наврати овде го решававме. Со тоа сакам да потенцирам, ако веќе е крајната цел, а мислам дека треба така да биде, ако веќе треба на акцијата за меѓународното признавање да биде реакција, одговорот по мене треба да биде во распишување на нови избори.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, мене ми е наполно јасно каков ќе биде исходот од гласањето за доверба на господин Бранко Црвенковски, од едноставна причина што оваа Влада е политичка Влада, односно Влада избрана со гласовите на коалиционите партнери, кои имаат мнозинство во македонското Собрание некаде 75,76 гласа. Значи не очекувам дека оваа Влада ќе падне, без разлика дека албанските партии кои партиципираат во Владата ПДП и НДП продолжуваат со своите уцени и закани, тоа го слушнавме и денеска. Сигурен сум дека во меѓувреме им е дадена уште некоја постапка на штета на македонските национални државни интереси. Како пратеник кој не гласаше при изборот на оваа Влада, односно сум како опозиција на истата, сакам да наведам некои од причините поради кои ни при гласањето за доверба нема да дадам поддршка на коалиционата Влада избрана со гласовите од социјалдемократскиот сојуз, Либералната партија, албанските партии ПДП и НДП, Странката на Југословените и Ромската партија на господинот Фаик Абди и Социјалистичката партија на господинот Киро Поповски.

Прво, при изборот на оваа Влада господинот Бранко Црвенковски во својата беседа истакна дека неговата Влада ќе се залага и ќе настојува да ги искорени криминалот од сите видови, корупцијата и митото навлезени дури и во државните структури.

Освен почетните резултати во сузбивањето на шверцот со оружје и дрога и нивно откривање од областа на спречување на тешките кривични дела, резултатите се минорни, така што имаме случаи на страв кај граѓаните за безбедноста и во своите сопствени домови. Се случуваат дури и убиства кои се непојмливи за просторот на Република Македонија во поранешното време.

Во областа на корупцијата во државните органи, Владата на г-дин Бранко Црвенковски преку своите министерства .не разјасни ниту една афера, односно оние афери во кои учествуваат поранешни и сегашни министри, иако Министерството за внатрешни работи има собрано доста доказен материјал, како на пр. за аферата со увоз на контингент на месо одобрено од Владата, од таа поранешната, а е увезена жива стока, меѓутоа фирмата е на министер односно член на таа Влада кој беше претходно член на таа Влада и сега е член. Министерот за внатрешни работи г-дин Фрчковски како член на Владата ја убедува јавноста со својот авторитет на доктор по меѓународно право дека не постои законска регулатива да се гонат сторителите на овие дејствија. Оправдување се бара во тоа што сеуште ова Собрание не донело соодветна законска регулатива сигурно и натаму заборавајќи дека најлошите закони се во употреба до донесувањето на нови согласно Уставниот закон со спроведување на Уставот на Република Македонија, освен на оние кои што се однесуваат на сојузните органи на поранешната СФРЈ. Овој Парламент често обвинуван и од Владата дека е неефикасен, дека е неспособен да носи закони. Тоа почитувани пратеници е чисто лицемерие би рекол, затоа што владината коалиција во ова Собрание ќе повторам има мнозинство од 75, 7 6 пратеници и сите закони кои не се носат со 2/3 мнозинство како што предвидува нашиот устав може да ги донесе и без расправа, но очигледно е

дека уцени и закони во самата неприродна коалиција. Зошто неприродна? Затоа што меѓуграѓанските партии, како што самите се декларираа и Социјалдемократскиот сојуз и Либералната партија и Социјалистичката партија во таа коалиција учествуваат и 4 национални партии. Албанските ПДП,НДП, Југословенската национална странка на Југословените и Ромската национална партија ПЦЕР, граѓанските партии во Република Македонија одбија да формираат влада единствено со македонската национална партија ВМРО-ДПМНЕ и без поддршка на некои новоформирани национални партии и независните пратеници, со мотивација дека со националистите не сакаат да прават Влада.

Второ, се сеќавам дека во својот говор при презентирањето на владината програма господинот Црвенковски рече дека Владата оваа сегашна за чија доверба и вечерва треба да се гласа ќе настојува на стопанството да му обезбеди, не преживуваше, туку благ пораст на производството и на пласманот на тоа производство, но од сето тоа почитувани пратеници видовме дека нема ништо. Многу претпријатија отидоа во стечај дел од нив во природен, но повеќето во вештачки, со умисла и криминално прелевање од сеуште општествениот капитал во приватен капитал. Законот за трансформација на општествениот капитал Владата дури сега го понуди, во завршна фаза се разбира, иако изгледа дека и нема повеќе што да се трансформира, иако министерот за приватизација господинот Миљовски ќе реагира на оваа моја забелешка, дека ќе следува ревизија на извршената приватизација врз основа на Законот сојузен од бившата СФРЈ на господинот Анте Марковиќ,знаејќи го односо на политичките сили во позицијата и опозицијата можам да констатирам дека сето тоа ќе биде лук и вода, како што знае да каже нашиот народ. Македонскиот човек е научен да трпи и да чека, да се надева на подобро утре и тоа добро, знаејќи во каква положба сме, особено ако

владината телевизија му го мие мозокот дека Владата што прави е најдобро, а тие што ја критикуваат не му мислат добро на народот. Но нели сме познати почитувани пратеници по имињата Трајче и Трпе, особено ако имаме колективно долгогодишно миење на нашите мозоци. Колку да звучи морбидно но македонецот онака горд немајќи со што да г: прехрани своите деца за инат на комшиите и самоубиство може да изврши А во Уставот запишавме дека сме и социјална држава. И со тоа се гордееме со право би рекол. Надоместокот за стечајните работници изнесува 44.000 денари за минатиот месец, ако грешам сигурно министерот ќе ме поправи, оној надоместок што го пропишала оваа Влада. За невработените да не го споменувам зошто за неговото земање треба многу бирократија да се помине. Знам дека од страна на Владата ќе ми биде одговорено дека Република Македонија се наоѓа во блокада од север и југ што е точно. Но што е со изнаоѓаше на алтернативата исток запад, со поврзување на железничка линија, знаеме дека и тоа е во фаза на проучување, но нели мислите дека господа министри се доцни Некои директори сеуште имаат аверзија кон исток и тоа не го кријат, но и тоа е наше наследство би рекол. Трет аспект. Јас сакам овдека едно владино промашување да го спомнам и односот на министерот за внатрешни работи како член на таа влада, иако ќе има интерпелација за неговите министерски делувања во Министерството за внатрешни работ како политичар и член на Партијата на социјалдемократскиот сојуз и некои само професионалци во тоа министерство. Знаеме дека некои партии кои се коалициони партнери на Владата како такви реагираа на одредени девијантни појави во Министерството за внатрешни работи, а особено во Службата за државна безбедност што сега за сега е функционално во единство поврзано во Министерството за внатрешни работи. Кои се тие појави кои сеуште егзистираат и кои се незамисливи во изградените повеќепартиски

парламентарни системи. Заинтересираноста на МВР односно Службата за државна безбедност политички да влијае во скоро сите политички партии во Република Македонија преку инфилтрирање, закани и уцени, користејќи ги досиејата на одредени луѓе кои а во структурите на партиите, јас лично го сфаќам како висок патриотски чин секој граѓанин на оваа држава да придонесува за одбраната, безбедноста и штитењето на уставниот поредок, што е основна задача на Службата за државна безбедност. Но не можам да се согласам дека Службата за државна безбедност во заложба на поедини раководители во истата целата служба ја стават во интерес на една партија СДС како што беше и до пред 2 години. Тоа е господа незамисливо во повеќе партиските парламентарни системи каде што има демократија. Што се случува? Поединци кои од разни причини ги обработувала Службата за државна безбедност, како соработници на странски разознавачки служби а кои по откривањето станале двојни или тројни агенти се инфилтрираа во партиите, некои стигнуваат и до раководствата на тие партии и работат дури на нивно разбивање со перфидни методи како најголеми гласноговорници и против актуелното државно раководство, користејќи ја радикалноста на членовите на раководствата на тие партии. Јас овдека како пример ќе ја спременам акцијата која ја спроведе Службата за државна безбедност по барање на тогашниот КОС за тоа што знаеме се до донесувањето на Уставот тие беа функционално поврзани како еден сојузен орган, КОС кој популарно народот така го вика, инаку е Служба за безбедност на бившата ЈНА, некаде пред донесувањето на Уставот на Република Македонија. КОС беше заинтересиран да има свои соработници од сите партии кои беа регистрирани во Република Македонија. Знаејќи дека самиот не ќе има успех се обратив за помош до службата за државна безбедност, односно поедини раководни луѓе во таа служба. На еден перфиден начин беа врбувани дури и поедини пратеници во овој

Парламент со изговор дека на тој начин и помагаат на Република Македонија, односно со користењето на нивното патриотско чувство. Тие луѓе се сега жртви на Службата за државна безбедност и се користат за политички цели на Службата. Јас овде морам да напоменам дека Владата користејќи го своето коалиционо мнозинство во ова Собрание избегнува да се расправа и да веќе одамна утврдената точка на дневниот ред на една од седниците на Собранието, по повод извештајот на Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност, чиј претседател сеуште сум по повод трите афери со летоците, со формирање на паравоени информации и прислушување на партиски телефон на политичка партија. Но, затоа кога ќе дојде на дневен ред, се надевам дека ќе дојде Владата толерира и такви излети на МВР, односно Службата за државна безбедност кои се во функција на дискредитирање на патриотскиот чин на групата македонски интелектуалци загрижени за идентитетот на македонската нација и држава, а кои организираа јавен собир во Универзалната сала за одбрана за уставното име на нашата држава Република Македонија. Службата за државна безбедност испрати најмалку тројца нејзини стари соработници кои што со своите изјави за ослонување кон Бугарија и предавство од страна на претседателот Киро Глигоров како што го квалификуваат,внесоа забуна во присутните а наивните тоа го прифатија.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ**: (продолжение)

Една благородна национална верба на македонските интелектуалци беше девалвирана. Тешко на таа нација чии интелектуалци се девалвираат и на вакви недостојни начини, господа пратеници.

МВР односно службата за државна безбедност како директно потчинета на Владата не смее своите соработници во средствата за јавно информирање кои не се многу, да ги користи преку нарачни текстови за дискредитирање и на поедини политичари.

Нешто најново се случува со дискредитирањето на веќе бившиот член на СДС господинот Петар Гошев. Безмалку ќе го прогласиме човекот кој среде Белград рече дека Македонија никогаш повеќе нема да биде ничија бановина, дека е сега најголемиот антимакедонец. Нешто слично може, дами и господа, да ми се случи и мене, се разбира ако ме прогласат за србоман, бугараш, гркоман или соработник на КОС ќе чекам во четврток да го купам најновиот број на еден наш неделник. Или можеби се лажам дека резидентот на Службата за државна безбедност ќе напише такво нешто, иако објавува нарачни текстови во продолжение.

Ме радува фактот дека во МВР, а со тоа и СДБ од 1945 година па наваму покрај анационални елементи, секогаш постоела и една јака национална струја, македонска, која има спасено голем број млади луѓе од смрт обвинети за идејата на независна Македонија.

Четврт аспект поради кој ќе гласам против Владата:

Како четврта причина за мојата недоверба кон коалиционата Влада на господинот Бранко Црвенковски, а верувам и онаа основната која ги натерала потписниците од опозицијата уставно да бараат да се расправа и гласа за нејзина недоверба, е недовербата во она што може и што ќе го направи во преговорите наметнати со Грција по нашиот прием во ОН под привременото име бивша југословенска Република Македонија и без националниот симбол знамето, односно, како што велат Грците "останаа

скопјаните со јарболот в раце".

Најнапред сакам да му честитам на нашиот претседател Киро Глигоров за патриотскиот говор што го одржа во ОН по повод нашиот прием во оваа највисока меѓународна организација под привремено име бивша југословенска Република Македонија. Горд сум што се слушна македонскиот збор, што претседателот го спомна нашето уставно име Република Македонија и македонскиот народ. Тоа е господа почеток на историјата, почеток на еден историски чин. Но, историски чин ќе биде ако нашите преговарачи успеат да го сочуваат и нашето уставно име Република Македонија.

Бидејќи јас сум скептичен, од проста причина што Владата, како главен преговарач, како Влада на неприродна коалиција нема да вклучи во тие преговори и претставник на опозицијата, односно и да го вклучи мнозинството се наметнува само по себе. Знаеме кој има мнозинство во таа Влада.

Јас сум краен песимист во соочување на нашето уставно име Република Македонија, од следните причини:

Прва теза: ако се присетиме на излагањето на новиот пратеник и в.д. лидер на СДС господин Никола Поповски, изречена од оваа говорница пред десетина дена, цитирам "компромиси мора да се прават, односно слободно кажано дека привременото провизорно име БЈРМ односно бивша југословенска Република Македонија, под кое сме примени во ООН е првиот компромис или би го нарекол некој преткомпромис, следува и оној конечен компромис кој ќе биде дериват на уставното име Република Македонија. Јас би рекол сурогат, како што постарите генерации се сеќаваат кога биевме сурогат место природно кафе, го викавме "дифка". Така, се плашам дека сурогатот на нашето идно компромисно име ќе ни го одземе нашиот идентитет, односно ќе немаме македонска нација.

Еден од повидните лидери на СДС, докторот по електроника господин Благој Ханџиски, на двапати ни предложи од оваа говорница да се наречеме"Северна Македонија”, нешто во стилот на географско име кое грците би го прифатиле затоа што одговара на нивната теза за непостоење на македонската нација, односно ќе немаат главоболка околу почитувањето на правата на македонското национално малцинство кое живее во Егејска Македонија, Република Грција. Да не зборувам за имињата "Нова Македонија", "Вардарска" или "Горна Македонија" што ги сугерираат некои божемни, наши пријатели.

Ако двајца вака високи лидери на СДС даваат вакви изјави и плус нивните изјави дека се чисто граѓанска партија, извинет почитувани пратеници но јас не можам да верувам дека преговарачите од оваа партија ќе ги заштитат моите национални интереси.

Втора теза; по големина коалицијата на албанските партии ПДП-НДП која учествува во владината неприродна коалиција се залага, тоа сите го знаеме за Република Македонија како мултиетничка заедница. Односно, за промена на Уставот и добивање на албанската популација статус на народ. Со вака изборен статус тие ќе одржат референдум за отцепување од Република Македонија и создавање Велика Албанија.

Ако Република Македонија стана мултиетничка држава, тогаш Албанците ќе имаат две матични држави, а ние, Македонците, како состанари ќе имаме полудржава. Кон овој мој став од добрите намери на поедини албански екстремисти го приклучувам и барањето на господин Ругова, она најновото што го слушнавме пред три дена, си дозволува мешаше во нашите внатрешни работи со барање за добивање статус на народ на албанската популација која живее во Република Македонија и непречен ни меѓудржавен премин на Албанците од Косово во Македонија.

Ова негово барање, почитувани пратеници потсетува на заканата на Махмуд Бакали дадена на една македонска делегација пред 15-тина години при нивната посета на Космет, кога му се пожалиле дека голем број

Албанци се доселуваат од Космет во Македонија, цитирам, рекол:"Ако мрднам со малиот прст, одма двеста иљади косовари ќе ви пратам во Македонија, затоа има да ќутите". И ова е, почитувани пратеници наша трагедија и вистина.

Свесни сме дека од 1945 година па наваму се промени етничкиот состав во западниот дел на Македонија, во полза на Албанците а по заслуга на комунистичките раководители, а чесните комунисти, од страв за своите животи и фамилии ретко реагираат. Тие што реагираа и во затвор отидоа.

Трета теза: за мене не е наивно ниту барањето за формирање ромска држава Романистан. Секој паметен човек во Република Македонија знае дека целокупниот простор на оваа Земјина топка е зафатен од постоечки држави или протекторати или сеуште има по некоја колонија, што значи дека или некој вешто им го има ова подметнато на заговарачите на идејата за формирање ромска држава Романистан од ромската национална партија ПЦЕР, или пак таква држава треба да се формира во суверената и сега примена во ООН под привремено име бивша југословенска Република Македонија односно во нашава македонска држава.

Ме чуди нереагирањето на нивниот коалиционен партнер и во Владата, и на изборите, Социјалистичката партија,затоа што знам дека во таа партија членуваат и стручњаци по меѓународно јавно право кои на некој начин би им објасниле што значи тоа да се заговара од Република Македонија формирање на држава која ќе носи име Романистан. Каде ќе ја формираат? Ако живеат овде, сигурно некој од тие помислил дека ќе ја формираат во оваа суверена македонска територија. Па, колку држави ќе дозволиме да ни формираат, почитувани пратеници?

Четврта теза: оваа Влада, коалициона влада на господин Црвенковски треба да добие недоверба затоа што во следните преговори со Република Грција ќе биде оптоварена со претходно искажаните мои

недоверби кон искреноста на нејзините коалициони партнери. Уште ако се знае дека не е јасен ставот на коалициониот партнер Реформскит сили либерална партија чии пратеници искажуваа од оваа говорница дека не го прифаќаат привременото име бивша југословенска Република Македонија и дека се единствено за уставното име Република Македонија. За наредниот компромис знам дека не се изјасни ниту еден до сега. Но, ќе видиме понатаму, можеби ќе го прифатат како владин компромис.

Петта теза: Владата има и еден недефиниран однос кон Македонците со муслиманска вера и дозволува да роварат поединци од Демократската партија на Турците, заедно со албанските партии ПДПНДП кои разнемитувањето на овој составен дел од македонската нација, за жал, тоа го поткреваат и некои нивни и мои браќа со православна вероисповест, несфаќајќи ја суштината на вековното разнебитување на македонската национална свест и на македонското национално ткиво.

Владата е таа која што со информациите што ги има во Министерството за внатрешни работи да дава отчет пред јавноста и да го раскринка денационализаторското однесување на екстремистите и исламските фундаменталисти од Демократската партија на Турците и ПДП-НДП и сумите девизи што се примени од странство за разбивање и створаше конфликтни ситуации во Република Македонија да ги обелодени изворите од каде се тие добиени.

Шеста теза: Владата е таа која прифати пред да бидеме примени во ООН под привремено име бивша југословенска Република Македонија со ова исто име се согалси да бидеме примени во Советската банка и ММФ за што треба и по итна постапка да донесеме закони на наредната седница, како што се изјаснивме денеска.

Присуството на Унпрофор во Република Македонија е исто така под привременото име бивша југословенска Република Македонија. Знаеме каква тревога кренаа средствата за информирање кога Грците удираа

печати со она на англиски "фајрон" или "фирон" како го чита некој односно бивша југословенска Република Македонија, а сега, инструирани од Владата, молчат.

Влегуваме во сценариото на уште едно колективно миење на нашите мозоци. Верувам, кога ќе се осветиме, се ќе биде завршено. Зимскиот сон ќе потрае можеби повеќе од два месеци, сигурен сум во тоа. Но, еден ден сепак ќе се разбудиме.

Гледајќи ја анкетата спроведена во Прилеп од страна на Македонската телевизија, човек треба да поверува дека на прилепчани и на сите Македонци не ни пречи привременото име бивша југословенска Република Македонија. Вели една госпоѓа Мене не ми пречи. Арно, ама госпоѓо мене ми пречи да ме нарекуваат привремен Македонец.

Седма теза: 45 години ме учеа а некои во Владата сеуште не учат да ги мразиме Бугарите. Велат, ни ја признаа државата, ама нацијата не. Божем по меѓународното јавно право треба покрај нотата за признавање на државата да добиеме и нота за признавање на нацијата од бугарската влада. Во такво нешто, верувале ми господа, јас до сега не сум слушнал дека кога се признаваат државите меѓусебно, покрај признавањето на државата дека признавале и нации. Верувале ми.

Прашањето на постоење на македонската нација Бугарите, кога тогаш ќе го сфатат. Иако некои нивни историчари тоа и сега го признаваат. И нивната колективна свест треба да претрпи измена, како и нашата, а тоа не се менува преку ноќ. И ним и нам ни ги миеја мозоците долго време.

Сега се заговара и колективно мразење на Србите, без разлика, па дури и од поедини министри, без разлика што српската официјална политика дава антимакедонскиизјави и антимакедонски е на сторена. Народот во целина не може да се мрази. Сепак, јас сум уверен дека ќе дојдат времиња, добри времиња кога и Македонците и Србите и Бугарите

ќе соработуваат на сите полиња како суверени нации и како сродни браќа.

Осма теза: Слушајќи го на радио господинот Фрчковски министер за внатрешни работи, член на Владата на Република Македонија кој, како доктор помеѓу народно јавно право од стручен аспект ја искажа следната мисла, цитирам:"Едно е приемот во ООН, а друго е признавањето". Признавањето обилатерален договор меѓу Република Македонија и секоја држава посебно, со размена на ноти, се разбира. Затоа мислам дека признавањето под нашето уставно име ќе оди многу тешко. Впрочем и Албанија слушнавме дека ќе не признае под привременото име биваш југословенска Република Македонија.

Мојата недоверба кон конечниот успешен компромис во преговорите со Република Грција, а се разбира успешен компромис го сметам ако се заложиме да остане нашето уставно име Република Македонија, тоа би бил најголем успех и ако оваа Влада тоа го постигне, верувале ми, јас прв ќе и честитам. Меѓутоа, не верувам, изнесувајќи ги претходните тези.

Мојата недоверба кон конечниот успешен компромис во преговорите со Република Грција, на кои се обврза оваа Влада ја засновувам и на следната реченица од Препораката:на Советот за безбедност на ОН до Генералното собрание за прием во членство на бившата југословенска Република Македонија. Цитирам:"Советот ја изразува надежта дека инцијативата на копретседателите ќе биде експедитивно проведена, дека двете страни целосно ќе соработуваат со копретседателите, дека двете страни и сите други кои се засегнати ќе го одбегнат преземањето чекори коа решенијата што би го направиле решението потешко и дека двете страни ќе го прифатат и спроведат исходот".

Ова е вешто сроченото грчко барање трети земји да не не признаат под уставното име. Што значи, она каде што се вели дека "и сите други кои се засегнати ќе го одбегнат преземањето чекори", значи Грција на^некој начин онаа теза што рековме дека сме ја одбиле да не признаат под уставно име, ако тоа некои држави сакаат, на вешт начин ја ескивираат.

Ме плаши изјавата на господинот Мицотакис цитирам:"Не би требало да ја одбиеме оваа Република наполно ако таа е расположена да ги прифати нашите логични услови што во суштина се сведуваат: да престане националната пропаганда и да престане да се зборува за непостојно малцинство во Грција. Тоа треба да биде Република врз која Грција ќе може да врши влијание". Па, господа, ова е за мене услов кој на некој начин ќе не стави да бидеме, ако не протекторат на ОН најмалку протекторат на Република Грција.

Јасно е како бел ден ако нашата Влада, Владата на господинот Црвенковски не убедува дека црното е бело,.се работи за:

а) Македонското име, нација и идентитет

б) да престанеме како безимена нација да се грижиме за нашето малцинство в,о Грција

в) да бидеме "банана држава" во која Грција ќе ги определува владите и нашето однесување односно однесувањето на тие влади.

Тоа се, почитувани пратеници, барањата на Република Грција која мисли ќе ги разложува како свои национални интереси.

Затоа, почитувани пратеници, барам гаранција од господинот премиер, господин Црвенковски дека оваа Влада нема да прифати:'

а) менување на уставното име Република Македонија

б) дека ќе се грижи за македонското национално малцинство во Грција, Бугарија , Албанија и Србија

в) дека нема да прифати понижувачки услови од страна на Република Грција кои ќе се во спротивност со нашиот суверенитет и нашата национална независност.

Ако Владата не ги даде овие три гаранции, јас ќе гласам, како и што реков, против нејзината доверба и предлагам, ако се изгласа недоверба да се формира Влада на национален спас со мандатор Петар Гошев во која ќе учествуваат сите политички партии во овој Парламент.

Се надевам дека овие мои размислувања, за овие мои размислувања дека нема да бидам обвинет дека сум нечиј шпион. Римјаните им обезбедувале на своите граѓани леб и игри. Лебот кај нас поскапе, а игрите

многу малку народот ги посетува.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Навистина работиме без пауза, меѓутоа, внимание треба да посветиме на излагањата на дискутантиве.

Збор има господин Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Дами и господа пратеници,

Каков е односот на Владата, коалициона спрема овој Парламент најдобро говори нејзиниот однос кон истиот во текот на целата седница денешна, а и за цело време на нејзиното работење.

Во текот на седницата ,на која што и се расправа за нејзината недоверба, одвај пет или шест министри овде ни даваат внимание и ги слушаат нашите дискусии. Сите други се тотално незаинтересирани. Кој знае каде се наоѓаат цел ден и ,тоа доволно кажува за нивниот однос кон својата работа што ја имаат во Влада на една суверена држава.

Самиот начин на кој што дојде оваа коалициона, само на почеток веднаш сакам да се оградам дека и меѓу тие министри сепак има луѓе кои заслужуваат внимание со својата чесност, и со својата трудољубивост.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ**: (Продолжение)

Самиот начин на кој дојде оваа коалициона влада на власт кој за мене е, морам тоа да го кажам, еден навистина нечесен начин на доаѓање на власт иако сите можеме да кажеме дека е тоа политика тоа е борба за власт, но начинот на кој што оваа Влада дојде преку директно рушење на антиинфлационата програма со донесувањето на познатиот закон за платите по мене доволно кажува и за тоа како работеше цело време оваа Влада, а еден друг момент е многу битен при доаѓањето на оваа Влада на власт е начинот на кој, на еден перфиден начин, тоа мора да го кажам, беше изигран првиот мандатор господинот Гошев, а верувам само поради тоа што не беше подготвен да биде послушен на нашиот Претседател, бидејќи такви влади и такви претседатели изгледа во Македонија се потребни кои ќе бидат подготвени да бидат нечии послушници.

Исто така, можам да кажам дека тоа е вистината која што е по мене и дека излагањето на господинот Ханџиски во петокот навечер на телевизијата по мене претставуваше една манипулација со јавноста од причина^што кога се искажува едно мислење за одредена личност во најмала рамка треба да има еден фер-плеј да може да се слушне и другата спротивната страна која што не мисли како што ние мислиме.

Јас ќе се задржам само на четири прашања поради кои не сум подготвен да и дадам доверба на оваа влада. Од познатите причини кои ги кажав сега пред малку затоа и не гласав за оваа Влада кога се гласаше и спрема тоа не чувствувам морална обврска сега на било кој начин да ја поддржувам.

Со оваа Влада најпрвин да кажам тоа, дека во Македонија на еден груб начин се изврши удар во демократијата, во демократските системи најпрвин на институцијата пратенички прашања. Ние како пратеници сме доведени во ситуација, а тоа е начин на работење во сите развиени демократски земји, сум имал прилика на телевизијата да гледам работа на две големи парламентарни држави со вековна традиција и начинот на работењето во тие држави е тој што за цело време постои борба на мислења и не постои одговарање на пратенички прашања по писмен пат. Министерот својата вредност треба да си ја покаже на говорница со аргументи, со докази на сите обвинувања, на сите прашања на сите инсинуации на било што од страна на опозиционите пратеници. Говорницата е таа каде треба да се покаже вредноста на секој министер.

Ние кај нас сме доведени во ситуација на сите наши пратенички прашања не само што министрите не; не удостојуваат да присуствуваат на пратеничките прашања туку тие воопшто не присуствуваат, мислам воопшто ни даваат потоа големи временски периоди одговори по писмен пат што за мене претставува една груба узурпација, .ако можам така да ја наречеме, на институцијата пратеничко прашање. Ова можам да го оквалификувам како една неспособност да се носат со проблемите на оваа парламентарна говорница со пратениците на опозицијата.

Понатаму, втора причина поради која не можам да ја поддржам оваа Влада е донесувањето на редица неуставни закони. Сега со работењето на оваа Влада го имаме доведено Уставниот суд на Македонија во ситуација на постојано заседавање и постојано одредени одлуки на Владата и одредени закони ги прогласува за незаконски, за неуставни.

Само ние како партија и членови на нашето раководство до сега имаме седум тужби до Уставниот суд за закони кои сметаме дека се неуставни, ~а да не говорам за редица други партии што се жалеле, поединци, здруженија на граѓани итн. Тоа ни во една светска демократска земја не може да помине влада која ќе донесе макар и еден неуставен закон. Тоа е шлаканица за секоја Влада за секоја партија што партиципира во Владата и сметам дека само немањето демократска традиција кај нас во Македонија е причина што досега оваа Влада не отиде од политичката сцена. Секако тука свој придонес имаат и информативните медиуми.

Исто така,тука беше кажано, а јас го поддржувам, а сметам дека Министерството за внатрешни работи е тоа што треба да даде одговор на сите обвинувања за масовните кражби што се вршатво стопанството, за вештачките стечаи со цел да се фрлат фирмите под стечај за да може некој после таа државна имовина да ја ограби.

За корупцијата во владините министерства, во државните фирми, за соработката на државните фирми со приватните, понатаму исто така во целост го поддржувам господинот Томислав Стефковски како воведничар на денешната седница, ,каде говореше за давањето мито,изнајмувањето на општествениот простор за разни поткупувања, за одредени дозволи за увоз итн., итн.

Трета причина, поради која не сум подготвен да ја под?држам оваа Влада се предизборните програми на сите коалициони партнери во оваа Влада кои, доколку се погледаат,сите на големо говорат за екологијата, за тоа доколку дојдат на власт ќе се залагаат за еколошки здрава средина, сметам дека македонскиот народ кој го даде гласот за овие коалициони партнери беше излажан од нив во однос на областа на екологијата, бидејќи

да потсетам, уште пред два месеци имам поставено неколку пратенички прашања на кои уште чекам одговор, а кои се однесуваат на големиот помор на рибите во реката Вардар на 5 јануари 199 3 година и другото пратеничко прашање се однесуваше на аеро загадувањето на Скопје со чад и со CC>2 во текот на јануари 1993 година. Сметам -дека било која сериозна влада до сега за овие два месеци ќе најдеше начин да ми одговори на овие прашања, но тогаш ќе требаше доколку беше чесна и искрена да покаже со прст кон виновниците за овие две еколошки катастрофи. Сега сме доведени во ситуација Владата да чува некого од Законот да не сака да го посочи, не сакам да прејудицирам кој е виновен а кој не е, мене ме интересира како пратеник да ми се покаже и каже кој е виновникот за овие две еколошки катастрофи од причина што сите коалициони партнери кога агитираа во предизборната кампања на големи ѕвона удираа на екологијата дека доколку народот' гласа за нив ќе се борат за здрава човекова средина и екологија. Сметам дека гласачите кои гласаа за тие партнери што сега се на власт се излажани, тоа го тврдам.

Четврта причина за која не сум подготвен да ја поддржам оваа влада е тоа што води катастрофално лоша демографска политика. Можам слободно да кажам дека воопшто не води некоја демографска политика. Факт е дека оваа област преставува табу тема за нашата влада што мислам дека ќе има далекосежни последици во иднината на овие простори од причина што сметам дека во една повеќе национална средина природниот прираст кај сите национални групи доколку не биде поеднаков ќе се доведеме во ситуација да ни се менува структурата и соодносот на населението, соодносот помеѓу поедини национални групи што може да биде причина за многу непријатни случки што би можело да ни се случуваат овде.. Не сакам да ги кажувам примерите со Босна и Херцеговина и Хрватска.

Сметам дека оваа проблематика оваа влада воопшто ја нема ставено на разгледување ниту воопшто има било каква перспектива или визија и~тоа е една од причините заради која сметам дека оваа Влада мора под итно да си оди од политичката сцена.

На крајот од мојата дискусија морам да кажам дека доаѓањето на оваа влада на власт сметам дека беше историска шанса кога се одржуваше оваа нова влада да се постигне тоа макар и немало македонско национално единство шансата беше првиот предложен мандатор од страна на претседателот на Републиката и сметам дека тогаш се испушти последниот воз овде во Македонија за постигнување на едно меѓупартиско и меѓунационално единство и една' ваква сегашна ситуација на голема недоверба на голем јаз, имаме случај да ни се случува да се повикува на предавство во државата, што сметам дека само му штети на виталните историски национални интереси.

Благодарам.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници, господинот Михаил Пановски мој ПОМЈШД почитуван колега најверојатно од негова гледна, точка со право. искажа големо исправување и за многу работи од највисок национален интерес и за моралот и за чесноста и за новата влада и затоа би сакал да кажам дека е доволно да зборува само од срце' и да не смета на картата дека овој народ има кратко памтење заради тоа што не може да се зборува за било која од овие категории, а да се премолчи фактот дека таа стабилизациона програма која ја истакна како еден од главните елементи срушена од оваа влада за која би изгласал недоверба всушност ја срушивме ние пратениците  на овој Парламент заради тоа што

промените во Законот за плати беа иницирани од овој Парламент и тоа во времето на старата влада со што оваа влада нема баш ништо и да се зборува за тоа дека некој друг ја срушил антиинфлационата програма, а да се дигнат раце за актот со кој таа навистина се разниша, нема многу блиско со настапо1 на оваа говорница со срце, со морал, аморалот, фер-плејот итн.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За реплика се јави господинот Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас мислам дека е тоа непобитен факт дека Антиинфлационата програма ја сруши Парламентот со законот за плати, но тој закон за плати беше предложен од пратеник од владејачката коалиција, јас можам и да го посочам тоа е господинот Бранко Арсовски од Социјалистичката партија која е ваш коалиционен партнер. Јас како пратеник ниту тогаш гласав за тој закон, ниту сум подготвен да гласам за таков закон, а моето обраќање ,и споменување на името на ценетиот колега господинот Ханџиски беше не во смисла на овој закон за плати за антиинфлационата програма туку беше за неговиот не фер плеј однос да напаѓа одредена личност, да ја дисквалификува во нашите информативни медиуми, а притоа таа личност да не, е присутна да се брани. Доколку сакаме демократија во Македонија: мораме да создадеме услови сите мислења да можат рамноправно да се слушнат. Јас во тој контекст го споменав господинот Ханџиски, а мислам и сеуште стојам на мислењето дека Владата се сруши, мислам на старата поради донесувањето на Законот за плати. Се сруши Антиинфлационата програма која веќе имаше почнато да дава резултати. Три месеци по ред инфлацијата беше сведена на едноцифрен број, тоа се непобитни факти.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам, не е предмет на расправа поранешната влада, туку оваа влада за која сега расправаме.

Господинот Бранко Арсовски беше спомнат.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Добро, господинот Пановски рече за овој закон и што многу остаре тој закон, тој закон не се однесуваше во мандатот кога беше формирана оваа Влада, туку за претходната влада. Меѓутоа, можам да кажам најискрено дека тој закон немаше никаква намера да ја сруши владата освен да обезбеди одредена неоправданост во однос на општествените дејности која се покажа со сите статистички податоци дека реално личните доходи во општествените дејности опаднаа за 70%, а во стопанството во критичниот момент кога Владата донесе антиинфлациона програма беа зголемени личните доходи во работните организации}во согласност со Владата и во таа смисла ние моравме да преземеме нешто со Законот за да ги спасиме општествените дејности, а пред се образованието, ; здравството, науката, културата, физичката култура, социјалната заштита итн.

Во таа смисла намерата на Законот ја немаше таа функција и би молел Пановски да се коригираа во тој однос.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Да водиме сметка за времето, да ве потсетам дека во;23,45 часот претседателот на Владата ќе се обрати до Собранието.

Пановски беше последниот дискутант, а во меѓувреме се пријави и збор му давам на господинот Тодосија Паунов.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, не можеме да избегнеме од вистината, мораме да се согласиме со вистината. Денеска што беше изнесено на оваа седница од голем број дискутанти јас се согласувам дека имаме тешкотии и неприлики, па на тие да се надоврзам. Да се одвоиме од една договорена економија во пазарна економија во време кога овој систем го менуваме со друг систем во време кога југословенските држави се одвоија, кога мораме ние самите да водиме сметка за Македонија како држава и сигурно најдовме на големи тешкотии како што се технолошки вишок, немање средства за производство, застарени' капацитети, амортизирани капацитети технолошки застарени капацитети кои не се во функција, блокиран пазар, блокада што се изврши на Сојузна Република Југославија однос на Република Србија и Република Црна Гора ја погоди и закачи Република Македонија и дојде во прилично тешки услови на стопанисување капацитетите не работат и во тие услови имавме доста тешкотии. Но, сметам сепак каква беше таа влада што отиде, спроведе некои работи донесе стабилизациона програма и други мерки кои ги напуштивме не ги спроведовме до крај а сигурно ќе беше нешто подобро ако ги спроведевме, меѓутоа ова Собрание и старата влада и новата влада поднесоа прилично голем број на закони и тие закони некаде во оваа администрација на Собранието ние пратениците на некој начин не ги донесовме иако бевме должни по уставот на Република Македонија за шест месеци да ги донесеме системските закони, а останатите за една година, но го продолживме рокот за уште шест месеци и една година ние не ги донесовме.

**ТОДОСИЈЕ ПАУНОВ**: (Продолжение)

Реков дека се согласувам, гледам дека вниманието не е веќе на висина па ќе морам да скратам.

Се придружувам на поранешните дискутанти како и на предлог на Стоиле Стојков дека оваа Влада треба да остане и натаму поради тоа што направи огромни напори за признавањето на РМ и јас морам да станам и да кажам затоа што сум задолжен од партијата Реформски сили Либерална апртија од Кочани дека оваа Влада што ја имаме сега за прв пат во историјата на граѓаните кои живеат во Македонија е запишана во тефтерот на ОН под број 181 дека Македонија е членка на ОН и дека Македонија е признаена за прв пат. Сигурно дека не е тоа по желбите на сите ние кои живееме во Македонија, меѓутоа треба до крај да се избориме за нашето право, а веќе сме на прагот.

Преговорите кои Владата на Македонија ги превзема за добиваше на помош односно за добивање на кредити, за отворање на граници, отворање на пазарот, мислам дека веќе сме на прагот и битката ја добил македонскиот народ односно граѓаните кои живеат во Македонија и дека Македонија е на сите кои живеат во Македонија, сите сме еднакви пред Уставот и законите:'Тоа никој не може да го спори. Мислам дека не е време сега за промена на Владата, меѓутоа е време за нови избори. Нови избори треба ЈПТО побрзо да се распишат, а пратеници кои ќе бидат збрани на новите избори тие да изберат Влада по стручна по ефикасна која ќе може да ги спроведува сите желби на граѓаните и која можеби ќе направи подобри односи со соседите, подобри односи со балканските земји со Европа и светот. Јас се надевам и сум уверен дека има сили тоа да го направи Македонија и ќе го направи. Тогаш ќе и престане мандатот на Владата , а тогаш ќе биде заменета со нова Влада меѓутоа јас не верувам

дека ние ќе учествуваме во изборот на таа Влада, ќе учествуваат други пратеници. Јас мислам друго решение нема.

Јас би се заложил сепак раководството, претседателството, да најде сили оваа вечер да изврши еден договор меѓу партиите што ги имаме. Јас мислам можеби можеме да направиме отстапки, да го промениме мислењето за да не го губиме авторитетот пред светот, тој свет да каже дека ние немаме раководство, немаме Влада, туку таа Влада да настави и да ги спроведе сите закажани активности и да ги поднесе сите закони кои не се донесени , во овој мандатен период на ова Собрание да ги донесе барем системските закони. Со желба за Македонија името македонско нема да се заборави. Со желба да кажам дека Македонија е признаена. Може комшијата да додава и одзема од .името меѓутоа тоа е влегнато во ОН како Република Македонија. Никој не рекол дека се викаме поранешна Југословенска Република, мислам од оваа говорница, не рекол и нема да рече. Никој нема да ја продаде Македонија. Не верувам дека ќе се најде некој кој може тоа да го учини. Република Македонија името си останува Република Македонија, а ќе вршиме преговори до крај додека. ги убедиме и другите соседи. Мислам дека е голема придобивка што можеме да седнеме во ОН и рамноправно, да преговараме.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господинот Никола Крстевски сака да постави процедурално прашање.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Бидејќи добив впечаток како да нема повеќе дискутанти сакам процедурално да се искажам во однос на изјаснувањето.

Јас сметам после дискусијата на последниот пратеник можеме веднаш да одиме на изјаснување, да не чекаме 12 часот.

Според член 66 став 1 Собранието е во постојано заседание, не се разликува делник празник. А според член 92 став 4 прашањето за доверба се дава на изјаснување по истекот на 3 дена. Инаку дадено е тоа на 8 во 12,25 часот така да имаме 9, 10 и 11, што значи се исполнети условите за да се постави на гласање. Денес сме 12, значи истекнати се трите дена и денес односно вечерва можеме да се изјаснуваме, нема потреба да чекаме да помине 12 часот.

Мислам дека неправилно беше толкувањето на претседателот на Собранието дека не ее исполнет условот. Она што се спомнува неделен ден вчерашниот ден не беше некоја обврска на подносителот на прашањето за доверба. Значи вчера немаше услов да се закаже седница бидејќи беше трет ден. Пошто вчера истекна денот, мислам заклучно со вчера фактички ние имаме до денес 4 дена . Затоа штом заврши последната дискусија треба да се стави прашањето за доверба на Владата на изјаснување. Да не дежураме, има дежурни служби. Има во други прилики каде треба да се чека и 12 часот. Меѓутоа ако трае дискусијата тогаш може да чекаме. .

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За тоа кажавме уште на почетокот на седницата.

Во листата на пријавените кандидати го имаме уште Никола Поповски.

Бидејќи тој моментално не е присутен, да прашам дали некој бара збор?

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Ние повеќе пати сме зборувале за овие проблеми и сите по малку се повторуваме, па можеби и јас по малку ќе се повторам но без претензии за некоја сеопфатна анализа за работењето на Владата. Ќе кажам само неколку назнаки што мислам дека се битни при ваква расправа.

Прво прашање, што ќе се случеше било која Влада да беше во овој период, мислам од изборите до денес, со обид за најобјективно не партиско гледање.

Прво, производството ќе се намалуваше било која Влада да беше во компетенција што треба да ја има.

Второ, општествениот производ и стандардот на луѓето исто така ќе се намалуваше било која Влада да беше во вој период на чело на извршната власт. Невработеноста исто така ќе се зголемуваше било која Влада да беше. Стечаите и фалиментото на некои фирми не споредливо повеќе од било кога исто така ќе се случуваше во овој изминат период од , 2, 2,5 години, а мислам дека периодот на зголемени стечаи ни следува.

Проблемите со екстерната ликвидност исто така ќе се драматизираа било која Влада да ..беше .избрана.

Проблемите со внатрешниот долг, исклучително и украдената девизна заштеда на граѓаните ќе постоеше како проблем од долгорочна природа било која Влада да беше на чело на извршната власт, се разбира со разлики која како ќе ги соопштуваше проблемите, искрено поштено, како ќе нудеше решенија од краткорочна и долгорочна природа да ги разрешува тие проблеми.

Две фундаментални причини го произведоа и ќе го произведеа тој негативен тренд на сите овие прашања без оглед на тоа која Влада ќе беше и да беше.

Првата, тоа е поради породилните маки кои сама по себе ги носи транзиторнито период, преодниот, од командна, административна економија кон пазарна економија. Таа цена мора да ја плати секоја социјалистичка земја и ја плаќа. Доказ за ова се сите бивши социјалистички земји на источна Европа . Од темел се рушат институциите на еден систем, на еден експеримент, се заменуваат со други за кои нема доволно знаење да се постават, а камоли да профункционираат. Особено е тешко ако слабо се работи на замена на тие институции како што е случајот кај нас.]

Втората причина, темелна , голема е растурениот пазар на просторот на Бившата Југословенска Федерација, прекинуван заради војна, проблемите со плаќањата, заради проблемите настанати со ембаргото. Значи напуштен еден пазар кој има слична продуктивност на трудот како што има' Македонија каде што Македонија долги години се прилагодувала и едноставно не може да го замени тој пазар преку ноќ. Тоа се два огромни проблеми кои целосно не би ги анулирала ниту една Влада. З^ради волја на•вистината тоа треба да се истакне било кој да е на чело на извршната власт и треба да се признае.

Она околу што ние можеме да разговараме се доволноста или недоволноста, присуството или неприсуството на напори од тие што ја презеле одговорноста, последиците од социјалистичката економија, монструозната војна од безумното растурање и прекинување на сообраќајните и економските врски да се релативизираат и дали во периодот што е потрошен од страна на владејачките сили во Републиката е направени тие последици да бидат помали и дали е создадена некаква

подлога за догледно време да тргнеме кон подобро. Овие се прашањата на кој треба да се даде по прецизен одговор кога сакаме да оценуваме нешто што сториле овие или оние. На ова прашање мојот одговор е не, не на првото.

Ни приближно не е сторено проблемите да се намалат, да се одбегне дезиорејантацијата, дезорганиазцијата во општеството, да се мобилизираат потенцијалите на позитивна платформа затоа што ние фактички и не добивме во овие две години издржана позитивна платформа и од претходната и од оваа Влада, и ако некои фрагментарни обиди имавме и од првата и на почетокот на мандатот на оваа Влада.

На меѓународен план направен е овој чин без верификација од било кој орган што ги избира тие што се согласија и се обидоа да го прослават во реал-социјалситички стил. Денес разбравме дека тоа е направено и .без целосна Влада, но тоа е работа и одговорност, верување и убедување на тие што тие го направиле. Со фризирани информации кои далеку го надминуваат и периодот кога само политичкиот комесар знаел дали паѓа дожд или не. Но , тоа прашање уште не е затворено уште треба да се сочекаат напорите и можеби на крај среќно ќе се извлечеме од сета оваа ситуација што е создадена. Во секој случај за тоа прашање не би сакал посебно да зборувам бидејќи зборував на претходната седница,а активностите и концептот на тие што го започнале тоа прашање се уште им течат и не е прашање за од една ноќ, па ќе треба малку да сочекаме.

На внатрешен план претежно продолжува да се води политика на статус кво, а во такви услови тоа е крајно опасно. Избрана е од бранашка позиција, прво меѓународното признавање, а потоа ќе се свртиме кон домашните проблеми, што по мое длабоко убедување е мошне погрешна стратегија.

Финансиска поддршка од странство ни е потребна, без сомнение. Но ако системот не е поставен да овозможува производство на капитал, бунарот во кој ќе влеземе «е биде уште подлабок. Ние имавме систем кој не произведуваше капитал, а трошеше финансиски капитал од странство и дојдовме до ситуација на комплетна екстерна неликвидност.

Ни претходната ни оваа Влада не побрза да ја уреди сопственичката трансформација, и ако оваа Влада е многу помал период на власт, што би се рекло, случајно или намерно јас не сакам да навлегувам и да шпекулирам со тао прашање и ако за тоа можат да се искажат и аргументирани тези. Но, на душа на истата номенклатура со програмски или персонални измени ќе легнат два столетни грабежи во едно столетие. Тоа ќе биде факт кој ќе; биде забележан од аналитичарите на социјалните движења:

Прв пат кога е решено со сила на револуционерните закони да станеме сите еднакви и сите сопственици и сега втор пат кога тече река капитал што им припаѓа на сите, во рацете на 500, 1000, 1500 или незнам колку пост комунистички капиталисти. Наскоро може да биде донесен овој закон во овој парламент и јас претпоставувам наскоро дека ние ќе го имаме тој закон на дневен ред, меѓутоа до него' вата оперативна примена 4 години ќе заминат од овој парламент, тие ќе бидат изгубени, а преодниот период од социјализам кон комунизам продолжат. Дали меѓународното признавање не спречи да побрзаме со уредувањето на таа политика или нешто друго.

**ПЕТАР ГОШЕВ**: (Продолжение)

Платниот промет внатрешен и со странство хаотичен, без доволно напори да се спречи. Дали е толку тешко тоа, или дали нема напори на таа линија. Зошто не можеше ништо да се стори навистина не ми е јасно. Не можам да верувам дека се покажува намерна немоќ на тој план. Но, последиците од државната каса и другите последици, морал, мотивација за работа и слично заради тој хаос во платниот промет екстремен и внатрешен се огромни за ова општество.

Јa чув изјавата на претседателот на Стопанската комора на Бугарија при посетата на Стопанската комора на Македонија. Тој констатира дека размената две насоки евидентирана за минатата година изнесува некаде околу 10,6 милиони долари. И. додаде дека е тоа, таа сума барем двојно поголема. Замислете неевидентирана стоковна размена од 106 милиони долари по 20% просечна царинска стапка тоа е над 20 милиони' долари оштете&а државната каса на Македонија и Бугари,ја ако е само толку неевидентирано. А кредитот од г-динот Сорош беше 25 милиони долари, а ние водевме жолчни расправи заради тоа што можевме да купиме нафта. Ова е само загубата на страната на Бугарија. Овде не е грчката граница, овде не е албанската граница, овде не е ништо друго што се случува на другите простори. Черупањето на државната каса од избегнатите даноци тешко може да се процени. Затоа, и сите фондови ни се празни и затоа единственото решение е да ги зголемиме даночните стапки, меѓутоа ќе ги зголемиме кај исти платежи, кај исти стопански субјекти кои што се добро познати и тие ќе дојдат во ситуација на колапс.

Повеќе системски закони што се нужни во пакет за да можат претпријатијата да го почувствуваат новиоч4 амбиент ги нема. Не сум

сигурен дека не можеше да ги има и не е само вина на овој состав. Изгубивме пред тоа година и пол, исто така време. Го спомнав веќе Законот за приватизација, Законот за банките, прописите од монетарната сфера кои што чекаат, Законот за царинската тарифа, донесовме закон за царини, меѓутоа без царинската тарифа фајдето не е големо. Прописи од даночниот систем по логика на полжав треба да се менуваат, а не да се понуди комплетен царински закон, а сите странци чекаат прво да видат каков даночен систем има оваа земја. Но, има илјада аргументи тоа зошто го нема. Локалната самоуправа и т.н. да не ги бројам сите.

Од почетокот нема економска политика. Постојано се нудат полумерки, а тие не можат да дадат резултати. Тоа е!јасно на секој посериозен економист. Владата усвои нешто, ни го достави на информирање и став како и претходната Влада има, пратениците не треба да расправаат, ние само ги информираме така го толкуваат уставот. Буџет нема. Буџетот минатата година го ребалансиравме 3 дена пред Нова Година, полугодието ќе замине, ние повторно немаме луѓе. Повторно не е утврдена прецизно јавната потрошувачка. Платите не се регулирани, трите партнери, не можат да се договорат, алтернативни решенија за тоа не се понудени. Монетарна проекција во овој Парламент не се усвојува, се разбира. Всушност, се води политика на мирење со инфлацијата и јас разбирам од кои причини тоа владејачката коалиција го прави. Прифатена е теза која што ја слушам дека без меѓународна помош тоа не е можно и дека социјално не е издржливо. Тоа е тезата која што се наметнува зошто не се прави ан тој план, затоа што е совршено јасно дека здрава антифлациона програма, која што е неизбежна со или без меѓународна финансиска помош ќе мора да повлече многу непопуларни мерки. Ќе констатира дека оваа потрошувачка, и оваа не можеме да ја платиме во овој момент. И овие

плати ќе се констатира дека не се реални, дека тие мерки ќе бидат непопуларни и дека од тоа политички консеквенции за намалена популарност на тие што се на власта. И сега од тоа се извлекува заклучок дека тоа не може и се бараат аргументи. Меѓутоа, бунарот во кој се оди, цената што ќе мора да ја платиме во врска со тоа, секое излагање ќе ни биде се подебела и подебела. Едно е антиифлациона програма на 300 марки, друго е на 200, друго на 100 марки, но за тоа ќе дискутираме кога ќе дојде времето.

Може со одредени кредити и со зголемено работење на печатницата во Прилеп и Самоков, да се изврши релаксација на расположението и на социјалната тензија, но без заокружен стопански систем, ние уште го немаме, без здрава економска политика во која максимално тврдо буџетирање мора да има, ние не ќе можеме да излеземе од ситуацијата во која се наоѓаме и можеме само да трошиме некои финансиски кредит, а потоа другите, или истите или другите што би дошле евентуално ќе бидат уште во поголема неволја.

Посебно сум загрижен за тоа, што се случува на релацијата власт, информативни медиуми и јавност. За ова прашање обично не зборувам заради што, од секогаш сум сакал да се држам настрана од работата на информативните медиуми мислејќи дека тие мора да бидат апсолутно слободни, да пишуваат така како што мислат, да информираат така како што мислат според кодексот на новинарите, според законите. Системската позиција на некои медиуми не се расчисти. Намерно или случајно. Некои државни медиуми со придавката македонски се повеќе газат на некои партиски позиции. Се прават и поединечни спреги. И тие за луѓето што малку се блиску до политиката со голо око се гледаат. Ќе се порачаат разговор и ќе озборуваат отсутни луѓе по име и по презиме, ќе судат без сослушување. Таков еден разговор е обавен деновиве, после 20 часот во

емисијата "без наслов но со повод", со еден господин по колено ВМРО-вец, така самиот тврди за сега, во политиката од непрофитабилни причини, бидејќи другите биле од профитабилни причини, мотиви, со политичка платформа која може да се именува јас и моите дедовци и прадедовци и т.н. и така си продискутира во приватни цели, а секој први бараат господата да им плати, секој граѓанин преплата бидејќи е тоа наша телевизија, телевизија на сите. Јас ги молам во врска со тоа да размислат сите. Не заради тој што бил именуван таму на тој начин, заради тоа што секој на тој начин може да биде поставен на дневен ред.

Ме загрижува уште нешто. Секаде во светот главно под лупа е извршната власт. Овде се прави извршната власт да биде интактна, недопирлива. Парламентот не работи добро. Тоа е факт, го знаеме. Има овде и доволно обучени и недоволно обучени и сите се учиме. Ние пратениците често пати не сме на нивото на задачите иако сите три вида на власт треба да функционираат според уставната поделба, бидејќи само така може да има успех и просперитет. Сепак, најдебелите проблеми произлегуваат од извршната власт. Таму е материјалната сила и затоа е лупата врз извршната власт најголема и мора да биде најголема. Примерите во светот покажуваат дека извршната власт треба да биде под контрола најмногу. не значи дека и другото треба да биде пуштено туку така. Пак да кажам дека со ова не сакам да исклучам ниту еден дел од тоа тројство на власт. Но, да биде на дневен ред само Парламентот, тоа говори за подлабоки проблеми во нашата млада демократија, иако, уште еднаш да кажам ни случајно не сум задоволен до работата на Парламентот вклучувајќи се и себе си. Говори за незанемарливи проблеми во сферата на јавното информирање и за нешто друго поширoко што ни се спрема, ни се

случува или ќе ни се случува во наредниот период. Пак да се послужам со еден пример. Имавме во еден ТВ-дневник информација дека г-динот Малруни, премиерот на Канада си поднесе оставка. Вест на телевизија и коментар. Коментарот е "па ете видете како е во демократските земји, има чувство за одговорност од страна на политичарите и тие знаат и сами да си поднесат оставка". Сега, што се случува. Контра пункт на г-динот Малруни е сликата од Парламентот. Како г-динот Митко го гледа прстот или некој друг и т.н. Како, значи Парламентот не работи добро. Контра пункт на највисоката извршна власт е законодавната власт. Наравоучението за необучениот човек во политиката е Парламентот да си поднесе оставка, ако таму си поднесе извршната. Па, ако си поднесе Парламентот оставка или е уставна криза или прогласуваме уставна монархија или нешто друго. Во овој Парламент треба да се чува интактноста на извршната власт во оној момент кога силно се форсира и ќе не удри сите нас по глава. Тоа се проблеми за кои што треба сите да размислуваме. Уставот не може да се третира како самопослуга. Тој треба да важи за сите. Уставот на бившата СФРЈ од републиките се третираше како самопослуга. Кога на Србија и требаш одредба ќе се повикаше. Кога на Словенија и требаше одредба ќе се повикаше. Кога не и требаше не важеше Уставот на СФРЈ. Се случува нешто и со Уставот на РМ. Денеска слушам дека до 12,45 ние треба да разговараме овде. Добро, фино пишува, уставна одредба, можеби е така уставната одредба. И тоа прашаше мора да биде во рамките на Уставот. Но, ако за тоа прашање милициозноста е таква каква треба да биде во врска со прашањето за давање согласност кога ниту Парламентот имал право, ниту поединец имал право кога дури не знаела ни целата Влада а се дава согласност во врска со промена на Владата.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Денес расправаме за точка на дневен ред која во суштина е длабоко демократска придобивка, а тоа е согласно на Уставот да се расправа за недоверба на Владата на РМ: Мислам дека е тоа исто така една од придобивките во овој нов систем кој го изградивме, да можеме за секој носител на власта во рамките на уставните одредби да расправаме за неговата одговорност, доверба, недоверба и т.н., секој со своите аргументи, се разбира дека гласањето на крајот ќе ги сумира нашите размислувања по оваа точка.

Она што можеби мене малку ме разочарува да ви кажам искрено е фактот дека за едно така сериозно прашање добив образложение само на две странички зошто треба да гласаме против Владата. И кога се што пишува тука би било така, мене не би ми било доволно затоа што мислам дека е несериозно една група од 25 потпишани пратеници мисли дека само со еден ад хох напишан текст, не си дозволувам да кажам дека е тоа образложение, може да предизвика кај останатиот дел од пратениците клима дека врз основа на тоа ние треба да дадеме недоверба на Владата. Со оглед дека тоа е единствениот материјал кој беше доставен за расправа по оваа точка од оние кои ја покренаа точката ќе дозволите што е нормално да се осврнам и на него, а со оглед дека се дополни овде и со некои од дискутантите во вид на дискусии и по тоа, затоа што единствената работа по која можеме да дискутираме е тоа што ни се понудило за расправа во прашањето за недоверба односно доверба на Владата.

Прво, тука е констатирано "Владата нејзината функција извршен орган на Собранието на РМ ја пречекорило... ”Тука ќе направам за да кажам дека ова е токму образложение заради кое треба да дадеме поддршка на

Владата, затоа што Владата ако пречекорила да биде извршен орган на власта на Собранието, во суштина се однесувала така како што треба, како што сме запишале во Уставот, а тоа не е да биде и извршен орган на Собранието, туку да биде извршна власт. И се додека овде стои дека треба да биде извршен орган, тоа е еден факт повеќе за мене, да не гласам согласно со оваа иницијатива затоа што кај мене се буди едно чувство дека предлагачот сака да гласа недоверба на Владата од позиција за да ја претстави Владата идна, која би можел да ја формира како извршен орган на Собранието. Тоа "и" иксплицитно и експлицитно може да се извлече и зошто гласам против таквото образложение за тоа што доколку Владата ја претвориме во извршен орган како што стои тука на Собранието на РМ, ние во суштина го промовираме Собранието на РМ во единствен носител на власта, а Владата не е извршна власт, туку е извршен орган на тоа Собрание и ќе затвораме во единство на власта каде што нема парламентарна демократија, каде што влечеме дека нема демократија, лема поделба на власта и т.н. Мислам дека тоа е еден сосема солиден аргумент секој да се замисли да даде поддршка на Владата која во суштина се однесува како извршна власт а не извршен орган на Собранието што е сосема во рамките и на Уставот и на демократските придобивки.

Кажано е во образложението дека Владата не понудила решенија со кои ќе се доведе до меѓународно признавање и т.н. Не се согласувам затоа што мислам дека токму оваа Влада понуди решенија кои придонесоа Македонија во овој момент да биде член на ООН под услови за кои говорев минатиот пат и не би ги повторувал, само би констатирал дека и понатаму стојам на тие позиции.

Второто образложение зошто оваа Влада треба да си оди, цитирам е "извршување на историска кражба на девизните влогови...". По овој повод би сакал да дадам две мои гледања.

Прво, проблемот со девизните проблеми датира уште од бившата СФРЈ. Ова е трета Влада која го наследува проблемот, меѓутоа е прва Влада која почна да го разрешува проблемот со девизните влогови. нешто преку откуп на општествените станови, нешто имаме во процедура преку деловниот простор и така натаму, така да мислам дека ова е исто така уште еден аргумент зошто на оваа Влада треба да и се гласа доверба. Затоа што е прва Влада која почнува да ги решава проблемите со девизните влогови, е треба која ги наследува. Значи, претходните две ништо не направија. Токму затоа мислам дека и овој аргумент е сосема паушално даден и дека во суштина е колку нешто да се напише, а не е во суштина нешто со што се дава аргумент спротивно на она што Владата го прави.

Исто така се констатира дека Владата "е крива" заради висок пад на животниот стандард. Сите податоци кои се презентирани од Заводот за статистика укажуваат дека во овие седум месеци откако е Владата постои, Меѓутоа, можеби и не постои пад на животниот стандард а далеку од тоа дека постои висок пад на животниот стандард. Од тие причини исто ја отфрлам оваа теза затоа што е неаргументирано. Пишува дека се води неадекватна и неселективна буџетска потрошувачка и е ставена точка без никакво образложение што исто така не ми е прифатливо, меѓутоа, ми е сосема прифатливо дека Владата се наоѓа пред еден огромен предизвик во услови кога РМ е принудена во исто време да гради и нов економски систем, што исто така се рефлектира на буџетската потрошувачка. Меѓутоа, во исто време да гради и држава што значајно го оптеретува буџетската, па

ако сакате и пошироко јавната потрошувачка. И во тие услови Владата понуди, а ние прифативме ако се сеќавате на минатата седница еден закон со кои и во такви услови таа сепак ја ограничува јавната потрошувачка на 35% на општествениот производ процентет, се разбира, не може за сега точно да се одреди.

Неадекватна кредитно- монетарна политика е напишано. Јас се уште не чув каква поинаква се предлага. Инаку, вакви неадекватни можат да се наредат 100. Се додека некој не каже каква поинаква, а тоа не го чувме во овој момент.

Не можам да го прифатам образложението поради кое треба да се изгласа недоверба на Владата и заради тоа што во образложението се искажани ноторни невистини, да не употребувам потежок збор. Личните доходи се намалени за 1/3 во однос на минатата година, а тоа е податок со кој вешто се манипулира затоа што е податок за 1992 во однос на 1991 година. Во оваа година немаме уште податоци солидни а за тие што имаме, јануарските на пример кажува заради голем сплет на околности, олабавување на ограничувањето на личните доходи кои веќе не се ограничени, заради истекот. на рокот на законот, заради поблаг пораст на животните трошоци и веројатно заради тоа што девалвацијата на денарот во однос на валутите е стопиран и имаме пораст кој е минимален и кој нема д биде долгорочен, меѓутоа, тоа е пораст и заради тоа не можеме ова да го третираме за сериозно.

На оваа Влада се импутираат податоци кои во Македонија според мои сознанија, кој се базираат на републичкиот завод за статистика, Републичкиот завод за вработување и т.н. егзистираат наназад 5 години, значи не една или две, 5 години, а тоа се 20 илјади стечајни работници во

овој момент има во Македонија кои добиваат како што вели предлагачот на иницијатива, тоа е позитивно за Владата, добиваат социјален надомест. Значи, Владата наследила 20 илјади стечајни работници, меѓутоа, тие добиваат социјален надомест што секако е аргумент зошто треба на оваа Влада да и се верува. Затоа што добиваат социјален надомест. А тие се работници кои на еден или друг начин долго време се испреплетуваат во РМ. Исто и фактот дека секој петти прима минимален загарантиран личен доход. Тоа е исто така кој во Македонија егзистира нешто повеќе до 5 години и не може воопшто да се прилепи на оваа Влада. Во најнова рака треба оваа Влада да се обвини затоа што дозволила тој број да не се намали, меѓутоа, во вакви околности можеби како што говореше и претходниот дискутант основната интенција на Владата треба да се зачува можеби едно ниво од кое; ќе се тргне напред да се запре намалувањето на движењето на сите овие негатив^и податоци.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Околу тоа колку е Владата виновна, или не виновна за Куклиш, Радовиш, Радолишта, Бит Пазар, не би коментирал. Нешто од тоа коментиравме овде во расправата. Ја завршивме таа расправа, јас го кажав тогаш моето. мислење и останувам на тоа мислење за овие настани за кои веќе разговаравме. Меѓутоа, она што од образложението и од досегашните излагања на опозицијата, јас кога употребувам опозиција не мислам на целата опозиција, туку само на оние 25 кои ја потпишале иницијативата, на тој дел од опозицијата. Практично покажуваат дека барајќи доверба, односно оставка од Владата, опозицијата ја покажала својата збунетост, паничност и криза ,во сопствените редови одејќи до таму да не е спремна опозицијата и таму каде што Владата има грешки да ги увиди и да ги нотира, туку ги нотира сите оние кои не се грешки на Владата, значи една неспремност на опозицијата во буквална смисла на зборот да увиди што фали во овој момент во Владата. И 'заради тоа се бара доверба како што беше тука кажано и како што е во материјалот напишано, затоа што Република Македонија е членка на Обединетите Нации под тие услови под кои е. Јас мислам дека тоа е факт заради кој треба да се поддржи ^ваа Влада. Тука за жал беше изнесено дека Владата треба да даде оставка и заради меѓунационалните односи во Република Македонија. Според мое длабоко уверување оваа Влада и ова парламентарно мнозинство кое ја формира Владата е заслужно и врши позитивно влијание во подобрување на меѓунационалните односи со самиот факт што во Владата седат македонци, албанци, турци, односно по еден турчин во овој момент, заради самиот факт што тие меѓу себе се договараат, кореспондираат, работат и се грижат за доброто на Република Македонија. Затоа мислам дека барањето на доверба всушност значи недоверба кон градење на добри, меѓунационални односи. И вие можете колку сакате за парламентарното

мнозинство во кое се неколку партии и граѓански и етнички партии да зборувате дека функционира, или не функционира, меѓутоа факт е дека функционира едно парламентарно мнозинство, или ако сакате парламентарна коалиција во која се застапени 5-6 партии и во која не е така едноставно да се усогласуваат сите програмски определби за да се излезе овде со едно решение, затоа што гледаме дека и во рамки на една партија е многу тешко да се изгради став. Затоа кога се кажува дека не може да се договори, треба да се има предвид што значи за Македонија тоа во овој момент. Едно заедничко работење, зборувам по национална припадност на македонци, на албанци, на турци, на роми во Владата итн. Јас тука демантирам тоа што беше кажано дека оваа Влада докажува дека нема македонско национално единство. Во таа Влада има и македонци, меѓутоа нас ни треба граѓанско единство во овој момент и во тоа сум длабоко уверен. И токму мислам дека инсистирањето од страна на опозицијата, извинете на изразот, меѓутоа влечење за јазик цело време на албанците испровоцирани на оваа говорница нешто повеќе да кажат од страна на оние кои ја образлагаат иницијативата заправо претставува тоа дека оваа опозиција е незадоволна со релаксацијата на меѓунационалните односи во Македонија, особено под влијание на оваа Влада, на ова парламентарно мнозинство и се очекува тоа да стане услов за меѓунационална і дестабилизација што очигледно не им оди од рака и не можат така лесно да уздрмаат она што се гради во Македонија во последниве неколку месеци, затоа што покрај Владата во која се застапени министрите, со исклучок на неколку кои се непартиски, во која се застапени министрите во таа Влада се договараат партии, во таа Влада се договараат луѓе од различна националност, од различна вероисповест и токму тоа мислам дека е еден од условите за долгорочна стабилност на Република Македонија, затоа што

не би гледал како поинаку ние би комуницирале во Македонија како што овде се кажа од страна на некои дека се разбира повторно без аргументи во Владата ПДП се залага за федерализација на Македонија, со други зборови "дај истерале ги итн.". Не, напротив овие седум месеци покажаа дека во Владата македонците, албанците и други можат да градат единство. И тешко на онаа Влада која нема да може да го изгради тоа единство помеѓу овие националности и македонскиот народ кои живеат во Република Македонија. И токму затоа мислам дека поставување на прашањето на доверба од тој аспект практично значи дека се појавува криза во опозицијата свесна дека во Македонија се извлекува еден од основните полуги на кои опозицијата игра, а тоа е влошување на меѓунационалните односи. Има предвид дека опозицијата која ја поднесува иницијативата и која стои зад неа пратеничката група претставена преку 25 пратеници е исто така етничка партија на која не и одговара меѓуетнички живот.

Сигурно се бара оставка и затоа што со лажни тези се изнесува дека во Македонија личните доходи паѓаат, тоа го кажав. Имаме еден апсурд, во Македонија во германски марки изразено во овој момент се приближуваме некаде кон она ниво, тоа нема да биде сигурно долгорочно, ниту ќе потрае многу, меѓутоа баш во овој момент заради игра на случајот во Македонија личните доходи не се како што беше тука кажано 50 марки, тоа е некаде во оние држави во кои за жал таквата политичка ориентација победи на север од Македонија. Во Македонија личните доходи се повисоки од 50 германски марки, имајќи го предвид црниот курс, а не официјалниот, личните доходи се многу повисоки и Македонија се приближува кон оние времиња кога подобро стоеше на тоа поле. Дали ќе истрае тоа долго време и јас не верувам, меѓутоа за игра на случајот еве баш во овој момент е така,за ваша штета. .

Се напаѓа оваа Влада дека треба да си поднесе оставка и да се изгласа недоверба затоа што се обиде, или сеуште се обидува, а заедно со неа како што беше кажано и коалиционите, или партнерите на парламентарното мнозинство да гради граѓанско општество. Извинете, тоа за мене е еден аргумент повеќе да дадам доверба на оваа Влада, затоа што мислам дека тоа е единствениот начин. Јас досега не сум сретнал човек сериозен вон од Македонија, а за тоа ни укажаа и на официјален начин бројни институции кои ни рекоа не може да градите граѓанско општество, дале градете етничко општество", напротив граѓанското општество исто така, по повод Уставот овде оваа Влада се обвинуваше иако тоа беше друга влада и сите го гласавме Уставот кој е граѓански, кој претставува незнам какво предавство. И ако претставува граѓански не значи дека се бранат национални интереси на тоа поле. За сите оние кои тоа сеуште не го разбрале, јас им препорачувам да гледаат реприза на еден многу убав ТВ дуел каде што беше објаснето дека граѓанското ме го исклучува националното, националната припадност и дека во смисла на државно уредување тоа е пожелна варијанта на уредување на општеството како граѓанско со носење на граѓански Устав. За жал мене сеуште не ми е јасно како опозицијата си дозволи да ја обвинува Владата и заради тоа што излеговме од целава криза без војна и од тоа да прави скандали, па сигурно не требаше со војна да излегуваме од кризата. Меѓутоа, морам да го кажам заради морални сопствени обврски. Се обвинува Владата штоп за мене е сосема без основа се обвинува дека придонела единствено во Република Македонија да нема демократија и таа теза не се образложи, меѓутоа се фрли како памфлет во воздухот за жал и таа кореспондира со ставовите на Мицотакис. Тој единствено тврди дека во Македонија нема демократија и дека токму заради тоа не треба во Македонија да дојде до меѓународно признавање се додека не изградиме демократија. Од друг немам слушнато,

вклучувајќи бројни меѓународни институции, политичари, држави итн. освен од опозицијата. И затоа што тука е единствената земја цитирам: "каде што сеуште владее комунизмот и се наведува дека се кршат човечки права итн.". Јас искрено ќе ја прашам опозицијата во овој момент. Зошто еднаш од оваа говорница не е обвинета Република Бугарија која во сопствената држава ги крши националните права на македонците на турците, на ромите, која не дава да се изјаснат како македонци. Како тоа секоја парламентарна сесија се користи да се укаже дека во Македонија тоа е така, иако не е. Меѓутоа, никогаш не е кажано. Јас навистина ќе бидам многу задоволен ако еден од опозицијата која е потпишана на иницијативата стане и јасно каже на оваа говорница дека на пример и во Бугарија исто така се кршат човечките права и владее комунизам, затоа што македонците не можат национално да се изјаснат, затоа што немаат свои школи итн. Ако тоа се случи, мислам дека ќе биде голем напредок кон градење на единствен пристап на македонската држава кон македонците кои живеат во Бугарија. Тогаш ќе можеме посериозно и пред Република Бугарија да го поставиме тоа прашање, а се инсистира упорно внатре во Македонија на тоа прашање, меѓутоа никогаш не надвор. Знаеме дека таму проблемите се поизострени. Ќе потенцирам дека оваа Влада за седуммесечно работење дупло ги зголеми девизните резерви што сметам дека е солиден успех.

Ќе констатирам исто така дека во последните неколку месеци од овој седмомесечен период инфлацијата почнува да се смирува и да добива карактеристики на инфлација со едноцифрен месечен износ што исто така не е факт кој може многу да не радува. Тука се неколку факти кои се имаат поклопено, меѓутоа како еден тренд не треба да го исвиркаме, туку напротив треба да го поздравиме. На тоа се разбира дека ни дава уверување.. и односот на денарот кон девизите. Имаме една чудна состојба

од последниве четири месеци, значи од Нова година до денешен ден април не само што немаме девалвација на црниот пазар, туку имаме напротив ревалвација што исто не сметам дека е нешто значајно затоа што на долг рок повторно Ѕе се појави. Меѓутоа во овој момент имаме и тоа треба да се спомене. Исто така, мислам кога ги набројувам добрите работи на оваа Влада, таа е оној фактор во државата кој успеа во услови на севозможна блокада за што се говореше и претходно да издржи и да не направи посериозни нарушувања во Македонија во доменот на снабдувањето со сите елементарни потреби, и сеуште издржува во услови на блокада кон север, блокада кон југ и немање патишта кон исток и запад како што и самите констатиравме оваа Влада сепак се снајде во тој период и мислам дека не треба за тоа да се критикува. Имам предвид исто така дека во процесот на распаѓањето на социјалистичките бивши држави во централна и источна Европа Македонија изгуби и поради блок;адите и војната и распаѓањето на тие држави пазар од 500 милиони во кои не можеме повеќе да ги пласираме сопствените производи и мораме да ги пренасочуваме на останатите пазари. Меѓутоа, и во тие услови со цела критика што се случува кој дел јас го поддржувам дека дел од производството заради тоа мора да се затвара, дел од производството не може да се пренасочи, се случуваат стечаи, меѓутоа на ниво на државно стопанство, на ниво на Македонија сепак не се случија посериозни нарушувања иако се изгуби тоа каде што македонскиот производ се пласираше. Ние знаеме дека македонскиот производ малку одеше на запад, можеби со 1/3 од сопственото производство. Најголем дел во овој 500 милионски пазар во централна и источна Европа и се разбира во бивша Југославија во кој сега е невозможно. Во тие услови ако сакате треба на оваа Влада еднаш јавно од оваа говорница да се каже, иако како што кажа мојот колега Ханџиски не треба брзо да се заборава кога оваа Влада се

нафати на сопствениот мандат се нафати во услови кога Македонија ја потресуваше сериозна нафтена криза. Ја осетивме малку. Сега може да се вика дека објективни беа околностите зошто се надмина, меѓутоа не беше објективно кога Владата се залагаше за надминуваше со транспортни сувоземни коридори, со цистерни, со обезбедување на кредити, со обезбедување на помош од Турција, со обезбедување на помош од кредитот на господинот Сорос, со пробивање на Солунското пристаниште итн. да во овој момент ние практично и не ја чувствуваме нафтената криза, а кога Владата дојде нафтената криза постоеше. Јас добро се сеќавам дека многу од оние кога се нафати Владата рекоа: една од работите е нафтената криза, совладале ја, многу ќе направите. Сега веќе ни е Јнормално дека може да се оди во било кое време и да се земе нафта. Меѓутоа, мојата лична култура ми налага да не го заборавам тоа што го направи оваа влада, затоа што е точно во нејзини ингеренции, за тоа нема надлежност ниту судската власт ниту законодавната власт. Таа сама го зема проблемот и го изнесе на свои плеќи. И да не набројувам, може да се наведе многу натаму. Ако сакате јас на оваа Влада би и дал сопствен суд дека многу ме израдува заради тоа што не посегна по инструментот на цензура %о областа на културата. Мислам дека е прв пат Македонија на солиден, прав пат да не се случуваат нови цензури од 1 било кој, дали заради напад на комунизмот на времето, или сега заради напад на нешто друго свето, или утре за напад на нешто трето свето. Мислам дека Владата тоа можеби не е толку значајна работа за доверба и недоверба,меѓутоа за мене лично е многу значајно што не подлегна на притисок да врши цензура во сферата на културата и да создава нови дисиденти на оние кои пишувале, или режирале итн., туку на луѓе кои слободно творат чиј суд на јавноста е највисок суд.

Овде слушнавме една закана која можеби и не беше закана, меѓутоа јас ја протолкував како закана, "или одете си" се мислеше на партиите кои ја поддржуваат Владата "или ќе дојде народот и ќе ве избрка". Меѓутоа, јас отворено се прашувам штом може таква закана да постои од страна на опозицијата, зошто да не постои и обратното прашаше: а што ако народот дојде и ја избрка опозицијата Дали вие евентуално на тоа размислувате? Исто така многу ме здоболе како граѓанин на оваа Република Македонија, не како пратеник кога двајца пратеници во својот говор неколку пати потенцираа "вашата Влада, вашиот прием во ООН, вашата држава" и тука или има место за исправка на лапсусот, или има место за сериозно размислување од страна на опозицијата што значи "вашиот прием во ООН и вашата држава". За Владата можеби ни е прифатливо дека не ја сметате за сво ја, иако е таа орган на Република Македонија, на државата Република Македонија која е за сите се додека е Влада на Република Македонија

Кога ќе си оди ќе дојде друга и таа пак ќе биде на сите. Тоа е демократијата. Демократијата не подразбира консензус. Демократијата подразбира мнозинство, а само за одредени прашање консензус. Меѓутоа и покрај се токму затоа ме здоболе особено тоа ^'вашата држава и вашиот прием во ООНП. Јас не го сметам за наш, го сметам за нешто што се случува на' целата држава и на сите граѓани на Република Македонија. И покрај се отворен,ќ© е прашањето дали состојбата во Република Македонија е розова? Моето мислење веднаш е,не . Состојба та ниту оддалеку не е розова, меѓутоа со таа разлика што јас ни кога се гласаше оваа Влада, ниту сега очекувам дека состојбата може да биде таква, односно да биде розова. Секој кој мисли дека од аспект на идеалното ќе ја критикуѕа оваа Влада, па ако сакате и овој Парламент, па и оваа држава, тогаш има грешка како што рече некој во чекори, затоа што можеме

критиката единствено од аспект на реалното и прифатливото да ја дадеме, а не од аспект на идеалното. Од идеален аспект, тогаш кога се ќе биде идеално, вклучувајќи не и нас пратениците, вклучувајќи не сите во државата Република Македонија. Затоа мислам дека и покрај тоа што состојбата не е розова не треба да очекуваме оваа Влада да биде таа која ќе ја направи состојбата розева имајќи предвид дека таква не може да биде.

Дали очекував лично опозицијата да биде задоволна од тоа што го работи Владата. Повторно одговорот е многу јасен, не очекував. Прво, принципиелно е лошо опозицијата да биде задоволна од работата на Владата,тоа го руши дигнитетот на опозицијата, како тоа сега таа да е задоволна од Владата. Меѓутоа, тука се кажуваат интересни работи кои не е првпат да се кажат дека опозицијата е секој пат против, дури и кога не е убедена дека треба да биде против. На пример за законот за судството^ Па,ние сме против затоа што не е наш законот, иако не кажувате што е тоа што му фали на законот. Кога беше расправата имавте четири, пет маргинални амандмани кои се одбија. Меѓутоа заради. амандманите вие изјавувате сега дека едноставно треба да се гласа затоа што е на позицијата тој закон. Значи опозиција која не цени дали е нешто во рамки на нивните определувања, во рамки на нивната програма, туку !140жеби ќе употребам и потежок збор деструктивна опозиција која ад хок за се е против само затоа што е опозиција. Веројатно така им е кажано дека секој пат мора да се против затоа што' се опозиција. Мислам дека тоа исто така не е во ред.

Како понатаму од оваа состојба со оглед дека од моето излагање произлегува мојот однос кон поставеното прашање за недоверба кон Владата. Што може да ни претстои, каков избор на каква Влада идеална, реална итн. и каква алтернатива ни претстои? Она што се понуди од алтернатива зошто ние не можеме идеално да гледаме таа Влада што ќе

треба да наследи ако се изгласа недоверба на оваа Влада ќе треба да се избере во овој Парламент од овие партии, односно од оние кои покренуваат доверба на оваа Влада и во тие рамки јас не гледам дека постои сериозна алтернатива која може подобро да ја замени оваа Влада. И затоа не сум убеден дека е добро да се изјаснува за недоверба на Владата, а особено што мислам дека пратениците кои ја поддржуваат Владата во овој Парламент се повикани да бидат рационални и да не брзаат, особено ако нема подобра алтернатива, а таква во овие клупи не гледам. Мислам дека е пресериозна одлуката кога во такви услови би оделе едноставно на гласање на недоверба на оваа Влада.

На крајот иако може да звучи опортуно, сакам да кажам уште нешто што немав прилика да го кажам кога се избирапе Владата, затоа што не бев пратеник во тој момент, меѓутоа имам прилика да го кажам тоа во овој Парламент. Јас лично мислам дека на оваа Влада по малку треба да и се заблагодариме затоа што ја прифати одговорноста за Република Македонија во едно многу бурно време тогаш беше неизвесно со признавањето, беше неизвесно блокадите, со се итн., а во исто тоа време некои партии и поединци едноставно избегаа од одговорноста да ја превземат одговорноста за,Република Македонија под разно разни изговори. И затоа мислам дека оваа Влада. која тоа го прифати едноставно заслужува и признание зошто тешко беше во тоа време да се< прифати Влада да се води во ваква Република Македонија која во исто време создава нова државност, која е непризната, која во исто време го менува економскиот систем, политичкиот итн.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Голубовски бара процедурална интервенција.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Навистина стана пракса пратениците од позицијата во своите

обраќања во Парламентот генерално да се обраќаат на останатиот дел како опозиција и притоа селективно и во такви случаи што е тоа неопходно да не направат должно разграничување на кого се упатуваат таквите забелешки.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ**: (Продолжение).

Од тие причини предлагам на претседавачот, сеедно дали претседателот на Собранието, или некој заменик во моментот деловнички да укажува и да ги потсетува пратениците на позицијата на несоодветното и непрецизно однесување на говорницата. Ова од причина повеќе што парламентарната опозиција во Парламентот на Република Македонија, не е ниту организирана, ниту координирана и блискоста често пати произлегува од идентичноста на одредени прашања кои што се расправат. Но исто така практиката покажа дека постои голема разлика во приодот. Би замолил ова да се има во предвид.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Колку што ме држи паметење, незнам дали г-дин Голубовски тоа го слушна, јас сум убеден дека го кажав. На почетокот кажав кога спомнувам опозиција, мислам на пратеничката група која ја има потпишано иницијативата, а не на сите,. затоа што е премногу разбиена опозицијата за да можам да ги именувам 5-6 партии, 7 8 независни пратеници, некои неодредени итн. јас ја направив таа ограда како поистоветување не со намера.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, морам да реагирам на дискусијата на претходниот дискутант, затоа ,што кажа една општа оценка, затоа што не беше опоменат или немајќи храброст да го каже името на дотичниот пратеник кој искажал таква мисла. Нашата држава, јас како граѓанин на Република Македонија е држава на сите. Да се импутира целата опозиција на сите пратеници од опозицијата дека целата опозиција рекла вашата

држава односно како опозиција оваа држава не е наша е срамота. Има стенограм господине Поповски слободно земете го така кажавте. Кажавте не сакам да го именувам, именувале тој, можеби направил лапсус човекот, ќе се објасни итн. Меѓутоа, јас како член на опозицијата се чувствувам дека некој сака да ме навреди во однос на мојата државна припадност, односно за љубовта за мојата држава.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници. Јас можеби со мало задоцнување меѓутоа, сакам да укажам на следното: Овде од еден пратеник се кажа дека наводно слушал радио дека Република Албанија ќе ја признае, или ја признала нашата Република под името бивша Југословенска Република Македонија. Јас по некоја случајност бев член на делегацијата која што разговараше со делегацијата на народното Собрание на Република Албанија, во кое што претседателот господинот Авнори на претседателот Андов кога беше присутен тука, а исто така* и господинот Мурати, на тие претседавања тоа се кажа, дека на господинот Андов му го честита приемот во ОН. Исклучиво ја употреби;терминологијата Република Македонија. Бидејќи г-дин Мурати беше присутен, тој требаше да реагира во смисла на она што јас го говорам дека искажа спремност и честита%е на Република Македонија, а не на бивша Југословенска Република Македонија. Тука стои одговорноста и на претседавачот да реагира, бидејќи тоа по блиско сеќавање беше пред некој ден. И мислам дека во разговорот кој што го имаше Делегацијата на Република Албанија со делегација на пратеничката група на ВМРО-ДПМЕ се повтори она Република Македонија и ништо повеќе, дури искажаа и гаранции за безбедноста на Републиката, за нејзините западни граници и ќе

повторам повторно, дека господинот Мурати мораше да реагира кога се работи за името на Република Македонија искажано од претседателот на Народното Собрание на Република Албанија.

**СПИРКО СПИРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, сакам и јас да се искажам на оваа говорница во смисла на тоа што во последно време почесто се слуша преку медиумите поедини пратеници да искажуваат свои мислења, кои се искажуваат со навреди, плукања итн. Мојата дискусија не оди кон тоа да искажам баш такви навреди и плукања, туку кон тоа ќе се обидам да искажам одредена вистина,ако некој таа вистина ја сфаќа како полувистина или невистина тој нека реагира и нека каже. На дневен ред на ова Собрание денеска е искажување на доверба на оваа Влада. Мое лично мислење во однос на ова прашање дека оваа Влада која ја има Република Македонија не може да се пофали дека делува наполно самостојно, во рамките на своите надлежности и овластувања. Тој впечаток го имам и го носам, можам слободно да кажам уште поодамна, од причина што сведок сум кога се конституираше, кога се формираше и Влада на ова Собрание барем за мандатор се бараа одредени квалификации и погодности итн. Меѓутоа, кога се формираше оваа Влада секое" враќање би не оптоварувало, меѓутоа, мора да се каже дека баш кога се формираше оваа Влада, не баш одредени квалитети во однос на личноста која требаше да го има мандаторот не се исполнија, така што имаме ситуација ми се чини погубн за оваа држава, не во смисла да навредам одредена личност, меѓутоа, смисла на она што го чувствуваат сопствениците на ова Република и што се рефлектира во самото стопанство одредени работи кои ги прави оваа Влада, односно оној кој ја води оваа Влада не одат баш најдобро, односно не одат по некој точно прецизен и одреден план. Во оваа смисла сакам да кажам кога веќе се случи да се формира и ваква Влада и уште

нешто да кажам дека во оваа Влада сепак стојат луѓе кои имаат добри резултати, меѓутоа, кога се формира веќе оваа влада, сепак тука се спомнува, баш и во народот некое такво убедување дека се создаваат некои култови на личности, што по мене не е ни точно веќе. Мене ми е страв за немоќноста на овој Парламент. За нашата блокада за нашата свесност. Колку овој Парламент може да влијае барем во одредена реорганизација на оваа Влада јако е потребно,токму во овој даден момент.

Јас не би се навраќал на дискусии кои тука беа искажани, во сите сегменти, затоа што не сум ни доволно стручен ни познавам одредени работи. Меѓутоа, можам во глобала да дискутирам за некои сегменти тука присутни. Ќе ги дефинирам во два дела. Во политички и економски дел, онака како јас ги гледам. Политички оваа промена на Влада се бара баш во овој момент, можеби најактуелно ќе остане само со името што се случи што го добивме, за кое сметам лично дека не можеме да се пофалиме дека успеавме ние да го добиеме ова име. Тоа е едноставна причина што можам само на еден пример да се навратам и да ми е сосема јасно дека тоа е така во однос на тоа што оној што го правеше главниот проблем за Република Македонија, тоа е Република Грција, веќе имаше изработено печат, тоа стопанствениците добро го знаат кои фигурираше пред година дена и ток,му со ова име. Како се одвиваа работите сосема ми е јасно, меѓутоа сепак мора да се прифати одговорност во однос на ^ оваа констатација што работата е сосема јасна..Фактички уставот е прекршен. Тоа е дефакто. Не се работи за тоа дека ние ќе треба во наредниот период да менуваме устав. Уставот е фактички прекршен. Ако и ова прашање дојде пред Уставен суд сосема е јасно и логично како треба и како е мора да се постапи, односно што дал одобрение џ таква работа да се случи. Сосема е јасно и јас верувам кога во Уставниот суд би се наоѓале одредени лица,барем од мојата партија, лесно би го решиле проблемот и сосема законски и легално.

Овој пат се настојува да с прикрие ова со тоа што ова што ни се случи, да искажат дека има и стопански последици, а сега на некој начин истото сака да се маскира. Се маскира со организирање на митинзи. Овој пат митинзите ги организира а се прашувам од чии средства, дали тоа се од средствата на луѓето или од средствата на партијата СДС, односно нејзината коалиција. Мислам на митингот во Скопје, на митингот во Прилеп. Особено за митингот во Прилеп можам да кажам дека тоа е обично заведување на младината, така тоа јас го гледам а тоа што беа повикани одредени естрадни уметници знаеме дека младината се залажува, а политичката позадина беше сосема друга. Во овој случај кога веќе дискутираме на одредени седници тука, за штрајковите кои се случија во фирмите и за што ние свесно се оградувавме да не постои некоја политичка позадина зад тие штрајкови односно главниот страв на СДС беше тој случајно ВМРО да не ги организира тие штрајкови, сега ни се случува истата ситуација СДС да организира митинзи, само заради тоа да си ја правда сопствената политика. Јас на почетокот кажав дека немам намера да навредам, туку ова што го кажувам вие смета;]те дали е вистина или невистина. Не е проблемот во сите тие работи, проблемот го кажав уште на почетокот кога овој Парламент се оформи и политиката која ја води СДС на Република Македонија во стартот што сметам дека е нејасна и во овој момент останува нејасна, а тоа е што народот е збунет. Еве вие излезете и подискутирале со народот прашале што добивме со признавањето, кои сме ние, дале едно јасно образложение на овој народ и кажете признаени сме или не сме признаени. Времено сме признаени или треба допрво да се признаеме. Кажав дека Уставот фактички е прекршен. Работи одеа нешто понапред. Меѓутоа, и тоа не е толку трагично, колку што е трагично дека дефакто народот е поделен. Мене ми е жал што претседател' на Републиката Киро Глигоров го подели народот. Тоа е факт, сакате ли да го признаете да го маскирате или незнам како. Јас

се движам со луѓе јас знам кој како реагира. Меѓутоа, мнозинството реагираат баш обратно на социјалната политика. Барем јас имам таква претстава во круговите каде што се дружам. Нешто да кажеме во однос на надлежностите на Владата. Сметам дека треба коалиционите партии во оваа Влада добро да се замислат. Кога тоа го велам СДС кој ја формира оваа Влада ги има трите основни и јаки министерства. Ја има полицијата, го има судството, ја има народната одбрана.

Во однос на полицијата ќе дискутираме дека во текот на утрешниот ден или наредните донови. Меѓутоа, доколку се воспостави еден јак државен апарат со еден голем број на извршители, јас немам точно сознанија, меѓутоа ми се чини дека се преку 13.000 извршители, повторно кажувам ми се чини, меѓутоа, таа бројка е доста голема и кога веќе ќе дискутираме за тоа што било минато во одредени земји, само да се зачува сопствената власт или да ;се заведе некој тоталитарен режим, не мора подалеку да одиме, освен да :одиме во нашето блиско соседство, ќе одиме во Албанија, ќе одиме во Бугарија каде што се случија тие работи, каде секој трети беше полицаец, каде што имаше јака држава,а сиромашен народ. Веднаш да ви поставам прашање кога веќе прифативме да имаме еден олкав голем државен апарат со колкави расходи учествува тој државен апарат во овој буџет. Каде е војската, каде е судството, каде е здравството, каде е школството итн., а знаеме дека стопанството проширена репродукција нема. Еве ги тие 100 марки просечно. Редовно ќе ги има овој народ тие пари.

Економски дали функционира оваа држава. Ми се чини не. Кога тоа го велам, сметам кога веќе се создала држава даночниот систем не е воспоставен. Истиот не функционира, платниот промет не функционира, ми се чини дека оваа држава точно не ги знае своите приходи, а како што кажав отиде во преголема администрација и затоа како што констатира

господинот Гошев и фондовите се празни. Меѓутоа, што да се каже за реформските сили кои се во коалиција со СДС. Навистина неверојатно разочарување од оваа партија. Партија на реформи. Партија і која изгледа дојде стравот, така што одредени стопанственици веќе стравуваат за своите претпријатија со тоа што ако дадете некој отпор во СДС и во нивната фирма како проблем за натамошно работење. Од иста причина ги има СДС, вие сепак сте некој спореден фактор во оваа коалиција, морам да го кажам.

**АЦО СПИРОВСКИ**:(продолжение)

Ништо од вашите реформи. Ништо од вашето пазарно стопанисување. Најјасно изразено баш со последниот закон за цариниte, кога прифативте еден закон кој не е комплексно завршен, затоа што фали Законот за царинските тарифи, кога прифативте едно работеше од бившата Југославија, наместо одредени прашања да прифатите одредена динамика. И, законот за царини најдобро ви се рефлектира на самата гранична линија, со сите проблеми. Чекања, проблеми со декларации, проблеми со санитарни инспектори, незнам какви онакви. Чекања до несвест, особено тешко работење. Јас незнам вие, како реформисти, не во овој дел, туку воопшто во стопанските проблеми како дозволивте да не реагирате, односно да се плашите да реагирате?

Во однос на трансформацијата на општествениот капитал, тука е присутен и господинот министер, сум го слушал повеќе пати на ТВ екранот, остава впечаток на агресивна личност со добар закон, меѓутоа не можам да ја прифатам неговата агресивност во однос на неговото неизборување истиот закон да го донесе пред ,овој Парламент . Повеќе од две години заминаа, тој закон го немаме. Законот ви е добар, меѓутоа вашата немоќ дали е во Владата или надвор од Владата, тоа не ни е познато. Меѓутоа, вашата агресивност е затаена во тој поглед. А,трансформација ни е неопходна и брзопотребна.

Го добивме како материјал. Кога ќе го расправаме, тогаш ќе го гледаме.

Што да се каже, исто така од оваа говорница почесто се дискутира за одредени општествено- политички организации. Првенствено мислам на Собранијата во одредени општини, како што беа посочени. Општините во Република Македонија работат на еден катастрофален начин морам да признам, со јасно неутврдени надлежности. Фали Законот за локална самоуправа кој го кочи и зошто го кочи не ми е познато.

Меѓутоа ми е познато дека во тие ОПО работат голем број на извршители кои имаат извршители некаде на месна заедница. А, стои кадар и нешто работи и се плаќа.

Ќе се навратам уште еднаш на мандаторот на оваа Влада. Сметам дека истиот е доста неодговорен. Својата неодговорност и во овој момент ја искажува. Го нема неколку часови, а токму се дискутира баш за неговата Влада. Треба да не слушне. Можеби треба и да даде одговор. Јас верувам дека во овој момент и пишува некоја програма, односно она што треба да го изнесе во очекуваното време во 15 до 12 очекувајќи дека тоа што ќе го каже ќе го заврши за 10 минути и вие, почитувани пратеници од коалицијата кои однапред му даваат за поддршка, секако ќе го оправдаат тоа што ќе го каже и со тоа ќе се заврши сета работа за РМ. .

Јас, повторно бидејќи гледам дека сум испровоциран од , одредена група СДС сметам дека политиката во РМ не ја води баш оваа Влада. Самостојно не делува оваа Влада, така што не може ни господинот Фрчковски со некој авторитет да се пофали дека сам делува и ја организира службата. Сметам дека тука, во Парламентот одредена група која почесто излегува и почесто еволуира со своите искажувања ги заведува сите пратеници односно и тие мора некого да слушаат. Се знае кој диригира.

За жал, дојдовме во тие ситуации и*секое мое обраќање до вас, ако ви се каже дека имаме бетонирани глави, може ќе не навреди, меѓутоа, ете дојдовме до ситуација и тоа, да го мислиме за нас, демократијата е многу назад. За жал, работите одат во многу обратен правец.

Секако, има уште многу, многу работи да се кажат во однос на слабостите, меѓутоа мене ми е многу жал оваа држава која се се формира што започна да се формира на многу лоши основи.

Митото и корупцијата се буквално на секој чекор, во секоја установа секоја институција. Тоа е нешто страшно, тоа е нешто неверојатно за една млада држава која сака да изгради демократија, сака да влезе во Европа".

Што е она што се декларира и што е она што е стварност?

Стварноста е катастрофална. Мене ми се чини дека овој Парламент колку што е моќен, ако не е моќен нека се согласи со предвремени избори, меѓутоа ако има сили нека добро размисли за она што е искажано и нека еднаш за секогаш сфати дека прва и основна грешка е што е народот поделен; втора е дека оваа Влада не одговара на интересите на РМ, едноставно и просто за тоа што не може самостојно да работи. Верувале дека не може,самостојно да работи туку некој диригира со неа и не е слободна во однос на она што го прави и истото да го направи.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами н господа,

Скоро сите почнуваат така и не би било срам и јас да почнам така, да почнам, да кажам зошто ќе го поддржам предлогот на група пратеници од опозиција која бара да се стави прашањето за доверба на Владата, односно јас ќе поддржам и ќе гласам на Владата да не и се изгласа доверба.

Постои предлог за изгласување недоверба во кој се дадени одредени образложенија и наоди на кои оние кои ја застапуваат. Владата наоѓаат дека не се доволни' дека се само или полувистини или невистини и слично на тоа, без да водат сметка да се потсетат на една работа за пред една недела кога премиерот на оваа Влада од кого се бара сега да се изгласа недоверба овде од оваа говорница говореше, даде свое интервју по повод преземените мерки за зачленуваше на РМ во членство на ОН и стана со

говор од говорница од овде и ние после тоа да чекаме да видиме што кажал премиерот.

Дали сега овој што навел било што чини од оној што говорел за државна политика, за достоинството на државата, не дал ништо. Тоа е од каде треба да тргнеме.

Господа, дали првиот наод дека Владата се огрешила и не водела доволно добро односно ја водела лошо меѓународната политика во поглед на зачленување на Република Македонија во членството на ОН, согласно на одлуката донесена на ден 29 јули 1992 година од ова Собрание каде Собранието, согласно на одредбата од член 121 од Уставот на РМ донесе ваква одлука: "Собранието на Република Македонија одлучи Република Македонија како суверена и самостојна држава да стапи во членство во ООН. Барањето за стапување во членството во ООН да го поднесе претседателот на Републиката. Оваа одлука влегу со денот на објавувањето во "Службен весник". Одлуката е донесена на ден 29 јуни 19 92 година ден среда.

Веднаш, после ова, по, повод несогласувањето со Декларацијата од Лисабон, 'ова Собрание да донесе Декларација со која не ја прифати Одлуката од Лисабон и заклучи, да не ги читам другите одредби употребата на името, образлагајќи го ставот на Бадинтер кој заклучува дека употреба^а на името Македонија не содржи какви и да е територијални претензии кон друга држава." Тоа е едно. И, точката 6 "името Македонија е основ1 за името на еден народ, македонскиот народ кој претставува мнозинство во РМ и со негово негирање се врши 'дискриминација врз тој народ и националностите кои живеат со него. Тоа не е функција на обезбедување мирен и стабилен сестран развој на РМ и зачувување на нејзиниот суверенитет и независност, обезбедени на мирен и демократски начин". Ова е одлуката на основа на која ова Собрание како законодавна власт ја донесе и требаше да се оживотвори

Владата, како извршна власт кога вршиме поделба на властите, ќе може да донесе само одлука и начин како ќе се спроведуваат овие одлуки, односно закони што Собранието како законодавно тело ги донесува. Значи, дека од овие два документи што ги прочитав овде, ова е фотокопија од "Службениот весник" број 40 од 4 јули, а првиот е број 46 од 29 јули 1992 година. Што занчи дека имаме и еден и друг документ каде јасно и гласно стои како, што треба да прави Владата, односно претседателот на Републиката кој ја претставува државата Македонија према странство.

Пак ќе дојдам сега зошто на Владата и забележувам? Кога требаше да каже, да го запознае ова Собрание со факти, со она што преговара Владата со другите страни преговарачи, односно со државите што ќе треба да кренат рака да ја примат РМ како членка во ОН или да не ја примат, што разговарале господата од Владата прогласија тајност. На што? Тајност да го заведат граѓанството и македонскиот народ дека преговорите ќе траат и ќе се завршат во рок од два месеци. Меѓутоа, за жал, ние добивме ново име, привремено ново име, поранешна југословенска Република Македонија.

Што? Господа, привремено, говорам за обичајот од каде јас потекнувам, кога ќе се роди детето му даваат привремено име, ако е машко ќоре, ако е женско ќорка, додека да му дадат име. Па сега, што ќе правиме ние дали ова привремено име ќе ни биде ќореќорка, ќоре-ќорка, да дојде она мое тврдење додека да не навикнат да си кажуваме дека сме поранешна југословенска Република Македонија Ако ова ни беше за задача, господа, опструкција не може да стои.

Националниот интерес на било која партија која ја сака РМ како своја држава ќе беше едно, тогај ќе мораме да водиме политика како и која ќе има сфера, дали ќе попуштаме на една страна, на друга, на трета, меѓутоа интересот за името и содржината и достоинството на државата нема поинакво освен РМ, како по територија така и по нејзино уставно име.

Значи, на тој дел оваа Влада не само што не најде инструменти да го примени Законот, односно овие одлуки, туку ги пречекори овластувањата. Во тој случај, таква Влада не може да има ова Собрание доверба, затоа што не ги почитува неговите основни налози акко законодавец. А, штом законодавецот не се слуша тој, непослушникот не може да има доверие.

Вториот дел, дека наводно господа немало кражба околу девизите, девизните влогови имало или немало. Јас ќе се обидам, колку ми е можноста и сознанието да кажам колку оваа" Влада ќе сноси одговорност, со кој со господинот Поповски се согласувам дека ова е трета или четврта, трета Влада која веќе говори и се занимава со проблемот на девизното штедење. Hero, во тој случај ние ќе разговараме која колку Влада останала на власт поради нерешеност на ова прашање. Таа бивша југословенска Влада падна и како Влада и како држава. Втората Влада која е македонска не најде начин да ги надомести влоговите штедни, таа падна. Сега значи оваа Влада ќе оди по истиот рецепт. Не може да го реши. Но, има друг аршин, ќе остане затоа што оние други паднаа. Доволни се две. Ние третата, трета среќа.

Ова не може така да биде. Значи, ние на Владата не броиме која е по ред, туку броиме што таа како Влада успеала и што предлага да направи. Господа, зошто велам што направила? Овде се донесува бројка од средствата за информираше дека наводно се продадени над 10 иљјади станови. Јас добивам известие од луѓе кои барале од банки да им се дадат во висина, што имаше Владата на Кљусев, не официјален, туку преземен по 100 марки за егзистенција, набавка на лекови или лекување, да се дава одреден дел од средствата. Таква~ работа, иако оваа Влада сама си направи закон дека ќе располага со средствата од продадените станови, не најде за сходно да ги надоместува, ги исплаќа и тие 100 марки. Значи, Владата не ја работи таа работа дека ќе го решава прашањето со

штедишите туку си решава свој интерен проблем, наводно водела сметка за стандардот и ќе се фалиме ние во другите бивши ЈУ- републики имале помал стандард. Ние сме 10 0 марки, голема работа! Навистина. А, го продаваме националното благо со цел да се оддолжиме спрема оние кои веруваа во државата и ги отстапија девизите. Меѓутоа, тие првиот чекор, Владата како прва и одговорна донесува одлука како, за кои цели и на кој начин ќе ги троши парите.

Да видиме, дали Владата излезе да каже, на штедачите им вративме по еден фенинг. Не! Ете, за тоа оваа Влада не го' извршува како треба својот задаток.

Се приговараше дали има ограбување на, јас не кажувам на општествениот,, ќе кажам на државниот имот. Ако говориме за некоја имовина, тогаш државата нека биде покритие врз се. Тоа е мое мислење другите нека ме оспорат, но јас тој термин го употребувам.

Господа пратеници, па треба ли јас да ве убедувам, сите фирми особено оние за кои од името на Владата на Стопанската комора на Македонија се прогласија десет успешни бизнисмени, тие со вреќи пари до Бит пазар и таму каде се продаваа девизи, ќе дадат на курири со кола и одат купуваат девизи. Кој нему му врши проверка колку пари земал на сметка, колку девизи донел, по кој курс ги купувал. Да не му дава потврда оној на црно што му продава? Пари на рака, во џеб и готово. Еве го каде е грабежот. Немој некој да мисли дека ја открил Америка. Америка не е измислена, таа е откриена. И овде, криминалот не е измислен, туку е откриен, сам се гледа.

Што е до извршната власт. Требаше ова да го запре. Тоа не го запре, него тие луѓе што купуваат такви девизи ги направи најголеми стопанственици во Македонија.

Понатаму, што е на извршната власт недостаток, на Владата Господа, сите овде спомнавте дека локалната самоуправа не функционира Што? Не функционира затоа што сета власт е сконцентрирана во Владата. Министерствата се тие кои ги имаат сите, инспекциските служби ги имаат кај себе. Нека каже Владата кој инспектор која работа презел што е направено, до каде дошло. Имав една интервенција во Куманово, го кажувам тоа отворено, се врши колење на крупен добиток на улици, крупен или ситен, и тоа месо се продава како на Блиски Исток. Одам и кај претседателот на Собранието и кај одговорните. -Велат а, господине пратеник, повелете, тоа е кај вас, во Владата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАВНОСКИ**: (Продолжение)

Сега таа Влада иако добила интервенција, така си продолжува. Се прави неконтролирана дива градба. Овде се приговара дека по националности се рушат или не се рушат. Јас господа овие што употребуваат по националности, не можам да разберам во мојата свест дали има криминал по националност. Таква одговорност никаде во светот нема. Тие луѓе кои ќе одлучат сами како физичка особа да прекрши закон, не може да се брани со националност. Ќе ги сноси одговорностите спрема законот Меѓутоа, навикнати на такви работи и таа коалиција која ја сочинува Владата сега за да го запази својот опстанок ќе одиме на лепенки, ќе се лепиме со Владата. Што прави водата при ова. Ако е ладно се замрзнува, ќе пукне спојот, ако е вода не држи, ако испари го нема оној елемент што сврзува и секогаш нема ништо. Заради ова господа јас говорам дека Владата како извршна власт потфрли во сите елементи на извршувањето на законите.

Јас не можам да кажам дека некоја влада сака да оди да прави демократија кога во законот за прекршоци повторно го воведува вербалниот деликт. Слушам, меѓутоа, тоа го кажувам условно дека и во кривичниот закон се предлагало враќање на кинеската теорија "кој ќе го погледне криво членот на комунистичката партија на Кина, ќе биде казнет до пет години затвор". Ако така го вратиме вербалниот деликт навистина далеку ќе отидеме со демократијата.

Сакам да кажам збор два и за начинот на заштита на Владата. Некои говореа, да не повторувам овде заштитата основно се врши преку средствата за јавно информираше. Ќе ме прашате како? Своевремено Римското право постоеше се што ќе кажеше императорот има сила на закон, а овде се што ќе каже Претседателот на Републиката и Владата е вистина и закон. Другото е се провокација, другото е се негација. Меѓутоа

средствата за јавно информирање, по мое длабоко уверување сеуште живеат на принцип на претплата. Што значи тоа? Македонската телевизија и радиото собираат претплата, сега мислам дека е осум илјади, тоа го плаќаат моите јас незнам, тие пари се собираат, јас плаќам, ја исполнувам законската обврска, без разлика каков е законот Што бива? Со тие пари ние другите партии што не сме во коалицијата ја плаќаме нашата антипропаганда. Дали ќе треба средствата за информирање да се прашаат што ќе биде ако тие луѓе кои гласале за опозицијата сега велат ние не сакаме со наши пари некој да ја валка нашата партија да го валкаат нашето достоинство. Ние дадовме глас за оној кој ќе работи против нас.

Ова е основниот елемент, ако некогаш се говори за граѓанска непослушност, нека водат сметка средствата за јавно информирање за тоа дека може да им се случи.

Зголемувањето на девизните средства, за зголемувањето што се рече за време на оваа влада ќе го споредам со еден тешко болен во семејството кој има големи пари, ќе треба да му се купи лек од една германска марка, а располага со сто милиони долари свои пари, а ќе оди од комшијата ќе бара дај ми те молам една марка да му купам лек на мојот човек да остане жив. Зошто го кажувам ова. Овде пет дена се расправавме за фондот Сорос дали да го примиме или не, а имаме толку зголемена девизна резерва а бараме 25 милиони долари од непроверена институција која ни плаќа за отворено општество да не направи да немаме своја татковина, да немаме свое потекло, да сме дојдени од некаде. Господа, кога вие говоревте јас никому не му приговарав сакам да бидам доследен а ако имате нешто дојдете од овде демантирал го, тоа е ваше право.

(Оваа реакција уследи по реагирања во салата од страна на пратениците) .

Се говореше дека оваа влада дошла во продолжен мандат. Господа,јас ова денеска прв пат го слушнав продолжен мандат. Мандатот има што? Да го добие од претседателот од оној кој е овластен во земјата кај нас во Република Македонија од претседателот на државата да го добие и во одреден временски период го држи и штом не може да удоволи на него или не сака да удоволи или по било кој основ го врати тогаш таа политичка формација која добила мандат не може да продолжува рок. Претседателот односно тој што го примил по втор пат може само да го злоупотреби. Овде се работи за злоупотребен мандат па еден кој злоупотребил едно право во моментот на формирање тој е навикнат на злоупотребите и доаѓа до крај да се злоупотребува.

Се зборуваше дека на Владата ќе треба да и се даде признание Јас реков напред како треба да и се даде признание. Меѓутоа, господа едно правило во животот е вакво. Секој има право и може да дојде на пазар. Уметноста и снагата на секој е да остане на пазарот. Оваа влада кога ќе дојде да треба да работи таа Влада нема основ да остане на пазарот. Со што не поткрепи? Не ги исполни законските обврски, даде согласност да бидеме примени во ООН под друго име, што не е наше име. Кога ќе дојде да се носи било кој закон што правиме? Ако е лош тој закон за составот на коалицијата на пример личната карта, тој закон од 41-та седница верувам дека ќе доживееме и 101 и 141 ако имаме време да останеме< во овој Парламент, тој закон нема да дојде. Зошто? Таму ќе се судрат интересите на коалицијата и ќе дојде во прашање сама по себе да се распадне. Оваа неприродна коалиција сигурно дека интересите не може да ги најде кај себе. Затоа велам дека оваа» влада не можеше дг си го најде местото да остане на пазарот.

Се спомна Законот за судовите. Господа јас ќе замолам да ме сослушате околу процедурата на донесуваше на законот. Овој закон во Собранието го утврди текстот, останува само гласањето. Јас незнам и ќе ја прашам Владата зошто не инсистира законот да излезе на гласање. Ние не можеме однапред да знаеме што ќе се роди. Ако овој закон не помине, па опозицијата се повика на оваа говорница на конструктивна соработка, ние во тој закон таму кажавме и беше напоменато дека неколку забелешки односно амандмани не биле прифатени и сега е утврден текстот на законот. Ако не го усвоиме тој закон ние сме опструкција, ако го усвоиме сме конструкција зависи државата. Кога реков да разговараме за техниката на работата околу основањето. Ако тој закон не се изгласа, ќе има право да влезе во процедура нов текст, па тогаш ќе се најдеме од: интерес на формирање на третата судска власт овие пратеници, без разлика на која групација припаѓаат, да се договорат можеби настанала грешката токму во оние елементи каде амандманот не е прифатен, па таму одиграла улогата на мнозинство. Сега тоа мнозинство поради немање на три четири или пет гласа станало малцинство, нека сфати еднаш улога на малцинство. Тогаш е повик на соработка. Да не се бара во секој момент што опозицијата нам ни наоѓа маана. Опозицијата не е учител, па со стапче на дете удри по увото ти овде згреши, вака ќе учиш. Опозицијата е корекција на позицијата. Во што? Во кмритика и ќе работи да и каже само дека не знае да работи, а не како да работи. Тоа се правилата на демократијата и правилата на однос на опозиција позиција.

Имаше одредени приговори околу тоа дали имаме стопанство или не. Господа јас слушам овде дека станува збор околу неродениот Петко. Дали на монетата стоеле цркви или треба да стојат џамии, дали ќе треба да стојат селски чешми, патишта или нешто друго. Добри економисти, а

Владата има такви, правилото во економијата е основата Менувај пари кога ќе обезбедиш производство, ако не сакаш и она што го имаш да пропадне. Ние напечативме пари и сега што? Производството не оди, а да работи ќе треба да се вложува во него, а овие пари нема подлога. Што бива? Се враќаме на старата навика машината, машината, машината. И пак доаѓаме до исто. Значи парите што се фрлени во замена на печатење на тие пари треба да одат во производство, па кога ќе дојде основ за стекнување ќе се стабилизираат односите на пазарот и тогаш ќе имаше однос на добра квалитетна монета. Јас тогаш ќе ја разберев Владата дека води правилна економска политика. Меѓутоа испечативме пари и сега ќе се караме два или три месеци пред пуштање во оптек на нашите пари и на крај тие пари додека да влезат во оптек сами по себе ќе отпаднат. Мора да има однос кој ќе биде односот на замената.

Да завршам, дали има или нема намалување на вредноста, она што човек го има во рака. Се говори дека немало намалување на приходите на граѓаните. Бројчано имаме зголемување, меѓутоа што имаме? Имаме мала куповна моќ, а куповната моќ е одраз дали се зголемило или паднало богатството на граѓанинот. Каков е тој далтонизам некој да ме уверува дека голем број значи зголемување или да се минимизира и да каже да има, но срамно признавање, па не е толку многу.

Јас ќе ве молам една работа, како може некој да каже дека не е многу кога треба за десет кибрити да смени две милијарди. Кога човек ќе стане милијардер купувајќи кибрит да знаете дека е најголемиот сиромав човек на светот. Таква ли снага ќе покажеме со ваква Влада.

Господа, последното што сакам да го кажам се вели треба да остане. Не се срамете, нам ни требаат промени да ја заштитиме државата , а не

Владата. Да напуштиме што? Партија- Влада- држава. Меѓутоа да појдеме од спротивното. Држава- партии- влади. Тогаш ќе најдеме содржина во животот. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Процедурална интервенција сака да направи господинот Мурати.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници. Не излегов да го искажам мојот став по однос на Владата, тоа ќе го искажам при гласањето, но се надевам дека на Владата треба да и се овозможи да се искаже во самостојна РМ и да продолжи со работа понатаму.

Излегов да објаснам една интервенција која исто така била со задоцнување изнесена од страна на господинот Томислав Стефковски кога не бев тука присутен, а станува збор за името на Република Македонија. Имено, за време на моето претседавање со седницата еден пратеник искажал дека наводно слушал радио дека Република Албанија ќе ја признае или ја признала нашата Република под името БЈРМ и со тоа завршува, а јас не сум интервенирал затоа што тоа не е така.

Јас нити сум слушал, нити сум читал дека Албанија ќе ја признае РМ под името БЈРМ, ниту пратеникот кој го употребил овој збор кажал дека тоа е тоа, туку и тој слушал. Јас немам никакво право да интервенирам во Република Албанија тие да ја признаат нашата држава под име кое ние го сакаме, а тоа е уставното Република Македонија, а најмалку господинот Мурати употребувал бивша југословенска Република Македонија ниту еден

пратеник од овој Парламент, па ни Албанците не го употребувале до сега изразот БЈРМ, тоа господинот Стефковски го знае многу добро, бидејќи заедно сме биле присутни кога господинот Пјетр Авнори, претседател на Народното Собрание на Република Албанија го употребуваше зборот Република Македонија и под тоа име ни го честиташе приемот во членството на ОН. Јас незнам по кој повод господинот Стефковски користи прилика да интервенира процедурално зошто јас не сум интервенирал кога пратеникот слушал дека тоа може да биде, тоа може да биде така,јас не можам да им се мешам, а најмалку кога ја водам седницата.

Сега излегов само заради јавноста, бидејќи господин Мурати постојано зборува за РМ, а не за БЈРМ.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ**

Почитувани пратеници, излегов само да кажам дека господинот Мурати во целост ги повтори моите зборови кои ги кажав. Целта беше да се внимава кога се претседава било со Парламентот или во друга пригода дека мора да се заштитува она што е вистината. Исто денеска пак ќе кажам во разговорот со делегацијата на Белгискиот парламент се искажа една невистина во однос на тоа дека Албанците во Македонија претставуваат 42% од вкупното население. Господинот Мурати не реагираш а сметав дека требаше да реагира на една таква невистина искажана во едни контакти со Парламентарна делегација на Парламентот на Белгија

Оттука сметам дека оној што претседава треба да внимава на овие работи, само во таа смисла беше моето излегување на говорница во смисла на она и факт е дека она што го повтори господинот Мурати дека претседателот на Народното Собрание на Албанија Република Македонија и ништо повеќе. Но, ако некој пратеник станува и употребува БЈРМ, треба да се интервенира и да се каже вистината што е ставот на дотичниот претседател на Република Албанија

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ако на господинот Стефковски му е жал што РМ е примена во членство на ОН под име Бивша Југословенска Република Македонија јас не можам да поправам во тоа. јас ниту имав право да реагирам бидејќи тоа го употребуваше господинот Пановски наводно слушал оти Република Албанија ќе не признае под тоа име.

(Од место се дофрла зошто не одговори за процентите на албанците во Македонија)

За процентите не е предмет на расправа овде, туку тоа беше на делегација што го употребуваше друг пратеник, а ни господинот Стефковски не реагираше на тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Абди бил спомнуван овде од говорница јас во тој момент не претседавав бидејќи имавме некои конгресмени од Америка.

**ФАИК АБДИ:**

Јас се извинувам што со задоцнување се јавувам за реплика но тоа го правам поради оправдани причини.

Дами и господа пратеници и јавноста на Македонија сте читале писмо во "Нова Македонија" , текстот што е испратен до Бутос Гали и Вие господа пратеници сте добиле текст. Ако некој, се извинува не умее добро да го чита својот мајчин јазик и да го разбере убаво ја не сум крив за тоа. Меѓутоа никој не рекол аз РМ овде да се создаде некоја држава романистана, ама воопшто никаде. А дали некаде ќе постои,тоа е една фигуративна работа, да им помогнеме на тие што ги фрлаат што се фашисиризирани некаде. Тоа беше целта, не беше друга цел. Опростете ми ако добро нешто не разбрале, можеби не знам точно да пишувам, но што да правам.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, и ако не сум убеден дека прашањето за доверба на актуелната комунистичко албанска Влада нема да даде резултат, сметам, како пратеник и потписник на барањето за доверба на Владата дека треба да ги изнесам своите видувања околу нејзината, барем за мене, катастрофална работа.

Во таа смисла активностите на Владата би можеле да се поделат во следните точки:

1. Надворешна политика.
2. Внатрешна политика
3. Економска состојба на Република Македонија.

Околу прашањето на надворешната политика би го презентирал следното:

Во месец ноември 1992 година во весникот "Нова Македонија" беше објавен текст под име молк и шпекулации, потпишан со иницијалите CJ и ЖС, во кој во еден став се вели следното: "официјален став на нашва дипломатија (се мисли на македонската дипломатија) е дека нема пазарење со името Македонија и дека е апсурдно барањето на Грција. Да се прави од отстапка , бидејќи тоа е дел од историјата, од националниот идентитет и на крајот на краиштата дел од Уставот на РМV Ова беше објавено господа пратеници во месец ноември 1992 година, значи пред неполни б месеци, па скоро се до приемот 8 април 1993 година бевме изложени на невиден терор како од така наречените независни средства за јавно информирање така и од скоро секојдневните изјави на креаторите на надворешната политика, господинот Глигоров и неговите кулени дека РМ нема да ги прифати и рационалните барања на Грција за промена на името дека тие нивни барања, се апсурдни, глупави, тенденциозни и редица слични изјави кои беа добро темпирани се со една цел да с залажа

македонската јавност, божем нашиот став околу името е толку цврсто што ни Господ не може да ни го наруши.

Не би сакал многу да говорам дека Владата едноставно работеше на своја рака т.е. самоволно. Без согласност Собранието на РМ го прифати членството во ОН со името Бивша Југословенска Република Македонија или Република Бајрам, што многу често може да се слушне по колуарите, а и меѓу народот. Следствено во истата смисла е и дадената согласност за не истакнуваше на македонското државно знаме пред зградата на ОН. Според тоа може да се констатира дека Владата едноставно работеше по свое убедување без согласност од највисокиот законодавен роган во државата Собранието на РМ. И последната седница околу информацијата на Владата за приемот на РМ во ОН беше чиста фарса. От како беше прифатено за мене и за мнозинството од македонскиот народ понижувачко-то име Бивша Југословенска Република Македонија, Собранието расправаше постфестум, што се вели по народното, после смрт болест. Но, господа пратеници мораме да се соочиме со реалноста дека РМ е примена под името Бивша Југословенска република Македонија. Впрочем и пред претседателот на државата стоеше името Бивша Југословенска Република Македонија испишано на англиски јазик. Што сега? Едноставно може да се констатира дека извојувавме т.е. вие господа извојувавте при оваа победа и ако на сите ѕвона во Државата се ѕвони дека постигнавме голем успех и редица други епитети во суперлатив, што е чиста глупост и моторна лага, барем за мене. Во таа смисла би сакал да се произнесам врз што се базираат овие мои тврдења дека ова е пирова победа т.е. ваша пирова победа господа и крах, нормално на надворешната политика.

Како факт број еден, никој досега во Македонија не најде за сходно да одговори што се крие зад името под кое сме примени во ОН Бивша Југословенска Република Македонија. Уверен сум дека сојузниците на

Грција кои ја предложија оваа солуција или наводно компромисно решение со името БРЈМ или Бајрам, Франција, Велика Британија и Шпанија работеа исклучиво по диктат на Грција, што е неспорно. Ако се работеше само за компромис дали Грција толку тврдо ќе инсистираше на ова решение.

Факт број два, не истакнување на македонското знаме пред зградата на ОН, по барање на Грција, нормално, што исто така го прифати Владата на РМ т.е. вие господа овде, сметам дека е уште еден атак на достоинството на македонската држава. Но, прашање е дали воопшто остана достоинство во оваа македонска држава. Ова е само првиот чекор за промена на македонското знаме кое во иднина т..е во следните два месеци колку што ќе траат усогласувањата или преговорите треба да се промени. Не треба да се заборави дека Грција ќе направи максимални напори за промена на знамето на РМ, во што премолчно и е дадена согласност со неистакнување на нашето државно знаме пред зградата на ОН. Незнам господа како Вие тоа ќе го изведете со оглед на фактот што немате двотретинско мнозинство во Собранието.

Факт број три, никој досега нема одговорено дали прифаќањето на наводно привременото име Бивша Југословенска Република Македонија нема да биде дефинитивно расцепување на македонското ткиво и конечно оттргнување на Вардарските македонци од Пиринските и беломорските, мислам на духовно раскинување. Всушност сакам да кажам и тврдам дека македонците од Пирин и Егеј нема да се идентификуваат со некаква си Бивша Југословенска Република Македонија. Терминот Југославија и југословенско не ги врзува ни историски ни географски. Истото важи и за иселениците од дијаспората избегани од Пиринскиот и Егејскиот дел на Македонија. За нив , а и за многумина од Република Македонија матица може да им биде само државата која ќе се вика РМ т.е. уставното име.

Впрочем грците ќе бараат и бришење на член 49 од Уставот на РМ. Дали тоа ќе значи дефинитивно откажување од нашите сообраќај надвор од рамките на РМ.

Факт број четири, и ако цело време се труби дека со приемот во ОН Македонија ќе воспостави преговори на рамноправна основа со Република Грција во што чисто се сомневам, ние веќе уште во самиот став во преговорите тргнуваме од една инфериорна положба , а тоа се фактите кои претходно ги изнесов спорот околу знамето, членот 49 од Уставот и редица други отстапки, нормално на наша штета, кои се тајна за нас обичните смртници од парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ.

Факт број пет, улогата на посредниците кои се докажани пријатели на Грција, ќе посредуваат, сигурен сум, во полза на Грција, поточно на наша штета. Слествено како преговарачи се спомнуваат Венс и Овен , а во игра е и португалецот Пињеиро, еден од коафторите на Лисабонската декларација.

На крај како резиме држи заклучокот дека македонската Влада т.е. вие господа овде со прифаќање на името Бивша Југословенска Република Македонија направивте ненадоместлива штета на националните интереси на РМ и каузата, со што се менува еден од основните елементи на Уставот на РМ, со постапка спротивна од онаа пропишана со Уставот, како и против вољата на македонскиот народ. Тоа е се што сакам да го изнесам во кратки црти околу работата на Владата на надворешно политички план.

Околу состојбите во внатрешната политика би го кажал следното. Во интерес на вистината и во интерес на разјаснување на работата на актуелната неокомунистичка Влада на внатрешен план мора да се

презентираат следните моменти, пред се господа општиот хаос и распад кои владее во РМ како на меѓунационален така и на меѓу конфесионален план. Во тој контекст треба да се потенцира дека се уште не се изнајдени решенија за кражбата на столетието во РМ т.е. за кражбата на девизните влогови на граѓаните во висина од една милијарда и сто милиони долари, во против вредност од околу една милијарда и седумсто милиони ДМ, галупирачката инфлација од 20% месечно и две до три девалвации на денарот од доаѓањето на оваа Влада на власт, не донесувањето на Буџетот за 1993 година м и ако поминаа четири месеци од тековната година. Не донесување на еден од највиталните закони на државата, законот за локална самоуправа. Потоа законот аз трансформација на општествената сопственост. немање на развојна економска политика и редица други закони.

Следствено мроа да се потенцира дека се изврши невиден грабеж. одредени господа од министерската фела кои не сакам да ги именувам, во друга прилика ќе им ги спомнам имињата, преку ноќ станаа црвени капиталисти, класична коса на острена на македонски начин господа, со огромни фирми и дебели конта чие министерствување е само параван за нивните зделки кои директно се на штета на македонската држава. Во таа смисла моран да кажам дека сум изненаден позитивно со пишувањето на Нова Македонија околу разоткривањето на министерските афери за разни фирми чии сопственици се екс и во поголем број сегашни министри, па се поставува прашањето кој се и како работат фирмите "Жута- Комерц", многу ми е жал што потпретседателот не е тука да слушне "Диздард- Комерц", важи за Вас господине Исмаил "Профако-Ултра" исто за господинот1Антони Шешев и други. се надевам дека господинот Фрчковски ќе се заземе како работат овие фирми. Господа ова се само мал дел од активностите на некои министри од сегашната Влада на РМ и кој активности се од

сомнителен карактер, барем од она што го прочитав од Нова Македонија. Следствено се прашувам каде се парите и за каква намена се употребени доларите од фондациаја СОРОС.

Господа искрено се сомневам дека македонската држава може да направи нешто со такви министри во актуелната Влада.

Исто така, мора да се спомнат проблемите во образованието, аферите во Дебарска Жупа, Никонест од Струга и редица други афери кои го потресуваат образованието на РМ и чии главен протагониста е господинот министер Димитар Бајалџиев. Во овој контекст може да се спомнат и министрите Љубомир Фрчковски, министер за внатрешни работи и министерот за урбанизам Антони Пешев.

Само да ве потсетам господо на аферите Дувло, Сина Птица, Бугарските летоци, Радолишта, Радовиш, Куклиш, Бит Пазар, Горче Петров и накрај се уште неразјаснетото погинување на министерот за внатрешни работи Мијалков. Афера до афера господо.

Околу улогата на министерот Фрчковски и Пешев се надевам дека ќе имам прилика да говорам на точките за нивните интерпелации.

Овие факти господа се само мал дел од активностите на Владата и нејзините министри. Еве господа со што се бави господинот Фрчковски (покажува лис хартија) ја прислушуваа политичката партија на ВМРО-ДПМНЕ место да си ги средува состојбите околу девизната црна бера на Бит Пазар.

Околу економската состојба во РМ би го презентирал следното. Во Македонија има околу 180 илјади не вработени, што е приближно 10% од популацијата. Преку 20 илјади стечајни работници, а во иднина нивниот број рапидно ќе се зголемува што е неспорен факт. не редовна исплата на

пензиите чии број се движи околу 180 илјади пензионери што исто така претставува 1о% од популацијата. Се на се една катастрофална состојба чии краен епилог може да биде социјален немир од оправдани причини господо, за што сме сведоци скоро секојдневно: штрајкови, протести и слични манифестации само во интерес на зачувување на дигнитетот на работникот.

Како илустрација на .катастрофалната состојба во економијата е следниот пример. Со процес господо од 135 илјади денари, можеби згрешив, можеби е малку Повеќе 14о илјади денари, колку што е Републичкиот просек, едно четворночлено семејство господа не може да опстане 10 дена. Со последното покачување на лебот од 700 денари, кој е основен производ за прехрана барем во РМ, едно такво семејство само за леб треба да одвои 40 илјади денари нормално ако трошат 2 килограм) на ден, ако трошат повеќе тешко нив. Значи им остануваат 93 илјади денари за јадење и покривање на трошоците за целиот месец, што е невозможно да се постигне. Овие аргументи не треба да се заборават, а најодговорни за ваквата состојба се господата од најактуелната Влада. 6е на се , уште еднаш ќе повторам катастрофална состојба како на надворешен така и на внатрешно економски план. Значи господа од Владата може да мавтате, трубите, да биете на сите ѕвона за вашиот голем успех, но состојбата во која ја доведовте државата е повеќе од катастрофална. Според тоа време е да ја напуштите политичката сцена.

На крајот сакам да го кажам следното, а во врска со прославите по повод приемот на РМ во ОН под името Бивша Југословенска република Македонија.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ**: (продолжение)

До сега господа никаде во светот не се случило да се просалвува промена на името, освен кај нас. Тоа е уникат што може да ни се случи само нам, т.е. вас господа. И уште нешто.

Би сакал на господата која ја прифати оваа солуција околу името да и честитам и новото име на РМ, а тоа е бивша југословенска Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, од оваа говорница вие сите можете политички да разговарате секако и сите аргументи, но од оваа говорница не можете да го менувате вие уставното име и на никого не можете да му честитате бивша југословенска република.

(реагирање на пратеникот одејќи кон пратеничката клупа)

Ве молам, вие можете сите да шпекулирате, да размислувате, да наведувате било што што мислите, но на секој овде тој ќе си каже како ја чувствува Македонија и како се однесува спрема уставното име. Вие немате право еден на друг....

(реагирање на г-динот Флоровски од место)

Има збор г-динот Котевски.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, иако наближува полноќ, а на полноќ кон 12,00 часот скршнува ноќта и за да не биде под зарек Владата малку треба да причекаме за да ни потрае. Така има едно верување кај нас во народот.

Бидејќи и јас сум еден од тие потписници во дописот за давање недоверба кон Владата сакам да кажам зошто се потпишав и зошто сметам дека оваа Влада треба да ја напушти политичката сцена од оправдани причини.

Прво, тргнувам од тоа дека премиерот кога ја заземаше функцијата и кога ја формираше оваа Влада истакна пред сите нас во својот говор дека таа Влада ќе биде некој вид преодна влада која влада ќе го забрза донесувањето на законите од областа на изборните закони за избор на пратеници, одборници, законот за избор на претседател на РМ, законот за регионализација на РМ и т.н. Тогаш звучеше многу едноставно и убедливо дека таа Влада има намера кратко време да владее во РМ и дека таа е се со цел во една преодна фаза да ги донесе тие закони за да можеме да одиме на повторни нови избори. Но, како што изгледа состојбата и случаите власта е многу слатка и таа не се напушта туку така и затоа во овој период ние ја имаме веќе приграбување на власта во сите сегменти на политичкиот, општествениот и економскиот живот на РМ. Без разлика на тоа таа е извршна власт на РМ и го има тоа право доколку законит тоа и го допуштаат, но јас сметам дека од она јавно мислеше што е создадено и реално мислење во РМ особено од стопанските субјекти имаме доволно аргумент!да укажеме дека оваа Влада не ја ужива довербата на поширокото стопанство и стопанските субјекти.

Извесен период пред завршувањето на овој месец во Битола беше одржан еден состанок со двајца министри од оваа Влада во ф-ката за шеќер "4-ти Ноември" од Битола и нормално сите беа и нормално тука беа поставени клучни прашања за опстанокот на оваа фабрика која постои повеќе години во РМ и е основа за производство на шеќер во нашата држава.Беа поставени некои основни прашања за опстанокот на фабриката

но и до ден денес и покрај настојувањата и барањата на раководниот кадар оваа Влада и ресорните министерства останаа глуви и на некои начин со своето самосволно однесување и недозволено допуштање т.е. давање на дозволи за увоз на шеќер од други држави во РМ го поставија во прашање и опстанокот на оваа ф-ка во РМ, а исто така и опстанокот на вработените. Јас овде пред мене имам мали заклучоци или изнесувања на вработените од овој колектив и како аргументација ќе ги изнесам пред вас за да видите во каква состојба е ставена оваа фабрика токму од ресорните министерства на ова постоечка Влада. Цитирам: "раководството на шеќераната уште тогаш увиде дека ќе западне во финансиски колапс па на Владата со допис од 26 октомври 1992 година и предложи Владата како е ред да си откупи репата, а шеќераната за нејзин рачун ја преработи. На ова писмо не бевме удостоени со никаков одговор. Понатаму, во тој момент Владата наместо да си го заштити сопствениот шеќер таа дозволи неконтролиран увоз и шверц на шеќер со сомнителен квалитет. Како последица на таков однос на Владата шеќераната не можеше да го пронајде нејзиниот шеќер. Понатаму, поради непродавањето на шеќерот, шеќерата влезе во замка на плаќање на камати на кредитот, така д во моментот шеќераната плаќа само по камата 800 илјади денари месечно, што изнесува 6 бруто месечни плати на вработените." И да не продолжувам понатаму. Овој проблем е отворен, Владата и луѓето ресорните министри кои имаат влијание во економскиот живот и приватните претпријатија во РМ продолжуваат со ист интензитет да увезуваат шеќер во РМ, да се богатат на неконтролиран начин и со тоа да и нанесуваат огромни штети на РМ, на вработените во овој колектив во Битола, а исто така и на целокупното земјоделие во оваа општина бидејќи ЗИК Пелагонија и индивидуалните земјоделски производители што веќе

подолго време се усовршиле или се специјализирале за производство на шеќерна репка во овој момент е доведена во прашање производството и пролетната сеидба на оваа култура. Ова е еден од аргументите што го сметам за неодговорниот и крајно шарлатантскиот однос на Владата кон постојниот проблем во РМ а посебно во општина Битола.

Исто така, кога сум веќе кај шеќераната не можам да ги одминат и земјоделските проблеми што се јавија не само кај нас туку и во целата Република. Откупот на јагнињата е посебна приказна и посебна катастрофална прилика во Македонија на која навистина нашите земјоделци им е нанесена катастрофална штета. Можете да замислите 2.500 стари денари да се откупува жива мера за килограм јагне. Тоа е катастрофално низок износ, а исто така Владата во тој поглед апсолутно не придонесе ниту пак бараше алтернативи за да може да ги извезува овие јагниња на другите пазари освен во Европската заедница и на тие пазари каде што имаше контингенти за увоз, а збнаеме со одредени бариери што се појавија тие не можеа да се извезуваат. Значи, Владата едноставно по некаква инерција продолжува да работи и тој поглед не само во сточарството, но исто така и во земјоделието. Не само што останаа овие јагниња неоткупени, и земјоделците се препуштени сами на себе да си го решаваат проблемот, исто така и со пролетната сеидба и со репроматеријалите се наоѓаат во катастрофална состојба. Бидејќи, со оние камати што сега се поставуваат во поглед на репроматеријалите незнам која калкулација на земјоделците во РМ ќе им ги поравни сметките на крајот од реколтата за да можат да добијат нешто што се в^ка профит во тоа земјоделско производство. На овој план исто така Владата потфрли во секој поглед. Но, не е тука во прашање само земјоделието. Ние не можеме да ги

запоставиме и другите прашања и проблеми што оваа Влада од своето постоење скоро 7 месеци ги таложи и никако не сака да ги решава.

Овде беа споменати повеќе прашања од областа што се нарекува демократија во РМ. Тоа е посебен сегмент. Јас тука не се сомневам во одредени министерства и министри кои навистина на срце им лежи демократијата и барем на оваа говорница и пред овој Парламент често пати изнесуваат конструктивни дискусии и предлози во поглед на таа демократија. Но, за мене едно индикативно прашање е многу битно и сакам да го истакнам во овој момент. Не може во РМ да се гради некаква демократија само што ја замислува Владата или премиерот на РМ, или одредената политичка партија или коалиционите партии во РМ, а да се запостави онаа структура или опозиција во Парламентот или во државата, или она гласачко тело во РМ кое во секој случај претставува големо мнозинство, но во овој случај е запоставено. Запоставено е заради тоа што коалицијата на некој начин со одредени политички сили во РМ наоѓа компромис и наоѓа дијалог, а со овие партии кои припаѓаат на националниот елемент во РМ и се национално определени апсолутно не наоѓаат никакви допирни точки. Тоа е една од основните причини за кои сметам дека во РМ нема ни елементарни услови за спроведување на оваа демократија што коалицијата во овој даден момент ја протежира.

За мене исто така не е демократија ни она што се спроведува во практиката во РМ. Сите оние репресии, сите оние, јас не ги нарекувам насилни елементи, туку со наметнување, со присила и со принуда, а тоа ни се случува и во нашиот Парламент во комисиите на ова Собрание, каде што без разлика дали треба да се убедиме за одредена состојба, дали да се убедиме за одреден проблем со вистини дека треба навистина за тој

проблем да застанеме и да гласаме позитивно Владата и оваа коалиција во Парламентот настојува по секоја цена без разлика дали е вистина или невистина да го наложи по секоја цена сопственото мислење и да се гласа така како што сака. И во тој контекст е и сето она што денес ни се случуваше на самата седница место една точка на дневен ред недовербата на Владата, да се постави прашање околу назначување на одредени директори на царината, па назначување на заменици министри и т.н. Тоа е многу дискутабилно прашање и тоа многу во негативна смисла. Не придонесува на демократските принципи во РМ. Не е демократија она што самата Влада си го зема како за вистина да го спроведува во Македонија со посебни репресивни мерки оној што не е со мене е против мене, да наложува мислење и ставови а и преку медиумите, мас медиумите во РМ да гради едно јавно мислеше кое ќе го наметне на целото гласачко тело во РМ и да создаде лажна слика за тие демократски процеси. И без разлика колку премиерот ќе намигнува или нема да намигнува јас мислам дека оваа Влада на чело со премиерот барем во овие месеци не даде никакви знаци дека може да се носи со најсериозните и налешките, најсудбоносни проблеми во РМ.

Особено премиерот во вакви услови кои нема ни животно ни работно искуство се однесува сосема ноншалантно кон сите проблеми што се поставуваат во РМ. Тоа е недопустиво и незнам дали воопшто никаква храброст имаат вакви луѓе да преземаат вакви функции. Тоа е како на некој генерал, неповикан, некомпетентен, или недобро осознаен да прифати генералска функција а на прва борбена линија да му изгинат сите војници. Тоа исто се случува и со нашиот премиер во РМ. На прва борбена линија да му изгинат сите војници. Недопустиво. Јас мислев и сметав дека во РМ ќе

се постави таков премиер и таква Влада такви министри кои ќе бидат практичари, кои ќе бидат непосредно од стопанството, кои ќе можат во дадениот момент практично и прагматично да дадат излезни решенија не само со свои лични настојувања, туку и со вградување во законските проекти што ги донесуваме во овој Парламент. Но, што ни се случува. Ние овде немаме практика. Ние овде некое теоретизирање и продолжување на стариот систем и одржување во живот тој стар систем со сите административни мерки кои добро ги познава оваа Влада, со исклучок на некои луѓе во таа Влада. И тука нема никаква дилема. Јас во овој период, 2 и пол годишно постоење на овој Парламент не увидов во Македонија, барем во оваа извршна власт да се створи во нашата држава една клима, сеопшта клима кај луѓето да се побуди еден мотив повеќе, внатре во себе си во луѓето за активирање за да се излезе од оваа криза. Но оваа криза понатаму се продолжува а не се излегува од неа. Тоа ми дава за право на оваа Влада навистина и покрај сето она што беше кажано аргументирано и како вистина овде од повеќе пратеници, од Гошев, Георгиевски, имаше тука и други конститутивни предлози што навистина одат кон тоа оваа Влада барем во овој момент да не ја заслужува довербата. НО, исто така, впрочем и уверен сум дека овие министри оваа Влада на чело со премиерот се доволно паметни да сфатат дека во дадениот момент и не мора да им укажеме недоверба со гласање. Тие можат тоа и доброволно да го направат се разбира ако врз нивната совест паѓа одговорност и сето она што не го направија за ова 7 месечно постоење како Влада во РМ и за сето она што е како негатива направено не само во поглед на стопанството, економијата, туку и во поглед на она што значи надворешна политика. За таа надворешна  политика 5 дена зборувавме и нема потреба да се враќам наназад.

На крајот сакам да потенцирам за некои дежурни политичари или дежурни политички паљачовци кои овде постојано сакаат да сугерираат и да изигруваат некакви си големини,лажни големини дека на оваа говорница често и се сугерира на опозицијата зошто во одредени моменти, во одредени состојби што се случуваат во нашето соседство на пример како што е соседна Бугарија не се укажувало на пописот во Бугарија, не се укажувало на постоешњето на Македонците во Република Бугарија и т.н. Јас мислам дека тоа не право само на парламентарците, а тоа веќе и Владата треба да го укаже бидејќи таа е извршна власт во РМ и треба дасе грижи за тие малцински права во соседните држави за Македонците, но во секој случај таквите дежурни политички паљачовци треба да погледнат во стенограмите и да видат кои од оваа говорница истакнал некои вистини за македонското малцинство не само во Бугарија, Албанија, Грција и на други места. Тоа треба да го увидат.

Исто така беше потенцирано овде една голема невистина и јас мислам дека тоа ќе направи големо зло во РМ. Тоа е граѓанската опција што овде некој постојано ја протежира. Како можете господа од коалицијата да протежирате граѓанско општество како што е една Австралија, мултикултурна, мултинационална, мултиетничка, мултикултурна во која точно се знае кој е службен јазик и таму нема по клуч и нема по некој знам мерила и критериуми колку Македонци, колку Тајланци, колку Кинези, колку Јапонци, колку Срби, колку Бугари, затоа што е составен од над 100 нации. Вие овде правите граѓанско општество, ни нудите граѓанска опција а коалицирате со партии кои стриктно водат сметка за националниот интерес и своето национално битие. И национално до крај се определуваат и во вашата Влада постојано не бегаат, не отстапуваат од своите национални

интереси. Како можете вие да правите граѓанско општество и да ја држите тезата граѓани на оваа држава кога постојано вие со сите овие законски проекти правите групирање по верска, по национална и по било која друга основа во РМ. И уште ако донесете закон за избор на пратеници и одборници пропорционален, тогаш не само по национална основа, верска, туку верувале и по бојата на очите и по бојата на косата ќе направите групирање на луѓето во РМ и на опасна поларизација.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Граѓанското општество не признава и не познава национално определување како што вие обратно протежирате. Граѓанството во сите овие досега познати во светот донесени повелби, како стои Повелбата на Обединетите Нации се знае што е граѓанство, граѓански, или човекови права. Тоа се општи граѓански, или човекови права. Но, националната определба е основната определба од која се тргнува и која се застанува и која е врв на една нација и конституирање на една држава. Затоа вашите тези не држат и заради оваа теза и заради она што го протежирате постојано од оваа Влада мислам дека треба доброволно самите човечно е да си поднесете самите оставка без да се надгласуваме во овој Парламент.

Многу ви благодарам за трпението. Правите фарисеи ќе се покажат допрва во овој Парламент, а мое право е да ви кажам нај искрено, јас секогаш размислувам со сопствена глава, не размислувам со главата на некој што има мазен мозок.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, со ова расправата ја завршуваме.

Има збор претседателот на Владата господинот Бранко Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, морам да кажам дека на некој начин сум хендикепиран и јас, а и Владата со оглед на фактот дека претходеше да повеќечасовна расправа во која што се изнесуваа аргументи во прилог на тоа зошто треба да се изгласа недоверба на Владата, а еве јас имам можност само во десетина, петнаесет минути да одговорам со контрааргументи. Дури некои одделни пратеници на

денешната расправа имаа можност да говорат и по еден час. Меѓутоа, без разлика имам чувство дека не сум хендикепиран посебно и дека со оглед на карактерот и квалитетот на дискусијата која беше водена и ова време е сосема доволно.

Чинот на поставување на прашање на доверба, или недоверба на Владата, како сакате е исклучително сериозен настан и сериозен чин во било која друга држава. Во нашите услови, во условите во кои што се наоѓа Република Македонија тоа е повеќекратно изразено. Тој чин бара најсериозен пристап и од Парламентот и од јавноста и од страна на Владата, но пред се и над се од страна на поднесувачот на иницијативата за гласање на недоверба на Владата, во случајов од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Во тој контекст мислам дека предлогот на координаторот на парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ господинот Томислав Стефковски оваа точка да се издвои на една посебна седница и на тој начин да и се даде една поголема тежина беше сосема на место и мислам дека и Парламентот постапи правилно што тој предлог го усвои. И тоа е во ред. Меѓутоа, што не е во ред? И што е она што по мое мислење е крајно несериозно? Тоа е тоа што еден добар дел од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ кои денес учествуваа во расправата не се потрудиле дури ниту да напишат, подготват, или барем да им напишат некои нови дискусии, туку крајно ноншалантно без никакви амбиции,па дури би рекол и без искрена желба да успее иницијативата за гласање недоверба на Владата не осудија на повеќечасовна тортура по којзнае кој пат да ги слушаме нивните стари дискусии, повторувани по разно разни точки, на разно разни седници на ова Собрание, или пак на бројни трибини организирани ширум Републиката. Така имавме повторно прилика да ги слушаме приказните, или да бидам покоректен тезите за тоа која била надворешната политика на Република Македонија пред две години, што сме правеле ние тогаш кога Словенија,

Хрватска, БиХ крвареле да се изборат за своето меѓународно признавање, имавме прилика повторно да ги слушаме тезите за платформата Глигоров-Изетбеговиќ, за нашиот однос кон поранешната ЈНА и начинот на која што таа требаше, или требала да ја напушти Република Македонија,за тоа колку долго сме останале во монетарната унија, односно сме го користеле динарот како платежно средство, за тоа што се случило во Куклиш, Радовиш, Радолишта, за карактерот на Уставот. За референдумското прашање и што уште не, што се разбира може да биде предмет на една дискусија, на една расправа и јас радо би полемизирал со сите тие ставови меѓутоа по некој друг повод, а не по повод прашање за гласање на недоверба на оваа Влада, бидејќи временски, термински гледано сето тоа се случуваше пред оваа Влада да биде избрана, односно пред овие седум месеци откако оваа Влада го има мандатот. Значи прва работа по мое мислење прва карактеристика на денешната расправа е тоа што и мислам од тоа треба да се извлече еден заклучок дека партија, или парламентарна група која навистина сака да руши една влада треба и сериозно да се подготви за тој чин. Се разбира, ако не се работи за некој рутински тренинг, или терање на инает,

Втората карактеристика што по мое мислење може да се извлече како карактеристика на денешната расправа е што во дискусиите на повеќе дискутанти се изнесуваа работи како аргументи во прилог на иницијативата од кои произлегува сознанието, или за елементарно незнаење, непознавање, или за свесно лажење. Така на пример беше во неколку наврати изговорено дека во времетраењето на оваа Влада ограбени се девизните штедачи и направена е пљачка од милијарда долари итн., што е лага, нотoрна лага и за тоа ми се чини дека пратеникот Никола Поповски говореше во својата дискусија. Тоа е наследен проблем и тоа не на оваа Влада, туку и на претходната Влада како што исто така наследен проблем е

и долгот што оваа држава го има спрема надвор и кој што исто така не е мал, занемарлив, туку напротив и поголема тежина од онаа што ја имаме како долг спрема девизните штедачи. Оваа Влада нема ништо заедничко со создавањето на тој проблем, а имаме за жал обврска ни малку лесна да го решаваме тој проблем. И еве како што може да се види во овој период од седум месеци се обидувавме да изнајдеме начини не да го решиме, туку да го ублажиме тој проблем, на пример преку продажбата на општествените станови, или сега преку законот кој што исто така се наоѓа во една парламентарна расправа, веќе во една парламентарна процедура, а тоа е преку деловниот простор. И еве на пример во овие седум месеци ние успеавме да пребиеме или намалиме од девизниот долг спрема штедачите околу 20 0 милиони марки. Што претходните влади направиле, тоа е друга работа околу намалувањето на девизниот долг спрема штедачите. Ние за овие седум месеци тоа успеавме да го направиме. А ако има таков јунак што може исцело да го реши проблемот на долго спрема девизните штедачи во рок од неколку месеци, па јас ќе бидам дури послободен да кажам во рок од година, или две, тогаш јас со задоволство ќе му го отстапам ова место и ќе му честитам и на храброста и на умеењето. Меѓутоа ние предлог за тоа како треба да се реши долгот спрема девизните штедачи ниту сега, ниту во ниедна друга прилика кога за тоа се говорело не сме чуле досега освен што сме слушале тука плачење над судбината на девизните штедачи.

Трета група аргументи кои се однесуваа, коректно се однесуваа на мандатот од седум месеци што оваа Влада го имаше. Така на пример на поле на економски план се повторуваат во неколку дискусии следниве констатации. Беше кажано дека оваа Влада создаде економски колапс, односно економски хаос, дека оваа Влада доведе до пад на животниот стандард, дека оваа Влада доведе до инфлација, дека оваа Влада создаде

сива економија, прелевање на општествената сопственост итн. Сето тоа се изговара како да пред седум месеци Македонија беше дветна градина, како да имаше економска благосостојба, висок стандард, ред и поредок. А што имавме пред седум месеци тогаш кога се бираше оваа Влада дозволете да ве потсетам. Имавме тотална блокада, санкции на север, затворена граница на југ, немаше на елементарна сообраќајна инфраструктура за коридорот исток- запад, меѓународно бевме непризнати, надвор од сите финансиски институции без никаква финансиска поддршка, па дури би рекол и политичка поддршка од надвор со изгубени пазари и се наоѓавме се разбира како што и сега се наоѓаме, а и ќе се наоѓаме во еден подолг временски период во време на транзиција и премин од еден економски и политички систем во друг. Имавме месечна инфлација од 40%,кои беа причините за растурање на антиинфлационата програма мислам дека самите пратеници денеска си дадоа одговор, имавме бран на социјални незадоволства и штрајкови, тоа беше оној силен бран во кој што во период од околу месец дена имавме преку 40 штрајкови. И тоа од сите социјални структури и во сите стопански гранки, бевме во шпицот на енергетската криза кога нафтените енергенти ги делевме на лажиче и кога бројни работни организации мораа да работат со преполовен капацитет, или дури и да престанат со работа заради недостиг на нафтени суровини. Сетете се само на километарските колони пред секоја бензинска пумпа, а тоа беше токму тогаш кога оваа Влада се бираше. Претстоеше сезона на откупи на земјоделските производи, бидејќи овде има повеќе економисти што добро ги владеат работите, знаат дека од секогаш до сега во изминативе години сезоната ва откупи била една од потешките делови од годината, претстоеше зима без заокружени финансиски, енергетски и материјални биланси, со добри изгледи дека зимата ќе ја поминеме со рестрикции со 10 часовни редукции секој втор ден. Имавме и електроенергетска криза. Со

недостиг на лекови, на пченица на низа прехранбени артикли итн. Период кога проценката на Атина и на Белград беше, а и на низа западни аналитичари дека сме готови најмногу за два месеци. Впрочем на некои од соседите тоа им беше намерата, затоа и ги воведоа блокадите спрема Македонија да се фрли Македонија на колена и да се принуди да ги прифати политичките услови што пред неа се поставуваат. Со други зборови господа пратеници тоа беше идеално време да се побегне, да се скрие од одговорноста, да се седи од страна, да се мерка и да се демне шансата, да се плука и да се критикува, а да се нема две чисти да се прифати одговорноста. Случајно или намерно бев еден од учесниците на преговорите и во првиот круг за создавање на Влада кога мандатот беше во рацете на партијата ВМРО-ДПМНЕ. Јас тврдев и тогаш и сега дека ВМРО—ДПМНЕ намерно испостави такви услови за да свесно отиде во опозиција, за да го прави токму тоа што сега го прави и не само ВМРОДПМНЕ туку и некои поединци кои имаа прилика да покажат што знаат и умеат и да ја преземат одговорноста на себе. Меѓутоа, тоа беше проценката велеше дека е најдобро да се тргнеме на страна и да избегаме од одговорноста, жешкиот костен да го оставиме во нечии туѓи раце. Трагедија е по мое мислење на една партија која сака себе си да се нарекува најнационална партија, а и на некои кои што сакаат на овој, или на оној начин да станат национални лидери што во периодот кога се носеа најсудбоносните одлуки на оваа држава и за овој народ седеа од страна чекајќи како лешинари во заседа. Тоа беше случај и со референдумот со кој Република Македонија стана самостојна и суверена држава, тоа беше и со Уставот кој~беше Устав на самостојна и суверена држава, тоа е и сега случај кога Република Македонија стана членка на Организацијата на Обединетите Нации.

Господа, вие можете да говорите што сакате, можете да критикувате колку сакате, меѓутоа неколку факти ќе останат како дел не само од сегашноста, туку и дел од историјата на која што толку често сакате да се повикувате. Оваа Влада и овие луѓе што седат во нејзиниот состав покажаа храброст да ја преземат одговорноста тогаш кога некои други бегаа од власта како од чума. Република Македонија успеа да ја издржи најтешката зима во последниве неколку децении тогаш кога оваа Влада имаше мандат. Република Македонија успеа да ги издржи и санкциите и блокадата тогаш кога оваа Влада имаше мандат. Република Македонија успеа да ја издржи и надмине и нафтената и електро- енергетската криза тогаш кога оваа Влада имаше мандат. За седум месеци оваа Влада успеа да создаде услови да се пребијат 200 милиони марки девизен штеден влог. Оваа Влада успеа значително и перманентно да ги зголемува девизните резерви во најтешки услови, оваа Влада без никаква надворешна помош успева да ја држи инфлацијата под контрола. Оваа Влада за седум месеци предложи 2 02 законски акти пред ова Собрание. Се разбира добар дел од нив се само измени и дополнувања на закон, или како што вие велите фризирање, козметика на старите закони од бившата СФРЈ. Меѓутоа, да немаме илузии дека сите закони и целата законска регулатива ние ќе ја пишуваме од нула, или од почеток, бидејќи таа старата СФРЈ, социјалистичка,ваква, или онаква каква што била членка и на меѓународен монетарен фонд и на Европска банка и на Светска банка и на ЌЕБС и на Обединети Нации и имала голем дел од својата законска регулатива прилагодена на некои меѓународни норми. Ако некој смета дека сето тоа треба да се фрли во вода и ние сега'-од нула ќе почнеме да пишуваме закони, законска регулатива исто така греши. Освен тоа ако говориме за она што вие често пати го нарекувате системски закони што е голема дилема што е системски закон и по Уставот и по Уставниот закон за спроведување на Уставот

можам да ви го кажам следното. Од оваа Влада излезе целиот пакет за конституирање на судската власт. И сега по малку е цинично, или како сакате малициозно да се критикува од една страна Владата зошто не го предлага законот, а од друга страна се прави опструкција во ова Собрание да се донесе законот за судство. Веќе ви е предложен законот за трансформација на општествените претпријатија, царинскиот закон веќе го донесовте, а во процедура пред вас е последната фаза од законот за банките и за кредитно работење со странство. Го имате Предлог-законот за внатрешни работи и Агенцијата со која што и тој сегмент се уредува, законот за сметководство, законот за хартии од вредност, законот за продажба на општествените станови со кој што ние веќе го отпочнавме процесот на трансформација на општествената сопственост. Еве сега во процедура е и законот за продажба на деловен простор и да не ги набројувам и законите од даночната сфера итн. ВО текот на мандатот на оваа Влада Република Македонија ќе стане членка без разлика каков Se биде исходот од гласањето бидејќи веќе утре тоа ќе дојде на дневен ред во законска форма и на меѓународниот монетарен фонд и на Светската банка за обнова и развој и на Европската банка.

И на крајот во текот на мандатот на оваа Влада овој народ, оваа држава стана членка на Обединетите Нации. Оваа Влада обезбеди претседателот на Република Македонија во зградата на Ист Ривер да проговори на македонски јазик, да говори за историјата на овој народ, да го споменува името на Гоце Делчев и неговото мото итн. со што го оствари сонот на низа генерации во претходниот период. Дали е тоа малку, или многу, дали е тоа доволно, или недоволно? Оваа Влада, оваа коалиција нешто направи и нешто зад нас ќе остане. Што за тоа време правеше ВМРО-ДПМНЕ? Ништо. Буквално ништо освен што постојано ставаше

пречки во работењето на Владата и постојано правеше опструкции во овој Парламент било за донесување на закони, било за донесување на одлуки.

На крајот оваа иницијатива не само што е сосема легитимен и демократски чин, туку би рекол и сосема потребен во овој момент. Впрочем ако се сеќавате во експозето што го имав на претходната седница јас и самиот најавив можност за гласање за доверба на Владата, заради тоа што зад нас има значајни настани и заради тоа што пред нас претстојат и те како сложени задачи не само на меѓународен план што се однесува процесот на преговорите со Грција, туку и на внатрешен план, економски, политички итн. Јас мислам дека е сега вистинскиот момент да се утврди дали оваа Влада има легитимитет за сите задачи што и претстојат, или не. Конечниот збор се разбира ќе го кажете вие почитувани пратеници. (Аплауз).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Преминуваме на гласање. Расправата ја завршивме.

Госпоѓата Ратка Димитрова има процедурална забелешка само за гласањето.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Сакам да замолам да ми се објасни по која деловничка одредба се затвара расправа и после се дава збор на премиерот. Зошто ние веќе имавме ваков случај во Собранието и тоа никогаш не било пракса. Тоа е неисправно деловнички да се затвори расправата. Освен тоа јас дигав рака за дискусија бидејќи бев од некои дискусии овде како да кажам предизвикана и не ми дадовте збор. ¥ака•што јас сега не знам ниту во расправа не добив збор, ниту пак сега можам. По која деловничка одредба е тоа возможно?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Седите Ве молам. Првата одредба дека по истекувањето на понеделникот треба овде да се гласа. 24 часот мина и сега треба да се гласа.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Во Деловникот постои член 24, по кој што на пратеникот му дозволено да го објасни своето гласање. Пред гласањето да објасни зошто ќе биде за или зошто против.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прашањето што го поставивте готово е. Напуштете ја говорницата ве молам да објаснам нешто.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Имам 5 минути право.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Напуштете ја говорницата! Тогаш ќе ви објаснам.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Јас молам да ми одговорите моето право можам да го искористам или не.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Напуштете ја говорницата!

Најмалку 15 минути пред истекот на денот должен сум да му дадам збор на премиерот и му дадов збор на премиерот заради тоа што (се слушаат гласови од пратениците). Ве молам тишина. Премиерот има право овде да каже дека врз основа на расправата се убедил дека нема шанса да остане , да речеме има право да каже поднесувам оставка. Тогаш нема гласање. Затоа јас нему морам да му дадам збор. Да се расчисти дали ќе има гласање. Тоа мора да се разјасни. Значи претходно сите што зборуваа

овде, најголем дел се потписници и тие си кажале прво во образложението и во потписот како ќе гласаат и зошто гласаат така. Госпоѓа Димитрова ако не е потписник таа има право да каже како ќе гласа.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Јас мислам дека согласно уставните одредби на членот 92 ставот 6 и•досегашната расправа што е водена во Собранието и исходиштето што досега се случи во овој Парламент, треба да се прекине на гласање, на изјаснување.

Во врска со прашањето на користеше на процедуралното право некој да го каже сопственото мислење дали вака гласал или онака, може да следи но после гласањето на овој Парламент по клучното прашање што е поставено. Според тоа, конкретно мислам дека на госпоѓата Димитрова не треба правото да каже сопствено мислење процедурално како ќе гласа, всушност како гласала, само во услови кога нам како Парламент овде преку ноќ ќе ни се обезбеди да се изјасниме по прашањето онака како што определува Уставот на Република Македонија и Деловникот за работа во овој Парламент.

Според тоа да заклучам. Ние треба да се изјасниме по прашањето за доверба на Владата на Република Македонија, а после кој сака процедурално може да го образложи својот став.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам тоа ќе го оставите јас да го водам. Оној кој не потпишал и кој не зборел и не се искажал овде....

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, би го замолила претседателот на Собранието да ми го цитира членот од деловникот за работа на Собранието според кое што предлага оној кој што не е потпишан во иницијативата за доверба на

Владата дека нема право да го искаже своето мислење зошто ќе гласа за и против доверба на Владата. Кажете ми во кој член пишува нешто такво.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Напуштете ја говорницата. Сега ќе ви објаснам.

Членот 124 дава право и има логика (дофрлувања од пратениците).Тоа вие читале си го дома. Досега би требало да го прочитате. Членот 124 дава право на оној кој не се изјаснил, ниту како ќе гласа, ниту зошто така ќе гласа, да дојде овде за пет минути да каже, како ќе гласа и зошто ќе гласа. Затоа стои тој член.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Би ве замолила на прашањето што ако некој од пратениците, независно е од позиција или опозиција кој што дискутирал по точката на дневниот ред, ако во текот на расправата го променил мислењето, како ќе му овозможите да го образложи својот начин на гласање.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Луѓе, ние можеме да водиме инат колку сакаме. Членот 124 гласи: "Делегат односно пратеник има право пред гласање, а не некој да гласа, па после да образложува. Овде може да им текне што сакаат да им текне да прават. Да го објасни својот глас. Ова образложение не може да трае повеќе од пет минути. Јас незнам што и до кога ние ќе се служиме со насилие овдека.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Што ме натера да излезам. Најтешко секогаш кога гледам говорници кои немаат свој граѓански автентичен став, кои што зборуваат без смисла за зборување, кои што манипулираат и кои што прават конструкции. Јас не можам да одговорам на се што беше тука кажано, но можам со сигурност да тврдам три работи.

Прво, дека Уставот пропишува за иницијатива на промена на Устав, гласање две третини, не пропишува дека туѓи држави можат да имаат иницијатива за промена на Уставот. Членот на Уставната комисија кажува дека фактот што поради заканите од страна на Грција, Меѓународната заедница ја повредува процедурата и воопшто прифатените принципи за прием на државите во ОН, не е знак за нашите официјални претставници да ги прифаќаат тие повреди и да паѓаат во заплетите кои од грчка страна се однапред пресметани за постигнување на одредени цели. Тој факт треба да биде знак за македонската страна да ги постави своите услови за идните односи со Грција. Значи Владата го прекрши Уставот. Тоа е факт, вистината кој што не може никој со никаква техника да ја порече. Вториот факт овде имам документ дека на 6 јануари од портпаролот на ОН и Советот за безбедност се запрашани дали македонската молба во ОН одговорено на англиски јазик дека сеуште официјална молба нема. Тоа е вториот факт дека вистината е избркана од салата 1 на Собранието.

Третиот факт се темели на документот на Владата од 15 декември. Потпишан е претседателот Црвенковски и кажува дека не можат силите на УМПРОФОР да дојдат, додека не биде договорот ратификуван од Собранието и укажува на членови од Уставот. Тој е исто така прекршен. Тоа се три работи. Вистината е избркана од нашава сала.

Јас имав овде и други работи да кажам, но претседателот не ми даде збор на претседателот за малцинствата. За малцинствата што за жал овде не се зборува. Не се зборуваше многу години наназад. Беше недостојно да се спомне нашето малцинство во Грција, нашето малцинство во Србија. Единствено за малцинството во Дупарија се зборуваше. Со ова прифаќање на името. Ние ги погребавме нашите малцинства. Ние југословенските македонци од бивша Југославија ги погребавме нашите малцинства. А со општата повреда на правата на мнозинскиот народ, ние правиме тоа што

македонците од Западна Македонија да се пишуваат и албанци и срби и черќези, зашто не се заштитени. Тие од Западна Македонија и муслиманите- македонци. Сакав да укажам на еден симптом на хаотично општество. Тој симптом беше пледоаето за уметничко творење. Ако е слободно уметничко творење, претставата која што ја имавме во Струмица, јас не сум за забрана, но како уметник и граѓанин на оваа земја длабоко сум засрамена од голиот егзибиционизам кој што требаше да оди под плашт на уметност. Тоа беше еден обичен политички памфлет кој што длабоко ја навредува културата, традицијата и чувството за уметност на овој народ, ако се работеше за тоа пледоаје, за слободно творење, тогаш моето мислење....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ви поминаа вашите пет минути.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Ќе гласам против ваков генератор на невистината и беззаконието во нашата држава.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, не мислев да се јавам, јас навистина кажав што мислев да кажам во своето образложение околу иницијативата, меѓутоа, една работа тешко ме погоди кога господинот премиер употреби термин лешинари.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Расправата заврши.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине претседателе, дозволете ми јас сакам да кажам зошто ќе гласам против оваа влада.

Господине претседателе, јас никого не псујам, и од моја уста нема да биде никој лешинар. Јас ќе кажам она што ме пече.

Сакам да кажам дека претседателот на Владата говори за извори на зголемување на девизните резерви. Зошто нема да гласам? Ова не е вистина. Вистината е одземање на девизни средства на нашите граѓани. Ако е тоа основа за извор, алал да и е на Владата.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас се извинувам ова е втор пат како ќе интервенирам и повеќе нема да интервенирам во врска со деловничката расправа. Јас пред малку кога излегов на говорницата мислев сериозно, имајќи го во вид член 92 кај што ставот 4 вика дека гласањето за доверба на Владата се врши по истекот на три дена од поставување на прашањето за доверба. Сакам да кажам дека одредбата на ставот 4 на членот 92 е императивна и одредбата што се чита од членот 124 од Деловникот за работа е во спротивност на некој начин со оваа одредба. Во таков случај правниците знаат дека се применува уставната одредба. Затоа ме чуди што на некој начин и работното претседателство, а и овде некои пратеници го толкуваат членот 124 на начин во случај кој се однесува на разработка на Уставот, 1974 година за работа на собранискиот систем, треба да се примени во оваа прилика.

Второто прашање во врска на поткрепа на примена на одредбата од ставот 4 на членот 92 од Уставот на Република Македонија, ако сите пратеници овде 120 го користат правото по пет минути да образложуваат зад оваа говорница повторно на кој начин и зошто така ќе гласаат, а притоа Владата и претседателот на Владата го акцептираат правото да одговараат на тие дискусии, согласно истиот деловник кој тука беше цитиран, тоа излегува дека во секој случај може да се дезавуира уставната одредба од ставот 4 на член 92 и Владата која е заинтересирана да направи опструкција на предлогот за изгласување доверба односно недоверба може

до максимум да ги користи деловничките одредби. Затоа оваа одредба од членот 92 од ставот 4 го обезбедува тоа. Прво, обезбедува да се води расправа од почетокот на иницијативата за три дена овде во оваа сала, а понатаму да се гласа, да не може да се прави опструкција до бескрај.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Премногу е долга интервенцијата.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Интервенцијата е предолга господине претседателе од причини што Вие сте нервозни во оваа ситуација, што покажавте и при првата моја интервенција дека не сакавте да го акцептирате и да го читате Уставот на начин на кој што е напишан.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немале гајле. Точно така го цитирам и го читам како што треба.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Користењето на уставното право пратеникот да се изјасни во врска со гласањето за и против почива врз соодносот и базата на про и контра. Доколку од една страна се јавуваат двајца да оправдаат за, треба од спротивната страна против двајца, со краен резултат било на која страна еден плус. Значи, оди еден:еден, завршува било од која страна, а никако не се дозволува од еден табор за двајца, а против никој. Ова е една процедура која треба да се почитува...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не ве разбирам.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Ова е една процедура која треба да се почитува и тука не може да има никаква опструкција. Тоа сакав да кажам.

Инаку, претседателот и мене не ме виде, но јас не се лутам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, преминуваме на гласање.

(негодување од страна на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ)

Што е сега.

Ајде, уште господинот Луловски да го чуеме.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници.

Мислам дека имам право, иако сум потписник, еден од тие 25 потписници и јас сум, но мислам за ова време го изменив моето мислење, би гласал за Владата, доверба на Влада, но незнам за која Влада, сега се прашувам.

Настапот на претседателот на Владата, со рацете во џеб со лешинари итн., мислам не доликува на еден претседател на Влада да ги нарекува во овој случај се идентификуваат само Македонците лешинари. Ве молам, сигурно имаме лешинари кои се распрчкани низ целиот свет, кои немаат можност да си го кажат своето и да доживеат да седнат во овој Парламент и да си го кажат тоа што го мислат. Но, таму каде работат, во Соединетите Држави и те како придонесуваат повеќе од ние што мислиме тука.

И, ве молам, не се зборува во името на еден народ. Ако ние нашите деца ги учевме до сега како се боревме да се ослободиме од Турците 500 години , како се боревме да се ослободиме од фашистичката окупација , никој до сега не ни кажа како да се ослободиме од Македонија, од Македонците. Жалосно, така дојде ситуацијата.

Се делиме. Само тоа покажува дека делбата на Македонците дури сега започнува. Се заострува уште повеќе. Имав можност да слушам некои позади мене таму итн. Бидете сигурни тоа го кажувам искрено. Но, цело време претседателот да ми стои со рака во џеб и се обраќа, ве молам, јас неколку години работам како професор, со рака во џеб не сум седел никогаш пред учениците.

Да ми прости претседателот, тоа имам само да ви кажам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, преминуваме на гласање.

(пратениците на ВМРО-ДПМНЕ повторно реагираат и бараат збор)

Ајде повторно господин Бошков да го чуеме.

Само, господин Бошков е потпишан.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Не, Јордан Бошков не е потпишан. Тоа е начелно.

Инаку, јас барав збор и во расправата да учествувам малку, онака, според моите можности...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во расправата не можете да учествувате, расправата е завршена.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас знам за тоа. За жал, расправата си заврши во некаков рок. Мислам дека тераме веројатно атински манири. ВО ред е тоа се.

Јас сакам да знам за процедурата како ќе тече понатаму? Кое прашање ќе уследи? Мислам, сценариото не треба да биде скришно. Дали ќе се гласа на исти начин како што се гласаше за претходната Влада или сега ќе се гласа обратно. Мене тоа би ме интересирало.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе ви кажам како ќе се гласа кога ќе ви прочитам. Тогаш.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Во ред, ако е според Уставот, тогаш е прифатливо. Меѓутоа, од тоа што јас слушнав, не звучеше многу уверливо, па затоа мислам дека е поволно да чујам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не можеме да гласаме како минатиот пат затоа што после тоа гласање ни ставија сериозни забелешки дека треба да се стави на гласање (бурни реакции од страна на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ) молам,

тишина, да се стави на гласање само, за тоа не дискутираме, не (од страна на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ има гласни барања да се постави прашањето и да се гласа за прашањето за доверба на Владата).

Не, господа. Нема.

Преминуваме на гласање.

Кој е за тоа (бурни извици од страна на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ)

Ништо, нема, тишина!

(Пратениците на ВМРО-ДПМНЕ се станати)

Само седнете си сега. Никој немаше процедурално ништо.

Минуваме на гласање.

(Пратениците на ВМРО-ДПМНЕ и поедини независни пратеници извикуваат дека тоа не може)

Како тоа не може. Јас кажувам дали може или не може.

Не, не! Тишина!.

Вие господо покренувате прашаше на доверба а нејќете да се гласа. Така ли?

(Бурни реакции од страна на пратениците на ВМРОДПМНЕ и поедини незавсини пратеници).

Така ли? Ако сакате, повелете.

Молам, кој е за тоа да и се изгласа недоверба на Владата, молам да крене рака?

(Во сала настана страшна галама)

Молам да крене рака?

Кој е за тоа на Владата ( пратениците на ВМРОДПМНЕ и поедини независни пратеници бурно реагираат со станување од место и гласано извикување).

Тишина, тишина.

Секретарот ќе ви каже како е.

(реакции во смисла дека порано било поинаку гласањето)

Да, да, да. Сега вака, затоа што тогаш правниците не критикуваа после тоа. Затоа. Ете затоа. Токму затоа.

Сега ќе ви објасни секретарот.

Резултатот е ист, било како да се гласа. Се е исто. Исто е да знаете. Резултатот ви е ист. Само тишина.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

Почитувани пратеници,....

(галамата не стивнува во салата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Луѓето гласаат по политичко убедување а не дали е ова прашање, но, повелете секретаре.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

Жал ми е што во ваква наелектризирана атмосфера, политичка треба да говорам за прашање што е стручно, а сепак е политички имплицирано. Меѓутоа, ќе се обидам, бидејќи сте заморени, да бидам сосема краток и да покажам не колку сум јас јасен, туку колку е Уставот јасен по ова прашање.

Во членот 92 се уредува прашањето за поставуваше прашање доверба на Владата како институт во односите помеѓу Собранието и Владата, во односите на поделбата на власта.

Во ставовите 2 и 3 го утврдува институтот на поставување на прашањето на доверба на Владата од страна најмалку 20 пратеници, Меѓутоа, тука утврдува каков е институтот, меѓутоа не го решава обликот на кој се одлучува за кредибилитетот на Владата пред Собранието.

Членот 92, последниот став, точно утврдува како се одредува, на кој начин и каде се лоцира гласањето за прашањето на довербата на Владата како институт и во него е изрично кажано "Одлуката за изгласуваше недоверба на Владата се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Ако на Владата и е изгласана недоверба Владата е должна да поднесе оставка."

Натаму, во членот 93, ставот 5 од Уставот исто така правните последици се утврдуваат за недоверба на Владата, а не од гласање за доверба. Таму стои "Владата на која и е изгласана недоверба, понатаму која поднела оставка или и престанал мандатот поради распуштање останува на должност до изборот на нова Влада. Никаде во овие два членови а само во овие два членови се утврдува прашањето за поставување на прашањето за доверба на Владата нема да најдеме одредба со која се утврдува гласаше за доверба на Владата, односно потребно мнозинство со кое се изгласува доверба на Владата. Довербата на Владата е изгласана со денот на изборот на Владата. Прашањето на поставување на доверба, како институт во Уставот се решава со одговор на прашањето дали Владата ја има сеуште таа доверба или не.

Гласањето за доверба не е повторен избор на новата Влада, па повторно гласање за Владата со 61 глас, туку се гласа за тоа дали нејзе довербата и останува. А, довербата ќе и остане ако нема 61 гласа со кој би се изгласала недоверба.

(Реакции од страна на поедини пратеници)

Дозволете ми да завршам.

Мислам дека, да ви направам една споредба, ако сте избран на одредена функција, утре, кога се расправа за довербата, за довербата спрема вас како функционер, не се гласа повторно за вашиот избор, туку се

гласа за вашето разрешување. Довербата секогаш стои. Таа не се потврдува во уставниот наш концепт. Се гласа само за тоа дали довербата е изгубена.

Јас на овој пример што порано сте го имале и сме го имале ние како Република, на дупло гласање за довербата на поранешната Влада ќе покажам, ќе ми извинете, меѓутоа едно во крајна линија апсурдно решение. Се гласало прво за тоа кој е за доверба на Владата и се добиени два гласа. Меѓутоа, тоа сеуште, според Уставот не значи дека на Владата и е изгласана недоверба. Според тоа, таа одлука со која се гласало за прашањето: Кој е за доверба на Владата нема никакво правно дејство, нема никакви правни последици.

Затоа, Собранието кога тоа гласање нема никаков резултат, морало да отиде по член 94 да гласа за недоверба, кое што единствено како одлука има правни последици, во смисла на Уставот. А овде, / без оглед колку се политички .имплицирани овие прашања, се зборува за тоа што е според Уставот правен основ за да се изгласа недоверба на Владата и од тоа да има правни последици.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа, процедурална интервенција бара господин Никола Крстески.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Даденото образложение, прво е спротивно на Уставот и сосема нелогично само против себе.

Прво, тргнуваме од иницијативата. Јасно си стои, член 92, прашањето за доверба се поставува. Тоа е спротивно на кажувањето

Самиот предлог на пратениците потпишани вели да го поставиме прашањето на доверба.

Под услов вака како што наведува секретарот, по мислењето, прво да гласаме дека е крив а после кога ќе го осудиме после не можеме да го направиме прав. Прво, е прашањето на довербата под услов ако се гласа прво временски за недоверба, ако ние изгласаме нема доволен за недоверба, нема да ги имаме наредните податоци кој бил за доверба, кој бил воздржан. Оти, по нашиот Деловник престигнуваме ако за еден закон немаме, велиме ако немаме потребно мнозинство понатаму не не интересираат против и воздржани. Меѓутоа, во секоја, дури и соседна држава со послаба демократија извештајот вели во постапката за доверба имаме толку за доверба, толку воздржани и толку против. Од редоследот на секретарот не може да се најде тој резултат . Ова е доверба, така си е поставено.

Меѓутоа, конечно, кога ќе заврши гласањето, кога е изведен заклучок, дека не е изгласана доверба, ние еден вид и самиот претседател вели имав своја волја, идеја, да се проверам пред вас да ја ставам довербата, а не дали има, дека немам доверба.

Да не се оддалечуваме,сосема логично, секој текст, Иницијативата бара за доверба. Предлогот бара за доверба. Треба да се гласа кој е за прашањето, како што стои кој е за доверба на Владата. Потоа, кој е против, па кој е воздржан, да имаме целосен резултат. Сосема е нелогично спротивно изложеното.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, само да ви кажам еден пример. Да, да, во оваа сала.

Тогаш прво прашавме за таа Влада кој е за доверба на Владата. Точно. И тогаш, дигнаа рака само двајца. На Владата не и изгласаа доверба.

Меѓутоа, тоа не беше доволно. По уставот тоа нема консеквенции. Мораше да се гласа за недоверба. Фактички, за недоверба.

Кој е за недоверба на Владата, па затоа се гласаше, па имаше 91 глас. Инаку, само со двајца за доверба на Владата, се разбира Владата нема доверба. Но, по Уставот не може да падне.

Затоа ве молам, господине Спировски уште еднаш објаснете.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

Само сакам да поставам еден пример кој доволно јасно говори за апсурдноста на дуплото гласање за доверба и за недоверба на Владата.

Ние можеме да замислите овде ситуација од 100 пратеници и да замислиме да го ставиме прашањето за доверба на Владата. За тоа прашање да гласаат 50 пратеници. Според тоа, нема 61, а никаде не е, како што реков пред малку, ни предвидено со колку гласови со гласа довербата. Според тоа, нема доверба.

А, да го поставиме повторно прашањето за недоверба, па таму да ги добиеме преостанатите 50 гласови, резултатот би бил значи нема недоверба...

(довикнување од место)

Според тоа Владата ... Не, тоа е манипулацијата со Уставот ако не се оди по Уставот и ако се гласа според тоа како изгледа дека е покорисно.

Мене совршено не ме интересира резултатот од гласањето. Јас сакам да останам чист во оваа работа.

Меѓутоа, за мислете ја ситуацијата што сега ја реков и ќе видите две гласања без никаков резултат во една иста поставка.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека секретарот нешто објасни меѓутоа не објасни ставот 4 на членот 92. Ги измеша работите во смисла дека нашето барање се поднесува за доверба на Владата, а не е прашање

за недоверба на Владата. Според тоа, ставот 4 на членот 92 од Уставот зборува гласање за доверба на Владата. Треба да ни се објасни во која ситуација ќе се гласа за доверба на Владата, а во која ситуација ќе се гласа за недоверба на Владата.

Оттука сметам дека она што го рече претседателот на Собранието дека е направена грешка, наводно, примедби се сторени за начинот на рушењето на Владата на господинот Никола Кљусев, јасно дава за право дека во случајот Парламентот веќе утврдил правило на однесување и во дадениот случај треба да го почитува тоа што еднаш е утврдено како такво.

(Галама во салата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, тишина.

Има збор господин Гроздановски.

**ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ:**

Почитувано Собрание, на оваа седница, дневниот ред е од 12 април 1993 година , прва точка на дневен ред прашање за доверба на Владата на РМ.

На 44-та седница на Собранието на РМ, одржана на 7 јули 1992 година, точка на дневен ред, од Записникот читам прашање за доверба на Владата на Република Македонија. Апсолутно иста коинциденција.

Е сега, што е битно? Од стенограмите што следи?

Господинот претседател на Собранието Стојан Андов, а го имавме овој Устав од ланската година, прашува:

"Молам, дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Минуваме на гласање.

Прашувам, кој е за тоа да и се даде доверба на Владата, молам да крене рака".

Потоа следи госпоѓа Билјана Лазаревска, интервенција и потоа господинот претседател Стојан Андов...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прочитале ја интервенцијата.

**ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ:**

Господинот Стојан Андов објаснува ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, прочитале ја интервенцијата.

**ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ:**

Се поставуваат три прашања...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, интервенцијата на госпоѓа Лазаревска.

**ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ:**

Да. Бидејќи иницијативата гласи изгласување на доверба на Владата...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде господине Гроздановски читале ја нејзината интервенциј .

**ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ:**

Прво сте вие, па потоа е госпоѓа Билјана Лазаревска.

"Бидејќи иницијативата гласи изгласување на недоверба на Владата, прашањето сметам дека треба да биде поинаку поставено. Да не се олеснува совеста на пратениците што ќе гласаат.

Прашањето треба да гласи кој е за тоа на Владата да и се изгласа недоверба".

Потоа стои претседателот на Собранието Стојан Андов:

"Се поставуваат три прашање',' како е во стенограмот.

"Ова е составено врз основа на определбата1,1 на која определба и мене не ми е јасно, но така е во стенограмот, "и советот на правниците". Потоа се оди на гласање по тој редослед како е на таа седница договорено:

"Кој е за тоа да и се даде доверба на Владата, молам да крене рака" па оди онаа објаснета процедура.

"Кој е за тоа да не и се даде доверба на Владата, молам да крене рака", овде е истата процедура.

"Дали некој се воздржува рд гласање", а понатаму се констатира дека Собранието изгласало недоверба или доверба на Владата на Република Македонија. Значи, имавме една пракса во ова Собрание, гласавме за една Влада на таков начин и не гледам ниту една причина зошто не би постапиле на истиот начин.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Па, токму тоа ви го објаснував. Се потпрев на толкувањето на правниците. Покажаа дека тоа не е добро. Имаме правници кои така го разјаснија сега.

Ве молам, тишина, тишина.

Добро, уште господин Спировски.

**ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ:**

Чисто процедурално господа. Предмет на расправа на денешната седница е прашањето за доверба на Владата. Владата ја ужива довербата од коалиционите партнери кои треба да го обезбедат токму потребното мнозинство. Тие се присутни тука. Јас само ќе кажам едно и ќе го замолам господинот претседател да го прочита дневниот ред, точката на дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, тоа е напишано, вие ја знаете.

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, минуваме на гласање.

Видете, вие навистина сакате на сила да ме натерате да постапам како вие што мислите. Добро ви објасни секретарот дека не може така. (Негодување во салата). Така не може. Тоа е. Молам, тишина.

Минуваме на гласање.

Кој е за тоа да и се изгласа недоверба на Владата, молам да крене рака? (Негодување и аплауз).

Ве молам избројте ги гласовите.

Кој е за тоа да и се изгласа недоверба на Владата, молам да крене рака? Ве молам избројте ги гласовите.

Значи нема никој.

Дали е некој против? (63) 6

3 пратеници се против.

Молам, кој се воздржал од гласање? (3).

Тројца пратеници се воздржале од гласање.

Констатирам дека Собранието не и изгласа недоверба на Владата на Република Македонија. (Негодуваше и аплауз).

Ве молам една забелешка сака да каже господинот Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Согласно Деловникот по кој работи ова Собрание се уште се сомневам во гласањето и барам поединечно гласање.

Барам поддршка од десет пратеника.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има десет пратеника? (Има)

Го молам секретарот да излезе со список и да гласаме поединечно.

Ги молам пратениците сите да останат во салата. Ве молам нека влезат сите пратеници да не ги собираме после.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

(Некој од пратениците бараше од секретарот да го каже начинот на гласањето.

Кој е за тоа да и се изгласа недоверба на Владата?

1. ФАИК АБДИ, против
2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА, против
3. ЕШРЕФ АЛИЈУ, против
4. ХАМИТ АЛИУ, против
5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ, За
6. СТОЈАН АНДОВ, против
7. ТИМЕ АНДОНОВ, против
8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ, Не е тука
9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ, не е тука

Ве молам претседателе, минатиот пат имаше двајца кои одбија да гласат. Меѓутоа, деловнички е за, против или воздржан. Според тоа ќе се смета дека не се во салата. Значи за неприсутни нема да се сметаат во вкупниот број.

10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ, не гласа, односно не е тука
11.ДРАГИ АРСОВ, не гласа, односно не е тука
12. БРАНКО АРСОВСКИ,против
13. ДУШКО АРСОВСКИ, против
14. ГОРГИ БОЈКОВСКИ, против
15. ЈОРДАН БОШКОВ, не е тука
16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ, не е тука
17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ, отсутен
18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ, воздржан
19. ПЕТАР ГОШЕВ, воздржан
20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ, Не е тука
21. САНДЕ ДАВЧЕВ, против
22. РАТКА ДИМИТРОВА, не е тука, односно одбива да гласа
23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ, против
24. ТОДОР ДИМОВ, против
25.ДОСТА ДИМОВСКА, одбива да гласа, како да не е тука
26. БОРКО ГОРЧЕСКИ, одбива да гласа
27. ДУШКО ГОРЃЕСКИ, не е тука
28. ПЕТАР ГОРГИЕВ, против
29. ЗУДИ ЕМИНИ, против
30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ, против

нд

31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ,одбива да гласа
32. НАСЕР ЗИБЕРИ , против
33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ, против
34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ , против
35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ, одбива да гласа
36. ИВАН ИВАНОВ , против
37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ , отсутен
38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ, отсутен
39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ , против
40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ , одбива да гласа
41. РИСТО ЈОВАНОВ , одбива да гласа
42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ, одбива да гласа
43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ , против
44. ТАШКО КИРОВ, не е тука
45. ЗОРАН КИТЕВ, одбива да гласа
46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ, одбива да гласа
47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ, против
48. ГОРГИ КОТЕВСКИ, одбива да гласа
49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ, против
50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ, одбива да гласа
51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА, отсутна
52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ, не е тука
53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ, одбива да гласа
54. ЕФТИМ МАНЕВ, воздржан
55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ, отсутен
56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА, отсутна
57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ, против
58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ, против
59. СТРАШО МИЛКОВСКИ, против
60. ПАНЧО МИНОВ, против
61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ, отсутен
62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ, отсутен
63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ, против
64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ, против
65. АВДИ МУРТЕЗАНИ, против

66. НАИФ МУСТАФА , отсутен
67. ПАНЧЕ НАСЕЕЈ против
68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ , против
69. СИМОН НАУМО.СКИ , против
70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ , одбива да гласа
71. ЈОВАН НИКОЛОВ , против
72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ , против
73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ , за
74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ , против
75. ТИТО ПЕТКОВСКИ , против
76. ТОДОР ПЕТРОВ , не е тука
77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ , не е тука
78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ , против
79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ , против
80. КИРО ПОПОВСКИ , против
81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ , против
82. НИКОЛА ПОПОВСКИ , против
83. ШАБАН ПРЕВАЛА , против
84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ , отсутен
85. ИСМЕТ РАМАДАНИ , отсутен
86. ИВАН РАМБАБОВ , против
87. ШУКРИ РАХИМИ , против
88. ФЕРИД САДИКУ, против
89. НЕИМ СЕЛМАНИ , отсутен
90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ , против
91. АЦО СПИРОВСКИ, одбива да гласа
92. РИСТО СТАМЕНОВ , отсутен
93. РИСТО СТАНКОВСКИ , против
94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ , одбива да гласа
95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА , против
96. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ , против
97. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ , против
98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ , одбива да гласа
99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ , одбива да гласа
100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ , против
101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ , против

102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ , отсутен
103. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ , за
104. БЛАГОЈ ТОШЕВ, не е тука
105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ, против
106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ, за
107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ, против
108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ, одбива да гласа
109. АГИМ ФАЗЛИУ, против
110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ , одбива да гласа-
111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ , воздржан
112. АБДУРА^МАН ХАЛИТИ , против
113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ , против
114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ, против
115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ , против
116. НЕЏАТИ { ЏАФЕРИ, против
117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ , против
118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ , против
119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ , воздржан
120. ХИСНИ ШАКИРИ , против

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во гласањето за недоверба на Владата 4 пратеника гласале "за", 64 пратеника гласале "против недовербата" и 4 пратеника се "воздржале од гласање".

Вкупно гласале 72 пратеника.

И честитам на Владата.

Аплауз.

Со ова ја завршувам 59-тата седница на Собранието на Република Македонија, а утре во 12,00 часот почнуваме со 60-тата седница. Сите добивте покана.

(Седницата  заврши во 01.05 часот).